СПИСАНИЕ ЗА КНИЖЕВНОСТ, УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

РАСТ

Број 24/ 2021

РАСТ

Списание за книжевност, уметност и култура

Број 24

Р А С Т

СПИСАНИЕ ЗА КНИЖЕВНОСТ, УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

Издавач:
Битолски книжевен круг – Битола

За издавачот
Елизабета Јончиќ, претседател

Редакција:
проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска,
главен и одговорен уредник
Елизабета Јончиќ, уредник
Милица Димитријовска-Радевска, уредник

Мислењата што се изразени во „Раст“ им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на редакцијата и на Битолскиот книжевен круг-Битола.

ISSN 1409 – 9330
УДК 82+7+008
Број 24
Битола, октомври 2021 г.

Е-маил:
rastbkk@gmail.com

Списанието „Раст“ излегува со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Северна Македонија

РАСТ – списание за книжевност, уметност и култура 24/2021

GROWTH

JOURNAL OF LITERATURE, ART AND CULTURE

No. 24

GROWTH

JOURNAL OF LITERATURE, ART AND CULTURE

Publisher:
Association of Writers “Bitola Literary Circle” - Bitola

About the publisher:
Elizabeta Jonchikj, president

Editorial:
Full prof. d-r Daniela Andonovska-Trajkovska, editor in chief,
Elizabeta Jonchikj, editor
Milica Dimitrijovska-Radevska, editor

Opinions and views expressed in „Growth“ belong to the authors and do not reflect the views of the Editorial board, the Publisher or the Ministry of Culture of Republic of North Macedonia

ISSN 1409 – 9330
UDC 82+7+008
Vol. 24
Bitola, October 2021 г.

E-mail:
rastbkk@gmail.com

This issue of the Journal is financially supported by the Ministry of Culture of Republic of North Macedonia

ПОЕЗИЈА

Борче ПАНОВ

УДК 821.163.3-1

Медуза на воздишката

Како да се изрече сето тоа
поради кое се скаменува здивот
пред медузата на воздишката

многумина го изговарале и гореле на кладите
задавени со гајтан од вжарени искри

и кога со љубов го изговарале
помеѓу острите слогови на омразата
со глогова круна на глава
им ја покажувале голготата на љубовта

каква ли е таа небесна војна на земјата
во која смртта е единствен компромис
помеѓу Господ и Луцифер

вистината никогаш не се изговара целосно
секое скриено делче од неа е убиство
што како вирус ти го сопира дишењето

како да се изрече сето тоа
поради кое се скаменува здивот
пред медузата на воздишката

само еден атом човечка алчност разградува
100 000 молекули озон и ја шири дупката
што нѐ соголува пред вселената

истовремено гориме на два огна

и само тенката плацента на матката на милоста
нѐ дели од пепелта во која неповратно ќе се вратиме

светот го направивме филмска индустрија
во која војните се филмчиња
што ги вртиме на кабловските телевизии
како руски рулет на нашите слепоочници

во еден миг студениот клик на шаржерот
ќе ни го покаже ликот на сите наши хорори
дека сме јагне среде волците што сме ги хранеле
повеќе од верниот пес на нашата сушност

ова е свет на диктатори, убијци и измамници
на генетски лаборатории на смртта и алчни индустрии
ова е свет во кој слободата е дисидент на умот

cogito, ergo sum и поет и македонец во ова време
со рошомонската вистина во која никој не е виновен
дека ни Cogito, ни ergo sum

но како да се изрече сето тоа
поради кое се скаменува здивот
пред медузата на воздишката Боже

Ти го кажа предавството твое уште пред да те убијат
мигновен биди грч на усниве мои и кажи ми
како да не се скаменам од кажаното

БЕСКОНЕЧНО УЛИШТЕ

една бела роза ти лази до сонот
а ти топла како клопче мачка

дождот тежи
го дувам духот мој во здивот твој
како адреса на еден слеп миг
врз кој седнала планината
како ракопис кој те допира со буквите како со прсти

мојот јазик е подвижно бесконечно улиште
од чујни и нечујни зборови
нѐ спојува и смртта
како точен ветар што дува од несониците
додека се лизгаме по долгиот пат на сеќавањето

некогаш земјата мислеше без богови
потоа боговите ни ја донесоа апокалипсата
денес останавме и без јавачи и без пеколни коњи
и пак исчезнуваме

ќе бидеме ли и ние како ѕвезден зодијак
од дамна изгаснати светови
со кои се препознававме

околу трепезата пак седат маски и насмевки
насреде - тишината го гризнала
препеченото јаболко на гревот
а камелеонот го помести
твоето уплашено око во црешите сепак
модриците под кожата
поминуваат како облаци на детството
син ми ќе стане татко
а јас босного дете

ТОА ШТО ГОСПОД ГО ГЛЕДА

додека бесшумно чекориш по ѕидовите
и танцуваш околу главата моја
грми ноќта
и одеднаш за миг
како опашка на паун се шири светлината
и со илјада очи до најтенките капилари
нѐ погледнува љубовта
а ти ми велиш
дека тоа што Господ го гледа
ние ќе го слушнеме
како грмотевица по блесокот

додека бесшумно чекориш по ѕидовите
еден Сизиф во мене
на врвот ја остава тежината
и долу со огнот ја совладува гравитацијата
со која го туркав каменот на стравот

има еден збор што сал за миг
како опашка од паун ќе ја рашири светлината
до најтенките наши капилари
за да светиме во ноќта
и за миг да го видиме сето тоа
поради што Господ го создаде светот

Раде СИЉАН

УДК 821.163.3-1

Сами на векот

Некој во свеста ни се всели
И со усните наши
Друга песна пее

Сега сами останавме на векот
Да ја бараме нашата ѕвезда
Но животот станува тенка преѓа

Низ ридје и долини
До границата на лудоста
Ќе минеме долг пат

И како заталкани номади
Ќе се скриеме во молкот
На небесната празнина

НЕПОЗНАТА ГЛАВА

Како бледа сенка
По мене долго ита
Непозната глава

Има очи и на тилот
Начулени уши
И уста што моли

Тоа е заскитан патник
Од утробата што се дели
Судбината ми вели

НЕОБИЧНА ИГРА ИЛИ РЕАЛНА СЛИКА

Човекот на нашето време
На исток ја бара својата глава
И на ѓердан од надежи
Ги реди своите години

На запад патува неговата сенка
Долг е патот до ветените идеали
Болно устата му вели

На север се моли за својата кожа
И во свилена одежда
Крие сѐ што е свето и проклето

Човекот на нашето време
На југ ги остава своите очи
Да пливаат за навек
Во солзи на длабоко море

НЕКОЕ ДРУГО ВРЕМЕ

Судбината ни вели
Нема бунар што ќе ги збере
Солзите на нашето племе

И маглата на утринското јаве
Нема да ги скрие
Раните на нашето глуво семе

Во некое друго бојно поле
Забесто сонце ќе ги згрее
Нашите побелени глави

ПРОДАВАЧИ НА МАГЛА

Во престапни години
Менуваме рог за свеќа
И ѕиркаме кришум
Кон запалените фенери на ноќта
За да ги препознаеме подобро
Жените што гувеат пред боговите

Во години глуви
Со чедни мисли
Градиме кули од ветер

Со бајати мисли
Талкаме по патот на облаците
И сонуваме зелени гори

Во налудничави години
Со приказни и легенди
Одврзуваме стари јазли
И бараме лековити води
А не знаеме кој пат води
Кон подземните одаи

КРТ

Од зраците на сонцето
Дење се крие
Во нивата ровка
Плуг за неорана нива
Уста полна земја
На темнината рожба
Таен чувар
На забранета одаја

Весна АЦЕВСКА

УДК 821.163.3-1

Слика од хаосот

Не мора тој да е разгорен оган
пламнат од планетните штитови.
Не мора да е вулкан што рига лава,
небаре здивен разуздан змеј.

Може да е гостољубив град
со сончев блескот на улиците,
со клокотлива врева што се крева
до памучните сплавови на сводот.

Им велам на светите апостоли
каде се топлиот леб, петте риби
на пазарот што е во итра итаница
и ги брои без престан сребрениците,
зашто стадото ги чека пастирите
насмеани да се симнат од билбордите.

НЕ Е НАШЕ

Она што нѐ опкружува не е наше,
тое е имот на нелепиот хаос,
го чека тој своето вистинско време
додека дреме во секојдневието
и ја слуша на штурецот свирката,
под око ги гледа мравите
што влечат од ваму и таму
ѕвездени зрна во амбарите
подземни, суви дури не нарасне
стерната, неговата најмила сестра.

НА ПРАГОТ

Онаму каде што се преплетуваат
јавето и сонот, мирисот и чадот,
каде што зоврива надежта
сред вселенскиот студ,
има еден праг невидлив, тенок
што е меѓу нас и не е,
меѓу бев, сум и не сум
за да пречекориш ваму или таму,
неповратно, засекогаш.

ПРОСТУМ пред Животот

Еве ме во прегратката
на оваа скоминава есен.
Стојам на сребрениот срт
во сончевиот воздушен кафез.

Морни се крилјата на јастребот.
Уште поморно е срцето на светот.
Стојам простум пред животот,
во неговата утроба е свиена смртта.

Правта ги брише нашите траги
и ќе нема кој да ги открива.

Санде СТОЈЧЕВСКИ

УДК 821.163.3-1

Сонет

Еве тишина, и празно место,
и висока помисла за песна,
за висока песна. Сама и чиста,
без ништо што не ѝ припаѓа,

што не е самата таа, внатре
во сопствената широка рамка,
од насловот до последната
точка и со гордо крената

глава, спокојна и цврста
на белегата од која брза
да тргне кон заобленоста,

за да се заврти, целосна,
назад кон отсутното друго.
Ќе биде ли среќен Виоланте?

ЧЕКОРИ

Свртевте
токму на она место
каде што татнежот
упаѓа
во тесно грло.

СИЕ ПЕСНИ

Сие песни есу неописани, не может
ниедна врата да ги запрат, или стена,
или закључе, или печат, или друго.
Аз от младех днјех ученики научих

много, да п’лнет книгите с обајание,
да в’змет сички билјавишта целебние.
„Занесете ги, поставете ги од заглавие
до конц, поком между читуштим

злеи очи имат, их око т’мно зре.“
И минуше седомдесет, состарехсја.
Дондеже есом во живих, хотех еи подест

јабл’ку и голуба лепа, на каде сл’нце,
сие песни хотех подест еи, единољубној.
Тогда она красешти се блажнаше мне.

ПОВЕЈ

Дружина поетски сенки,
со чисти раце, јасни лица,
воини на едноставноста,
собрани околу фенер
на провевно, опасно место,
во текстот.

Владимир МАРТИНОВСКИ

УДК 821.163.3-1

Маратонска песна

Ги претрчавме сите ледини.
И ливадите со лаванда и лалиња,

но и минските полиња. Попат некои
налетаа на мина. И летаа до ѕвездите.

А други пак направија букети
цвеќе за своите сакани.

Ги претрчавме и сите градови.
И бескрајните славни булевари

и мемливите ќор-сокаци.
Некои ги метеа сокаците со денови.

А други правеа паузи во ресторанте
од хотелите со илјада и една ѕвезда.

Ги претрчавме и сите планини
сосе сртовите и терените за скијање.

Некои до полноќ туркаа карпи
на нагорнина а други дури и ноќе

скијаа слалом меѓу недоистурканите
камчиња и вештачкиот снег.

Ги претрчавме и парковите: и оние
со дрвореди и оние со скршени клупи.

Некои се распослаа на својот раскошен
појадок во трева. А други сè уште се

прашуваат како не можат да најдат дури
ни скршена клупа. Па затоа сè уште трчаат.

ОГАН

Гасејќи го огнот
прогласија дека и оваа
Олимпијада е завршена.

А пустото: во нас сè уште
гори моќен оган од толку
победи, порази, подвизи.

РЕКОРДИ

Во Олимписка
година соборив барем
седум рекорди:

1. Средба со меца:
точакот за миг стана
тркачки мотор.

2. Средба со змија:
скок во вис до првиот
кумулонимбус.

3. Средба со лажго:
лет до најдалечната
скришна вистина.

4. Трка со време:
бркање на триесет
крајни рокови.

5. Борба со себе:
пет нокаути на его
во прва рунда.

6. Средба со бебе:
нуркачки спринт до
вистинското јас.

7. Средба со тебе:
пулс што никој жив не може
да го измери!

Радован П. ЦВЕТКОВСКИ

УДК 821.163.3-1

Душата да ми биде полна

Не ја давам песната твоја
ни за три липи
од памтивек насадени,

ни за три чинари,
ни за четири град
без ода на умирање сега.

Не го давам зборот твој
ни за три села
сосе сета – наша оаза,

ни за три гори
ни за три извори
со вода жива.

Камо тогаш
да имав самовили посестрими
и да стасав до извори,

да украдев троа
од таа божја вода
и со тебе пак да се вратев дома

сосе песната твоја,
сосе зборот твој
душата да ми биде полна.

МЕСЕЧИНА

На Галето во сонот

Изгрева месечината
од зад дворот на планината
и кротко чекори по сртот,
божем, како невеста во бавно оро.

Кога назад се враќа
полека кротко никој да не чуе
ни стапка ни глас
ни врата да чкртне ни виделце да светне.

Па гледај, застанува сега
ги собира зраците таа
како рибар мрежите,
Ббарајќи клуч од портите за внатре.

И влегува таа, отвора врати една две
без да ме разбуди мене
кроце, кроце како по скали
барем од сонот троа да фати.

ЗАДУМАНОСТ ВО ВРЕМЕТО

Во времето или надвор од времето,
во нашето и вашето време.
Што е тоа со времето?

Ѕвездите ни слетуваат
Како јата погодени
Удолу, праудолу.

Дрвјата ни останаа
без птиците појни,
неиспилени генерации.

До кога ќе траат преодите
праугорни и праудолни?
До кога, до кога со немаштијата

Што не врзува со социјалата
и не разнесува како лисја во светот?
До кога, навистина до кога?

Се таложи задушеност,
сите како со нож во себе.
Кој крај да се фати? Или!?
Што или...? Или пак ништо.

Диме РАТАЈКОСКИ

УДК 821.163.3-1

Поткрепа

Мушан, провинција Јунан, јули 2016
Живот во заборав.
Подгрбавена силуета бледнее меѓу sидините
на една изгубена младост.

Подај ми ја дланката.
Денот сè уште мириса на презреано манго.

ПЛАЧОТ НА АШИМА
Шилин -камената шума, провинција Јунан, август 2016

Што е она што се извива кон облаците?

Безживотните звуци од плачот на Ашима
бараат утеха во бесмртноста.

РАМНОДУШНОСТ
Мушан, провинција Јунан, јули 2016

Пладневен припек во дворот на селскиот павилјон.
Единствено шумот на метлата им го одзма спокојството
на мушанските сонливи јорговани.

Густ чад се издолжува над тутунарникот на Хонгбо.

Загледан во гумното, ја затворам книгата,
потем повторно ја отворам, па пак ја затворам.

Весна МУНДИШЕВСКА-ВЕЉАНОВСКА

УДК 821.163.3-1

Сознездија

Во плетивото
на вселенската мрежа
со ѕвездени конци
се поврзуваме,
а и јазли подврзуваме
за да одржуваме
рамнотежа.

Нашите топки
вжештена материја
во својата ротација
емитуваат
благодатна енергија
чија гравитација
секој ден нѐ збива
во различна формација.

Волшебниве фигури
витражно блескаат
во космички скулптури.

Овој бесценет расад
од малата саксија
на скромнава галаксија
воплотува никулци
благовестија
во магнетни јадра
на земски сознездија.

МАГИЧЕН ДЕН

На клупа во паркчето до мојата зграда
двајца вљубени
гугукаа како гулаби.

Преку улица, на влезот од пазарот,
ко распеани фоки на бина,
си прикажуваа две баби.

Сред пазарот течеше врвулица
од сончогледни лица
во змијовидна редица.

Во кафулињата – офарбана младост
со акробации густираше кафе
во кафезот на својата радост.

Над кружниот тек лебдеа јаболка
кои ветрот ги претвораше во монети
па во суво овошје за лек.

На работа – мажи со ножеви создаваа ураган,
а две наежени жени голтаа оган
за победа во турнирот на хирот.

Многу ме интересира
што ќе извлече
ноќта од шеширот.

Сашо ОГНЕНОВСКИ

УДК 821.163.3-1

Митологии

Едно утро се разбудив со острата констатација
Дека митологијата е козметика на историјата,
Дека виртуелната генеалогија родила легенди
За да се срамат оние што ги препишаа фактите
Си направија лична карта за себе
И им ја продадоа на другите за леб и сол.

Истата вечер си легнав со мисла дека религијата
Е облека на нашиот дух, дека духот гол
Не ни го бидува и дека верата станува
Космогонија ако не ја преинсталираме
Во нашите преведувања на вредностите,
Ако не ги појадуваме, ручаме и вечераме
Иако остануваме гладни, голи и боси.

Јас не се разбудив. Останав да сонувам,
Сегрегиран, необединет, оптоварен,
Незабележан, прераскажан,
Замаен, екстрадиран од себеси,
Денешен и утрешен, ничин и сечиј,
Замаглен, недоречен,
Еден и последен.

Митологиите се вечна експлоатација на мудроста.

ПРЕЧИСТИ ОБРАЗИ

Како фрлена ракавица го разбирам
Бакнежот со отровни врвови на усните,
Здивката што ја повеа зеницата
И погледот измолкнат од под клепките.

Денски подзамижуваме и додека пиеме
Од светата вода, неизмиени, порочни, замислени,
А ноќум се обезглавуваме за да не препознаеме
Ни атом од очајот, ни капка од липтежот.

Гледаме нагоре денизден, се квасиме со птичји плунки
И целата оваа небиднина само се накрева
И се накрева и се накрева.
Си ги преклопуваме лицата, недостојни
Опскурни, ничии и сечии.

Оваа причесна е закана, за нашето сожалување
Се сокрива во допирот меѓу тие две лица ...

Славица ГАЏОВА СВИДЕРСКА

УДК 821.163.3-1

Од „Политики на стравот“ Восток (2021)

СТРАВУВАМ

Стравувам
да не исчезнеме како Хазари
Да не нѐ смети историјата
со својата груба метла од сирак
Стравувам
од шарените монистра и стакленца
со кои ни ја купуваат земјата
а ние се радуваме како деца на неотворена играчка
што ќе се отвори како Пандорина кутија

Стравувам
дека на минотаурот
му дадовме премногу жртви
и веќе е доцна да дојде Тезеј

Стравувам писмото
да не ни стане неразбирливо
да не го прекријат со варварски чкртаници
на Големиот пергамент

Стравувам од небиднината
да не исчезнеме како Хазари
се плашам

СЕ ПЛАШАМ

Се плашам да дишам
да не ме обвинат за геноцид
Се плашам од лицата
на кои останале само очи

Се плашам да не изгориме живи
да не смрзнеме од недостиг на гориво
Се плашам од касапење после смртта
еднаш видов кесички со натпис
„фермур, свежо замрзнат“
„патела и лигаменти, свежо замрзнати“

Се плашам од жените
што продаваат јајце клетки во странство
за да си прехранат децата
Од мажите во црно што тепаат луѓе
зашто излегле на пикник
со сендвичи подготвени од бабите
и со карирано ќебенце во паркот

Во еден кошмар
дроновите ги креваа мртовците од улиците
како мршојадите своите мрши

Се плашам од високо и од длабоко
Се плашам дека светот се претвора во видео игра
Се плашам да живеам и да умрам

не се плашам да пишувам
единствено тоа
го правам
без страв

Милица РАДЕВСКА ДИМИТРИЈОВСКА

УДК 821.163.3-1

Очекувања

Катаден си зборувам с ветрум
Ама зборувам од напара
Зборувам со наслада
Зборувам како мигот да е последен
Зборувам
Без напудрени фрази
Без обиди за поход
На очекуваните очекувања
Зборувам
За да му дадам тежина на минатоста
За да ја воведам иднината
За да ја разбудам досадата на будењето
Зборувам
И додека го пијам кафето
И додека книгата зборува со мене
И додека времето ме турка
час напред, час назад
Зборувам
Не за да ме сакаат
Не за да ми ласкаат
Не за да исполнам нечија празнина
Зборувам
И кога ме прашуваат
И кога ме замолчуваат
Зборувам затоа што дишам
Зборувам
Не за да наплатам сметки
Не за да одвртам сплетки
Не за оние што пласкаат штогоде
Зборувам по навика

Зборувам по интуиција
Зборувам по завршена претстава
И кога телото се предава
и кога немоќта ме надвасува
и кога примерот практично ме поразува
Зборувањето е анксиозност-
Некој мудрец забележал
Ама ако нема зборување
Нема лекување
Нема соочување
Нема доближување
До нашите очекувања.

СЕТИЛНОСТ

Гледам, значи слушам
Твоето лице
Е видливо
Како што е чист тонот
Како што е просирна
просирката на сетилото
како што е моќна
раката на копнежот
да се земе
да се остави
да се вкуси
да се остави
да се види
да се замижи
Боже!
Каква дисхрамонија
Каков хаос
Од малку болка се лелека
Од многу болка се тивнува
Од пламенот ќе те снема

Боже!
Секое сетило е цвет
Долевај
Зборови надежни,
Зборови трепет
Зборови гордост
Зборови храброст
Долевај
Останатото
Ќе го направи
Самото време

Томе ВЕЛКОВ

УДК 821.163.3-1

Уморен сум

Уморен сум
од докажување
од мисли и пишување,
за конечното и бесконечното
на црното и белото
Светот ми е качен на глава
како кола ѓубре од минатото
влечено од уморно старо магаре
кое нема да ја дочека пролетта
пред семафорот
кој одамна престанал да работи

Уморен сум ,
кога тргнав на исток да го освојувам светот,
мислите ги закопав во таа бесконечност
а одмаздата да не види
дека останав без коњ и сабја
и без трофеи од вистината

Уморен сум
од сатрапите
и од сите,
од конечната бесконечност
на верување
дека реките течат поинаку
од нашите желби,
обесени на вратот на надежта
во затворен круг
чекајќи ја среќната далга
на реката што истечува

Одамна ни помина времето
да создадеме железни деца
кои нема да го котат стравот;
ги затворивме сите врати и прозорци
за да не влезе злодухот
и го украде Адам од Говрлево
како последна надеж на
нашата конечна бесконечност .

ГОДИНИ НА ПРАШИНА

Ова се години на прашина
врз очите на слепилото
Историјата е паричка за кусур
во умот на мајсторите за плочки
кои гребат по мозокот на народот
исцртувајќи фуга во истрошена музичка форма
која оживува лудило
наместо да уживаме во Животот

Мислите се оковани
и за нив нема договарање -
така велат неофашистите
Кога започнаа војна
ни истетовираа вина на челото
зашто сме биле недоносени

Да ни е да писневме еднаш на глас- силно
дур до другото маало
да слушнат сите за нашата мака
за чудесната земја на клин закована
на маса во операциона сала распарчена
и продадена за пет пари на ат пазар
на душманите

СИТЕ НЕКАДЕ ЗАМИНУВААТ

Сите некаде заминуваат
би сакал и јас
ама гаранцијата ми е истечена
како пасош со изминат рок

Сите некаде заминуваат
би сакал и јас
оти утре ќе немам ни прозорец
за да видам како исчезнувам
низ клучалката на светот
во едно идно време без сегашност
пред да можам да го фатам
меурот од сапуница
на нашите политички елити
кои ни го трошат времето
пред да заминам и јас
во непознатото

Билјана ТАЛЕВСКА ДИМКО

УДК 821.163.3-1

Без дете

Единица мерка за болка,
има ли?
Се запрета во неизречените мисли
за да ги одгатне правите зборови.
Душата немо растрепери
спласна под мигот на небиднината.
Има ли мерка за болка?

ТИ ОСТАВАМ ЗБОР

Најди нешто и љуби го.
Вдоми го во себе
без понижување и колебање.
Верувај во него.

Неизделкани камења
талкаат по светските друмови,
домови на
грешници и покајници.

Најди нешто и љуби го.
Во убавина и добрина
облечи ја непредвидливоста на мигот.

Сулејман МЕХАЗИ

УДК 821.18(497.7)-1

Кој ти рече дека сме заљубени

Кој ти рече дека сме заљубени?
Кога нашите срца не чувствуваат никаква болка,
љубов, насмевка,
небесна грижа
која те исполнува со ноќна внатрешна енергија
која те топли со надворешно дневно богатство,
која збогатува, го оживува и буди
телото, умот и срцето.
Кој ти рече дека поетските
зборови се љубовни?
Љубовта
не е комплимент на убаво изразените зборови,
туку е пламен,
горење на гревови
длабоко во душата
да се исчисти од лаги.
Кој ти рече дека љубовта е око?
Кога окото е створено да плаче.
Дека е срце?
Кога срцето не доживува.
Дека е душа?
Кога душата е мртва.
Љубовта,
најголемата загаденост на човештвото.

ПОЕЗИЈА

Поезијата не е бонбона за засладување,
туку отров за инспирација;

не е десерт за да се стават рацете
туку штит за вознемирените души.
Поезијата не е именување за поетот,
туку дух за оживување,
не е физички накит од злато,
туку чудо, копнежна убавина.
Поезијата не е книжевна наука
туку освежувачки ветер,
не е интелектуално знаење,
туку внатрешна осветлувачка енергија.

БОЖЈА КНИГА

Ја отворив,
таму го најдов Бог, верата
свеста, разумот, совеста,
ги најдов редените временски пакети
на пророците,
омразата и љубовта,
ангелите и ѓаволите,
молитвата и милоста,
харамот и алалот,
искреноста и лагата,
среќата и тагата,
животот и смртта
рајот и пеколот,
и ...
така редум.
Залудно ...
Во фрижидерот на моето срце
сѐ е смрзнато сé е мраз
никој не може да се пробие и влезе.

Препев од албански на македонски: Адем Абдулаху
Translation from Albanian into Macedonian: Adem Abdulahu

Кире НЕДЕЛКОВСКИ

УДК 821.163.3-1

Новиот робот 2254

Тој знае како се викам
И од каде сум
Вели: „Сакаш да те Префрлам
Двесте години Напред
За да дознаеш каде ќе бидеш
И кој ќе бидеш Таму?“…
Тој ја Знае историјата
И каде се направени Грешките
Вели: „Времето ќе ги Расчисти
Маглиштата на Неправдите
И сѐ ќе си Дојде
Во својот нормален Тек“…
Тој знае што ние не знаеме
Што ние не Насетуваме
Не сме ни помислиле
Каде ќе Бидеме
И во која Форма
Во кое Тело
Таму Напред
Ќе опстојуваме
Со новите роботи
Со новите надежи.
Еве сум со новиот робот
Двесте години Напред
И знам кој ќе бидам
Но
Не ви кажувам…

РАКА НА СРЦЕ

Размислите ги Запишува срцето
чисти и чесни
слегуваат силни низ раката.
Срцето е големото Езеро
во кое се Собрале мудростите
се прочистувале и подготвувале
да протечат како Река
низ возбудената рака
и да Создадат ново Езеро
нова трајна песна.
Рака на срце
ја проверил и Господ
ја одобрил искреноста
за да Тече низ Коритото
Песната која ќе го Потврди
ова време и овие Води.
Рака на срце
и ангелот на авторот е среќен
се смее и Создава
нов Пат за поетот
толку очекуван и чесен

Како заклетва и рака на срце.

ПЕСНАТА ПОНЕКОГАШ Е...

Продолжен Живот на поетот
во некое идно Време
до некој друг милениум.

Песната понекогаш е
духовно Преселување
во непознат Простор–напред.

Може песната да го Издржи
војувањето со времето
влегувањето во нови Територии.

Песната може да го Води поетот
таму каде што сака
таму каде што има што да Види.

Песната понекогаш е Потврда
за вистинскиот Живот
на мислителот кој го Победил

Своето време.

Божин АНДОНОВСКИ

УДК 821.163.3-1

Раѓање

Лежејќи така во креветот сум задремал,
а потоа чудно сеќавање
в очи ми се пикна.
Во сонот си го видов сопственото раѓање

Видов утро кое брои минути
чекајќи изгрејсонцето на хоризонтот да се појави,
а потоа одеднаш сликата се смени.
Бројчаникот и натаму времето го рони
а пред мене наместо утро -
мајка ми се појави.

На седмиот месец во нејзини раце се најдов
два пара очи в миг се споија.

Ќе живее ли оваа душа?
Во себе се праша,
а потоа ме стави да лежам
во серејлива волна
во табла плетена од врбови прачки

Кога мојата душа заличе на човек
„Ќе го биде“ – на татко ми, му рече
а од очите ѝ изгреа сонце

ДЕТСТВО

Детството го прескокнав,
бидејќи мајка ми болежлива стана,
а потоа и без неа останав.
Но одев и по угорници
и по удолници слегував
и дупки пополнував
и прескокнував камења -
со боси нозе газев по трње.

МЛАДОСТ

Од најнискиот дол
погледот ми летна кон висината
морам на брегот да се искачам
пред да надојде буицата и да ме однесе
за да видам
и од таму до каде погледот ми стасува.

Огромни капки пот по лицето ми течат.
Некои капат на земја… и часкум се впиваат.
А другите во својата жед се пржат
Зрнца сол по карпата се тркалаат.

И ноќта беше ден.
Уморот се губеше во сонот стоечки што го гледав,
со утрото мислата ја крепев
и пак бев нов.
И сè така!
И сè така!

ЧОВЕКОТ ГО НЕМА! ЧОВЕКОТ ГО НЕМА!

Светот се истрелува во иднината
дваесет и први век е,
а сепак ко да стои пред повторно да рикне
во одек силен
безброј еха
ко шрапнели од експлодирана бомба
на сите страни се распрснаа
по сите географски широчини и должини
а потоа во ритам од еден на друг
на сите меридијани
секавично се разнесоа.

Од сопствената оска
планетата земја се помести,
континентите ко лисја обесени
во нишалки се преторија,
се вклучи алармот -
Светот... на нога стана.
Човекот го нема! Човекот го нема!

ТЕТКА

Им се родила како второ чедо
на дедо ми Ѓорѓија и баба ми Ѓурѓа
Единствена родена сестра на татко
Моја сакана тетка.

Како бел збор низ облаци црни
кои здивот го крадат – светна.
Мајка ми ја препознав во неа.

Адем АБДУЛАХУ

УДК 821.18(497.7)-1

Кој не сака цвет

Кој не сака капки дожд
и сончеви зраци над татковината,
е несреќник.
Кој не сака зелени полиња
и обилни градини,
тој е пријател на непријателите на татковината.

Кој не сака плоштади полни гулаби
и мостови кој што поврзуваат брегови,
е полош од непријател.
Кој не сака градини на кои играат деца
и река каде се капат птици,
тој е злокобник на татковината.

Кој не сака планински ридови,
низ кои се распрснува мирис на цвеќиња
од сите страни,
тој е злороден и семеисчезен.
Кој не сака јаболкови гранки,
низ кои славеите ѝ пеат на слободата,
тој е гавранов гавран гавранови.

Кој не сака цвет
и една девојка во татковината,
тој ја зацрнува иднината.

ПАТУВАЊЕТО ПРОДОЛЖУВА

По природните
или камуфлираните плоштади,
импозантните сцени
или безличните театри,
треба да ја играм улогата,

било како мунѣен (мрлив)
или пак како расипан.
По тој пат
каде што крајот му се гледа
во безнадеж,
секако ќе треба да се маршира,
час како горд коњаник,
час како просјак,
како јунак, или пак како убиен племенит.
И така
патувањето продолжува хоризонтално,
продолжува вертикално.

ЛУЃЕ, СПЛОТЕТЕ СЕ

Луѓе, напред!
Зберете се!

Надмините ги вашите земји,
вашите јазици, граници
и родовине!

Надминете ги барикадите!
Надминете ги расите!

Разоружајте ги војските,
виновниците, лажливците,
плашливците!

Напред луѓе!
Зближете ги боговите,
пророците, светите книги,
храмовите!

Зближете ги болките,
мудроста и љубовта!
Заедно да ги сопреме
чекорите на злобните луѓе.

Саво КОСТАДИНОВСКИ

УДК 821.163.3-1

Фреска во зборот

Денеска сонцето
со посебна светлина ми изгреа
во денот на мојата желба
И ме прифати присутен да бидам
со стихот кај убавините
Како да сакаше
да ја провери прородата
во пладнето на мојот живот
и што ни е заедничко
кога е во својот зенит
и колку поетот е фреска
во својот збор
и каков му е патот
со песните по светот

Митре МАНГОСКИ РАДОЖДАНСКИ

УДК 821.163.3-1

Залезот на мојата песна

Градите ми се мртви, но срцето чука,
sвездените магли ме одвејуваат во неповрат,
камени светликави парчиња итаат кон небото -
се додека не станат прашина.

Скоро вечни простори ќе се отворат.
Лисјата на розите свенуваат.
Додека се затвора зад мене портата,
ветровиот свирач на флејта го разнесува звукот.

Закачете ме за розите зад sидот,
не разделувајте ја меката почва
во која јас чекам со затворени очи,
дајте му сенка на мојот јасмин.

Додека езерото свети во јуни
мирисот од липите на тебе ме потсетува.
Се исправам, последен пат да те видам -
дури и во смртта ми даваш живот.

ДУАЛИТЕТ

Ѓаволот пие вино
од мирисните цветни ноти,
самобендисано противејќи му се на себеспознанието,
да наликува на Бог,
во игра на креации,
изобилство на сомнежи
го колваат секој збор.

ВО ЧЕСТ НА УБАВИНАТА

Визуелен момент на сензација
сцената е голема одговорност
музикалноста на ветрот носи свежи ноти
коси ти разгалува утринското сонце.

Пеат и танцуваат птиците во лет
притаените желби акустика ги возвишува
спокојство и радост во душата
по патот трчам кон тебе.

Времето за љубов е секогаш
зелените брегови нѐ викаат
убавината на денот е во утринското кафе
книгата магични страници расфрлува.

Колачи од цимет, книжарница полна со книги
сраснат со професијата отварам дневен весник
шестото сетило ме потсетува
мелосот е сојузник во амбиентот.

Ти си кралица на вечерта,
црвен кармин ги краси твоите усни
интензивен мирис на старо вино
магија на вошебен допир.

Со насмевка снегот го растопуваш.
од највисоките планински масиви,
врамен е пејзажот на лененото платно
во него вткаени јас и ти.

Даниела АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА

УДК 821.163.3-1

Гол театар

обезглавени дрвени столчиња
нетапацирани,
и гнили од чекање да дојдат на ред
за да си кажат што ги боли
со искинати гласни жици потрошени
на гладни години и сметки
потонати во минус
на заборавени штедни книшки
од пропаднати дерилници
на децении од протестни ноти
и векови распнати на крвави транспаренти
на митинзи со разјаден центар
и автократски демократии
зјапаат немо во голата сцена
на градскиот театар
а таму една сенка со надуено Его
гази по нервните завршетоци
на дрвените штици
кои со отапени тенки живци
лежат на главните улици

ЗАМОЛКНАТ ЖИВОТ

и ЛЕД-погледите не нѐ бараат веќе
зад електронската табла на смртта
животот молчи

БРОЕЊЕ

во последно време сè нешто броиме
ги броиме чекорите што стојат меѓу нас
а не нè познаваат
ги броиме слоевите маски
што подмолно ни ги крадат лицата
и ги фрлаат на патот како предмети
за една употреба
си ги броиме зрнцата крв
за да видиме дали тоа некој од внатре нè јаде
и секундите ги броиме од навика
иако нема каде да одиме
- затворени сме во епрувети
со висока седиментација

секој ден се сопнуваме од исти бројки
живите од мртвите, мртвите од живите
а никако да ни текне дека
дека тоа животот нас нè брои неповратно

ЉУБОВ ОД КОНЗЕРВА

си ги затворивме и мајките и татковците
во најглувата соба без ѕирка

со добра намера облечена во ракавици
го срушивме огништето
среде одајата во која нè задоил животот

ги закатанчивме деновите поминати со нив
и ги запретавме клучевите во пепелта
за да ја чуваат иднината

нашите филтрирани мисли
се хранат со љубов од конзерва

ПЛАСТИФИЦИРАНИ МИСЛИ

со поглед ги пишуваме
смс-пораките до нашите блиски
на другата страна на улицата
за да не ги инфицираме нашите допири со живот

со ракавици си ја допираме и болката
под градната коска
за да си ја придвижиме крвта низ телото
во одделението за реанимација

со пластични мисли се врзуваме
пуштајќи жили
во земјата наместо во животот

со мигрена го полниме далечинскиот управувач
кога телевизиските програми
ни кажуваат сè едно исто
дека светот не се врти повеќе

ПЕШ ПО ВОЗДУШНА ЛИНИЈА

Прво го одложуваме секој настан
што треба да се случи во нас
а потоа го откажуваме
затоа што сè потешко станува
патувањето во сопственото тело
кога на границата што нè дели од другите
наместо патна исправа
покажуваме лажирана дијагноза
не постара од 48 часа

а и Google Maps не знае како да го реши
проблемот со патувањето пеш
по воздушна линија

ПРОЗА

Никола КОЧОВСКИ

УДК 821.163.3-32

Лепрозен (втор дел)

Во најголемата сала во градот се организираше претставување на најновото дело на истакнат општествено научен иследувач од престолнината, непознат на Шешов. Шешов, не задржувајќи се многу во контакти ни со домашни колеги, а сега веќе никако со гости, ("Од понепознатите може зло да те нападне...“) седна во четвртиот ред, а салата брзо се исполнуваше. До него останати беа уште две слободни места. Не задржувајќи се многу, дојде Спилев и сакајќи уште малку да се повртка со познати низ веќе вревливата сала, му рече да му го почува местото. Си се оддалечи, додека се уште не почнуваше.

Потраја прилично чекањето да почне претставувањето на успехот на колегата. Му беше непознато на Шешов, а сигурно и на некои од другите: кој ли уште се чека.

Најпосле настана некакво стишување и истовремено размрдување по седиштата. Луѓето се свртуваа. Низ средината на салата, меѓу редиците столови – доаѓаше, никој друг, туку лично Светкавичев, најглавниот, претседателот на Сојузот, допатуван од престолнината, придружен со уште двајца, крај него претседателот на градов, и зад нив човек од културата исто така оттука. Каква голема чест за авторон на претставуваниот труд, веќе седнат зад масата со цвеќе на високиот подиум напред, со уште еден што го придружуваше, додека неговото име со уважување шепотно се разнесуваше меѓу многубројната публика: „Коленски!"“ Тој бил Коленски!

Е, што му требаше на Шешов да се закачува со претседателот Светкавичев! Ама тој не помислуваше за така... Туку, кому му е сега грижа за тоа?

Се искачија на подиумот тројцата, со пристојно ракоплескање дочекани, и седнаа на средината зад почесната маса украсена со цвеќе, така што станаа сега петмина, и веднаш овој собор започна:

се чуја свечени звуци на воведната, музичка точка од еден присутен градски оркестар, кој во мноштвото и во својата тегоба, дури сега го забележа Шешов.

Спилев не дојде. Бидејќи беше седнал Шешов на крај, остана, со празниот стол до себе, осамен, издвоен од другите, како прокажан...

Со немирно раздвижен поглед, брзо го пронајде, иако од седната положба, само малку поткревајќи се од столот. Зашто другар му беше седнат на почетниот стол од средината на првиот ред, што секогаш се остава за посебно почестени гости и градски големци.

А од него Спилев, значи, избега! Избега, зашто дознал дека е тука преважниот Светкавичев со својата маркантна појава, а тој з н а е ш е значи, што е останато во душата на Светкавичев за него, Шешов, и затоа... не смеел да си дозволи да биде виден од неговите очи седнат еднододруго – со кого? Со Шешов!... Преголем бил тој ризик за него, толку скапо другарство тој не плаќа. Ете зошто не дојде Спилев на празниот стол...

Погледнуваше кон големиот Светкавичев и кон плеќите и тилот на Спилев отиден напред, што поблизу до него, и тажно се каеше за престапот свој, вардејќи се дури и да не воздивне, за да не го забележат зли очи...

Сепак, малку и си префрли на себе: да не пребрзува? Зошто, всушност не дојде Спилев на празниот стол што се досега тој му го зачува? Дали за да биде седнат поблизу до Светкавичев, или за да не биде случајно виден од Светкавичев како седи до него, огрешениот. За сега се уште веруваше дека повеќе од амбиција, отколку од страв Спилев вака го извиси. Тешко му беше да поднесе дека навистина поинаку мислел Спилев, барем тој му остануваше за некакво дружење.

Вистина, кога заврши значителното претставување на научната книга на Коленски, при што не се воздржа да не каже неколку скржави, но тешко мудри зборови и самиот Светкавичев, кои му беа дочекани со луда овација, кога веќе стануваа гостите од украсената цветна маса и слегуваа од подиумот, тој, Шешов, успевајќи да се пробие низ раздвижените луѓе, стигна до н и в и ја

подаде својата рака кон Светкавичев, кој, дочекувајќи го и со изненаденост, не му го одби тоа, проговорувајќи му два најконвенционални збора, – но кутриот си знаеше веќе, некоја неизбежна студенина во градите му го навестуваше тоа: немаше тој гест на љубезниот големец никакво значење. Имаше потоа и други слични, навистина болни работи за Шешов. Му се случи еден силен пример. Спилев и понатаму му покажуваше другарско лице. Сигурно не затоа што тој, Шешов, отсекогаш беше со отпуштена рака и сакаше да го чести, душата да си ја даде ако треба... Добро, но дојде покана од централното раководство. Пак голем собор на членството. Богата програма. Дневниот ред... Преизбор на раководството. А ќе има избор... и други, понови имиња се предвидуваа сега за функциите во организацијата на Сојузот. (Едно само не беше напишано, дека ќе има богата трпеза, но тоа секој го подразбираше.) Ќе оди, се разбира, и тој во престолнината. Не смее да си дозволи да се дели. Тој сака да го видат, нека се знае... треба да им докаже дека е со нив... Ама зошто мислат дека застранува тој, зошто! Сретнат со колегата Спилев, ја доживеа радоста, пак како ништо да не било, од него да го чуе предлогот: и овојпат ќе патуваат со автобусот што тргнува во шест часот, а не оној во четири и пол, нешто што нему, на Шешов, многу му одговараше, зашто работејќи до доцна ноќе, беше научен утрата убаво да си ги испива. Значи одлично. И со другарот ќе патува, независно кога ќе тргнат другите, а и наспан ќе биде. Пак го подзагреа верба, надеж... Пак се почестија во еден ресторан. Спилев го одвраќаше да не се троши толку... Спилев доброволно се понуди дека сам ќе провери во автобуската станица дали е во сила поранешниот возен ред и ќе го извести по телефон. Но се беше случило, изгледа, нешто. Дојде и последниот ден пред соборот во престолнината, а Спилев не го извести. Вечерта Шешов сам му позвони. Излезен бил некаде, кажа жена му. Шешов упорно, нешто подоцна, пак позвони. Сега се јави Спилев.

– За возниот ред за изутрина...

– Знаеш... – го прекина другарот, – во шест часот јас сепак нема да одам. Во четири и пол. Порано станат, ама посигурен ќе бидам. Што знам: може да задоцнам случајно, па незгодно ми е...

Ти друго си, не се стеснуваш ти од такви ситници...

–Значи? – препрашуваше Шешов.

– Значи одиме: јас во четири и пол, ти во шест – му рече Спилев, доста суво. И сепак додаде: – Таму ќе се видиме. – Што значеше дека ќе можат да бидат во друштво.

Ќе му беше незгодно да му преречеше на другарот Спилев дека ќе појде и тој со него, во четири и пол, пред се многу недоследен, може дури чуден ќе му изгледа, толку заплашен прилепеник за него... Не! Зашто и не е повеќе другар Спилев. Очигледно, сака да го избегне. Од заразата се бега, зашто ако го видат дека не бега, и од него ќе бегаат...

Тажен беше, ама отпатува за престолнината во шест часот. Сам. Комотно имаше време. И да се влечкаше патем до големото здание во кое беше седиштето на Сојузот, пак ќе стигнеше. Во излогот на попатна книжарница забележа една книга што сакаше да ја набави, среќен дека ја догледа, влезе и ја купи. Како и при другите собори, што исто така не почнуваа навреме, подолго се врвулкаше низ големиот хол и големата амфитеатарска сала, се среќаваа невидени кои што се познаваа, некои веќе си зафаќаа места, седнуваа и чекаа да се заврши таа навика со доцнењето на почетокот. Немаше што да прави, седна и тој. По некое време до него седна крупен, убаво исправен млад подзгоен член со ведар изглед. Полека, седиштата се пополнуваа, однадвор тука се пренесуваше вревата. Кај да е, ќе почне скоро. Се изненади кога, оттргнувајќи го погледот од прелистувањето на интересната книга што ја купи, го догледа веднаш до масивната фигура на соседот – Спилев! Ај, небаре неговата близина да ја побарал, како порано?... Но тој веќе си велеше дека тоа би можела да биде само слатка илузија. Досега нигде го немаше – каде ли беше Спилев, што воопшто не го виде? Масовната мешаница ли беше причина? А другите колеги – сограѓани, убаво ги догледа како заедно се држат – всушност тој, Спилев, задоцни! Побрзал на слободното место, еве, си седеше, мирно загледан пред себеси, ни поим немаше дека тука, само преку еден човек, поиспречен вистина, е седнат тој, Шешов. А вистина, си беше мал по раст, незабележлив. Ништо не направи, нити осети повеќе желба за ново залажување, им се врати

на страниците од книгата во рацете. Во помисленото за божемниот другар се увери само по неколку минути, што му ги одзеде книгата. Кога повторно ја крена главата од страниците и погледна покрај корпулентниот спокојник до себе кон Спилев – него го немаше повеќе тука. Местото пак беше празно. Го видел него, и избегал. Сигурно и се прекорил поради својата непретпазливост. Да го видат ли покрај него, непожелниот, сомнителниот, опасниот за хармонијата во Сојузот!! Зарем не беше сто на сто, илјада на сто веројатноста дека е така? - Зарем станал оттука без да го видел него? Доста со такви глупави верувања, лажења на себеси! Се преместил Спилев некаде доволно безбедно подалеку...

Ова му беше поучен, конечно вразумувачки случај. Зашто најјасно можеше да увиди колку е непожелен, небаре опфатен од тешка заразна болест – по постапките негови, на својот долго време поблизок колега, Спилев. Времето кое продолжи да си тече и кое за него не беше истото, му ја потврдуваше таа непријатност и вистинитоста, големината на тој проблем, со кој болно се најде опкружен. Опкруженост која го правеше сам. Зашто беше опкруженост веќе со отворено недоверливи, сомничави погледи. Додека не дојде, најпосле, отсуство на секакви погледи, превидување, сосем упадливо незабележување од тие со кои беше порано заедно во градот. Превидување, што разбудуваше во него една мачителна чувствителност... Сосем се осами. И престана да ја работи својата интелектуална работа што порано толку му го исполнуваше духот. Збркан, длабоко вознемирен, не успеваше да ја додржи смислата на своето долготрајно трудење. Тоа беше некое вдлабочување... Создавачка работа... Која ќе му донесеше подобар живот?... Сето некако се лелееше, му се маглееше, ништо не остануваше. Си стана многу помалечок човек отколку што беше. И повеќе не залажувајќи се со ништо, со силно жалење си го откри тоа, дека станал голем губитник. Да не може како другите, колку-толку нормално да си го живее својот живот. А веќе и неговото семејство... Запустеник! За ништо. За глупост своја.

Овие работи, со обично око погледнати, се чинат можеби не толку драстични, но длабоко ги доживеа нашиот Шешов. И му остана тешко да сфати: „Каква била чудна природата на

луѓето!“ Сепак, другите градски колеги, од првиот до последниот исти во непомирливоста на односот, му послужија за ништо. За едно поделикатно објаснение што во мигови на посмирена размисла, од едно време, почна да си го мрмори во себеси. Се однесуваше на Спилев, тој толку долго време приврзан негов другар. Имајќи го искуството колку е тешко да се биде отфрлен, иако го болеше неговата постапка, сепак, појасно согледуваше во себе и оправдување за него. Речиси со сожалба го замислуваше на исто место како себе, исто отфрлен... Нели и тој, Спилев, имаше да покаже во јавноста нешто од своето научно создавање? Е па, како да си дозволи да му биде тоа оневозможено? Зарем не би било гревотно! Шешов скоро се обвинуваше себеси.

Туку, настрана сето тоа... зарем и можеше нешто да му помогне едниот, осамениот Спилев?...

Дали не постојат некои кои можеби цел живот ги следи зад петици судбината на лепрозници, а пак можеби и прават усилби да се борат со таквата судбина?

Што можеше друго да размислува човекот без среќа!

Јануари, 2011

Петре ДИМОВСКИ

УДК 821.163.3-32

Лулешка од виножито

Дуваше ветар.

Преку целиот ден дуваше топол јужен ветар и Езерото бучеше со ритмичен клокот во играта на водите.

Низ шуштежот што го создаваше шумолот на шумата таму потаму од водите налегнатата ноќ повторно го внесе сонот во очите на Климента и го постави со отворен пат кон височините на небото. Ветерот продолжуваше да дува и му завиваше веднаш тука крај ушите и создаваше вител на бескрајно движење. Сонот беше таков за каков веќе ни кажуваше, лепливо мек, како поставен на лулешка од виножито.

Низ шумот што добиваше бескрајни димензии во движењето се помеша развражување на бели птици кои надгласија со цвркотот и со звукот на полетот и набргу се помешаа меѓу ѕвездите кои гореа на небото. Климент со широко отворени очи и со светлина што извираше од длабочината на просторот го следеше јатото птици кое носеше во себе виорна игра. И забележа Климент, тоа го виде со зрачен одблесок како секоја птица од јатото во клунот дофаќа ѕвезда, откинува од ноќта со сјајот што пробива и ѕвезденото небо, понесено на крилјата од птиците се поместува како облак од светлина и наслегнува кон земјата. Климент го држеше тој светлосен облак во погледот и чувствуваше како се приближуваат еден кон друг и очекуваше средба во која ќе се спојат во летот. Во создаденото движење откри дека и тој како и птиците лета и срцето силно му се возбуди и вознемири од големиот настан со кој оди во пресрет. Просторот толку се изви, одѕвони и се испомеша што сега откриваше дека насекаде околу него горат ѕвезди и паѓаат, провиснати од небото со долгите опашки а тој со раширени раце ги пречекува, ги дофаќа и ги собира и гледа дека му надошле низ отворениот прозорец низ собичето, а свеќата тука крај него на

масичката сѐ уште трепети и гори и ја одржува трајноста на светлината.

Се присетува како над масичката, во долга размисла, се бореше за дофатот на откритието од кое во последното време беше целосно подземен, но не можеше да ја отвори вратата, иако беше убеден дека клучот за неа го држи во рацете. Се сеќава колку тоа го замори, таа потрага да го отвори влезот и да ја допре тајната. Од тоа му натежнуваа очите, на нив му навалуваше дремка. Така го соборил сонот тука над масичката. Но сега откриваше Климент дека ниту миг не се оттргнал од патот кон откритието кон кое целеше, дека тоа продолжило, зашто му се стори дека една од птиците што слета над масичката удри со клунот над листот кој за сето време беше отворен пред него и од клунот ја испушти ѕвездата, со звук низ кој се изрази гласот. А, толку лесно излезен од широко отворената уста. И таму, каде што падна светлината на ѕвездата, со перото кое му стоеше во раката, а не го испуштил ниту во сонот завлече по пергаментот и го нацрта отворениот клун на птицата, така како што го виде кога тој удри во листот, со линија преку средината каде што осветлува ѕвездата фатена во клунот и донесена на листот на масата.

Аз, прошепоти Климент, присетувајќи се на животот со преблаженото Отец Кирил и како тој ја создаваше глаголицата, на која го научи да ја црта, отсликува и пресликува со вештина што многу брзо го воведе во сите тајни на буквите и со љубов и верба ги внесуваше знаците насекаде околу себе. Новите потреби на писмото бараа од него исто така да се зафати со измислување знаци за буквите, како што тоа го стори Константин Филозоф пречесниот Кирил, за да ја дополни и усоврши азбуката според новите потреби и сознанија на времето, а славата да му припаѓа на светлозрачниот ум што го красеше Учителот и во чест на тоа името ќе свети на азбуката, Кирилица. Со прилагодување на азбуката учениците во школата многу поолеснително ќе ги препишуваат и умножуваат потребните книги на кои чека богослужењето. Брановите од Езерото искокнуваа таму, потаму, каде што му луташе погледот и се оцртуваа во неговата мисла, се издигнуваа, се накреваа, се оформуваа и растураа, и во еден миг

Климент го фати на пергаментот знакот од умот што се преточи преку раката, која го држеше перото, на листот и озвучи гласот Б излезен од знакот фатен на рамнината од пергаментот. Буки. И низ буките на брановите протече белината и се разлеа низ просторот, повејувајќи како кога го создава ветрот. Брановите посилно се раздвижија, на површината од водата создаваа круг до круг и така гонејќи се постојано а недофатни еден за друг со својата бучава го затресија небото и тоа одгласи, раскрши, распука и веди затрештија над езерските бранови. Двата брана, што му беа во мислата на Климента, сега осветлени од огновите на небото ги понесе на врвот од перото, само ги исправи еден над друг и така како што ја допираа површината на водата ги спушти на пергаментот. Тие настојуваа да го продолжат своето наттрчување еден над друг, но Климент го тргна перото, го подигна од листот и виде колку смирено останаа да го држат гласот што се содржеше во тој знак, веди за В.

Светлината што наслезе од небото, пренесена со ѕвездите носени од птиците, му го огреа и просветли умот, и кога сонцето удри и искока над планината, го дофати со врвот на перото, го постави на пергаментот и воздивна олеснително, исполнувајќи го долгот кон својот учител.

Крукчето, ореолот останува во чест на светлината над светлозрачниот учител Кирил, си подума мудриот отец. Тука е и сонцето на својот пат. А го дофати во таа приквечеринка кога сонцето заоѓаше, а веќе лакот на небото од неговиот пат беше целосно оформен. Половина круг. Го нацрта на листот, го впиша знакот во пергаментот, во сувата јарешка кожа што одблеснуваше по рамнината под трепетливоста на пламенчето од свеќата, го пренесе од небото сончевиот лак, оформен како срп, и на листот остана знакот С за С и, словото е од божја уста пред сите нас изусти, и, во почетокот беше Словото, и Словото беше во Бога, и Бог беше Словото, се присети Климент дека и тоа го слушнал првпат од устата на учителот, на преблажениот Кирил и, воздивнувајќи олеснително што завршил еден голем дел од работата, го спушти перото на масата, па стана да ја постави

вечерата. Чувствуваше надојден апетит и задоволство од работата што му ја исполнуваше душата.

Закрепнат, одземаше од ноќта и од сонот, слушајќи го во тишината на одминувањето шуштежот на перото по рамнината на умешно штавената и вешто обработена кожа и во ист миг пробиваше до него шепотот на умозрачниот учител кој уште при првата средба го приклони кон својата мисла и потоа му ги отвори големите ризници на знаењето што ги носеше во себе, осветлувајќи му го патот кон големата вистина. Сега ти ја отворам тајната на небото и на земјата и светот никогаш повеќе нема да биде ист зашто тајната до која ќе допрат сите луѓе ќе ги просветли и ќе ги ослободи од стравот на темнината и ќе ја почувствуваат благородната душа на создателот, откривајќи колкава е неговата грижа за нив и дека не бил залуден трудот и топлината што од него се внесувала предадена кон нив. Делото е свое чедо и љубовта со која се сака е содржана во истрајноста и напорот на создавањето.

Непрестајно низ главата му минуваа раздвижени визии на знаци за гласовите и стрпливо, истрајно, исполнет со енергија и полетност ги ловеше, ги дофаќаше, и ги слегнуваше на пергаментот да ја скроти нивната разиграна светлина во смирена размисла. Кога ќе го нацрташе знакот и ќе го довршеше неговото прилагодување во спојот со листот, привикнувајќи се конечно да го прифати и привикнувајќи го на гласот кој му го предава да го носи од тој миг натаму низ целата вечност, задоволно ќе го положеше перото на масата. Со еден смирен прелет на раката ќе ја избришеше потта од челото, создадена од огнот на мислата во борбата на скротувањето на знаците и потоа, и потоа Климент ќе ја насочеше светлината кон ново пребарување. Откритието на новиот знак настојуваше да го прилагоди на светлината од одредениот глас и да го скроти на површината од листот. Начесто тоа не одеше лесно и од прв обид, го исполнуваше листот а му бегаше светлината, искосуваше, искршуваше. Дури се случуваше да создава и хаос во кој целосно не го препознаваше знакот за кој целеше. Го бараше и настојуваше да го спои со гласот кој гласно го отпушташе во просторот. Се случуваше да закрцкоти, да зашкрипе, да предизвика лом, и тогаш Климент го менуваше листот на

масата, земаше нов, неначнат пергамент, го поизмазнуваше со дланката, го прилепуваше на површината од масата и во него го вцртуваше најновиот знак од мислата. Го чувствуваше задоволството кога гласот, кој го изговара, се вклопува во убаво созвучје со знакот, што е нацртан. И тоа е тоа. Го добиваат животот од неговата рака и веќе постојат, тука се. Од следниот миг светот ќе ги запознава, широко ќе се отвора за нив и тие, со свој лет, предаден од птиците што слетале од сонот, ќе долетуваат до секого што ќе го искаже интересот за нив. Ќе другаруваат, ќе се дружат и ќе им бидат водичи, отворајќи им ја светлината низ непознатите простори на времето.

Кога, најпосле, по долга неизвесна борба со сонот ја наслони главата на работ од масата, сонот го налегна меко и кротко. Сонцето веќе излегуваше од вулканот на ноќта и исто така меко и кротко како сонот го погали со зраците што ја простираа светлината.

Климент над масата, прекриена со испишани листови на кои стоеја триесет и еден знак и од секој излегуваше по еден глас, сонуваше нов сон и отвораше нови, недопрени тајни.

А гласовите се помешуваа низ сонот, разиграни во сите бои низ светлината на виножитото. Наслегнувајќи од небото одгласуваше прекрасната симфонија, создадена од звуците на знаците, и го исполнуваше целиот простор. Тоа исто така беше сон, убаво како најубав сон и исполнуваше со силно надојдена среќа.

Стефан МАРКОВСКИ

УДК 821.163.3-32

Нешто како копнеж

7

Повторно паѓајќи во лепливите канџи на анксиозноста од која сакаше да исползи, пациентката се обидуваше да скокне надвор и од ќошот во кој беше сместена нејзината сегашност или барем она што личеше на тоа, а сето тоа беше далеку од начините за кротење на лавот заробен во нејзиниот ум.

Интрузијата на поединечни, навидум несовладливи мисли во нејзината глава надоаѓаше, се креваше во плима, а внатрешната борба беше само скок во кафезот по што лавот само се охрабруваше, и така здивеан се пушташе да ги дораскине преостанатите парчиња разумска контрола.

Дваесет милиграми циталопрам можеа да го нијансираат во поподносливо ужасното чувство на срцебиење што досегна до грлото, заканувајќи се таму да остане и да се вгнезди, но и тоа траеше само краток дел од сето време, пократок одошто замислуваше и сега веќе сите форми на очајот повтаа да станат изблици на тага растворена во фрустрација, но и бес, снажен бес кој беше овде заради неприродното, наметнато ограничување. Бесот на Бегонија беше распрснат во сите можни насоки што требаше да ја погодат и неговата внатрешна цел, но во тоа негово распрснување, знаеше, на страдање подлегнуваа и сите други нејзини скриени нежности кои таа инаку скапоцено ги вардеше и од најобичен допир, а камоли од пакост.

Го вклучи екранот и со прстот бргу помина по иконите кои ја одведоа до него. Информациите на неговиот профил беа оскудни: беа наведени годината на раѓање, градот на живеење и факултетот – и тоа беше сè. Да можеше да се занемари едната и единствена фотографија на која изгледаше како фотографиран на апсолвентска

прослава и пет-шесте фотографии на кои беше означен од неколку, очигледно блиски пријатели, ќе беше апсолутно празно.

Мистеријата продолжуваше, влевајќи се во далечните јадра од мисловните делови на мозокот кои инаку забораваше дека постојат.

Си мислеше, токму заборавот и беше причината за сите тие... илјадници прашања... не сите со прашалници. Некои со извичници исправени како неговиот стамен ‘рбет додека седеше, други со три точки, трети со неправилно едноподруго натрупана интерпункција како слободно интерпретиран блуз или како пулсот. Фокусот на вниманието ѝ беше како дворот од неговата куќа – екстремно тесен, бетонски забарикадиран и еднобоен.

Нејзините чудачки ококорени очи со апсолутна доминација на зениците како да се подготвуваа за екстаза додека остро и праволиниски го скенираа секој милиметар од екранот, понирајќи во секој дополнителен детаљ кој го сакаа, а го немаше за забележување.

„Каде си?“ брзински и во отсуство на секакво колебање ги прошета прстите низ екранот.

Блештавата светлина на екранот сè повеќе се засилуваше губејќи го самиот осет за сила и продор, жиците во позадината како да сакаа да ја избркаат од себе, како таа самата да повтеше да ја напушти таа груба пластична кутија, да се отелотвори во хало околу сиот простор, да можеше да испушта звуци тоа ќе беше неземско трештење што реже во длабочината на нејзините очи и самиот универзум, но не можеше, такво вештавило не можеше ниту тогаш ниту кога било да се манифестира во што било друго, најмалку во звук. Звуците од прашањата кои одекнуваа во нејзината главата беа единствените кои наликуваа на тоа.

Одговор и понатаму немаше.

„Каде си? Сакам да те видам“ се надоврза, за веќе следниот миг во новиот налет на прашалници да ја избрише пораката.

***

По неколку дена, повторно ѝ прелета она препознатливо од некогаш *дали сум луда?* како едно од плејадата прашања, пред, враќајќи ја намерата да му се врати и на екранот.

„Те молам, би сакала да поразговараме. Дали ќе бидеш и денес истото време во паркот?“

По неколку минути следеше краток одговор:

„Извини, зафатен сум.“

Инстантно заборавајќи на најстрогата забрана која тој ѝ ја посочи, го подигна четвртестото шише виски од под креветот и истури во чашата, веднаш отпивајќи неколку голтки.

„Знам дека секој ден минуваш оттаму“ му врати.

Вкусот на алкохолот беше изненадувачки тап и далечен од она што го очекуваше, затоа ја грабна стаклената чаша и не обидувајќи се да даде уште една шанса, со едно молневито движење ја фрли настрана.

„Те молам.“

За исто толку време, следеше и второто кратко довршување на она што не успеа да го дореч од прва.

„Не сум заинтересиран.“

Бесот распрснат во сите насоки сега полека се собираше во една точка, некаде на врвот од челото но поназад, на линија на веѓите, истовремено вклештувајќи ѝ ја во неподвиг вилицата, чекор по чекор поместувајќи ѝ ја разумската моќ во некој од непознатите задни џебови од внатрешноста на черепот.

Во дел од мигот уште еднаш го зграби телефонот, заборави на сите правила кои го регулираа односот меѓу мислите и нивната јазична артикулација и во напливот кој траеше пет, шест или десет минути, ни таа не знаеше точно колку, од себе ги исфрли сите можни зборови кои требаше да ги разорат или да ги изградат повторно онака како што можеше да одреди само моменталната јарост. Му пиша и неколку мејлови пред да се обиде да го добие телефонски, но одговор и понатаму немаше.

***

Неколкуте денови кои следеа, умот продолжи да ѝ врти околу единствениот, или поточно, првиот случај на нешто што таа го чувствуваше како блиско до некаква, макар и платонска афекција, некакви трошки чувствена интима, чиста и недопирлива, фантазмагорична а толку реална.

Безбедна и идеална, нешто како патување или тегобна бесцел по која вредеше да се трага.

Но тоа беше сè далеку од овдешноста.

Возбудата која веќе стана вообразение беше далеку од тоа да се созерца со обичното видело, а страста вајаше привидение од сите нејзини сенки кои ја прелеваа в очи со нежноста на розевата стварност сочинета од божури или цветовите на нејзината живописна лика – усните со нивното природно розевило.

Пулсираа тие, а пулсираа и другите делови од нејзиното тело. Во екот на своето вообразение низ кое ја допираше оваа слика под секој замислив агол, наоѓајќи се во полулегната положба на креветот, во внатрешноста на својата вулва почувствува силна одреденост на насоката на тврдиот долг објект во нејзината десна рака, обвиен во лизгав презерватив.

Темпото низ кое тврдиот објект продираше и излегуваше надвор беше во ритамот на нејзините мисли од миговите претходно, нивно магично продолжение во физичкиот или вообразен свет. На мигови се згуснуваше, на мигови, кога сакаше да побуди нови зони на насладата, опаѓаше, на мигови надоаѓаше до фаза на пред-ерупција и тогаш... тогаш можеше да се трансцендираат границите на припадноста, да знае дека му припаѓа, светот сосе сите негови мириси дека е нивен, дека се едно, дека е нејзин. Без никакви наметнати ограничувања. Нејзин. Дека тој е дел од неа. Дека ѝ припаѓа. Со неуморна тишина да му каже *мој си*. И така да го дочекаат утрешниот ден додека е во неа, заборавено нејзин. И дека не може да е поинаку. И дека... во животот не беше искусила побурен оргазам од неодврзливиот јазол на таа љубов, тогаш.

ДРАМА

Владимир КОСТОВ

УДК 821.163.3-2

Грешка

VII.

(*Собата со иконата на свети Стилијан. Ѓорѓи наведнат над масата. Веса во негова близина, со везало в раце, загледана е преку прозорецот.)*

Веса *(Го остава везалото и соопштува.)***:** Доаѓаат Пецакови!

Ѓорѓи: Натрапници!

Веса: Откога видоа дека не можат да те истиснат од оваа куќа, го изменија односот спрема тебе.

Ѓорѓи: Ме сметаат за улав.

Веса: Улав е оној нивниот.

Ѓорѓи: Ти го токмат за маж.

Веса: Глупости!

Ѓорѓи: Тие мислат дека со таа врска ќе бидеш почестена. А тој, пак, преку врската со тебе дека ќе го спознае „она вистинското“. Така му велела Пецакова на Вангел Бабачот.

Веса: Таа е исто толку улава колку и брат ѝ. Тие се фамилијарно улави.

Ѓорѓи: Таа пак „она вистинското“ го спознала во секој чекор небаре кучка. И тоа како на „благороден сој“, ѝ припаѓало. Како и златото. Главна цел им е всушност да се доберат до твојата куќа и до твоето злато. Куќата ќе ја турнат и на нејзино место ќе подигнат нова, со простории за дуќани во долниот кат. Нивните планови ми ги разоткри Вангел Бабачот. Мене ме планираат за калфа.

Веса: Ако треба да изградиме нова куќа ќе изградиме. И дуќани. Но ти ќе бидеш газда. Во дуќаните ќе ги продаваме книгите од делото што ќе го напишеш.

Ѓорѓи: Види каква идеја! О каде ти падна напамет?

Веса *(Го избегнува одговорот.)***:** Уште ги нема. Каде се? Сигурно долу улавиот Фердинанд се има закачено со Манди.

(Тропање на вратата.)

Веса: Слободно!

(Влегуваат Пецакови.)

Пецакова *(На Веса.)****:*** На поминување сме. Бевме на шпацир. Фердо посака да те види и да ти подари букет цвеќиња.

Фердинанд *(Правејќи „муцки“, ѝ подарува на Веса букет цвеќиња.)****:*** Маллла!

Димко *(Му приоѓа на Ѓорѓи кој им го има свртено грбот на гостите.)****:*** Како оди работата, дете? На што конкретно работиш?

Ѓорѓи *(Со доза на иронија.)****:*** Правам пресметки.

Димко: Ти си книговодител? Јас мислев дека си филозоф.

Ѓорѓи: Физичар сум. Го пресметувам времето.

Димко *(И тој со иронија.)***:** И? Го пресмета ли?

Ѓорѓи: Една секунда ми ги меша сметките.

Димко: Каква секунда? Која секунда?

Ѓорѓи: Секундата со која оваа наша 1990 година влезе во кусок. (*Небаре Ѓорѓи кажува нешто многу опасно, Фердинанд се возбудува и се вознемирува.)*

Димко *(Ѝ се приближува на Пецакова)****:*** Неоспорно младиот Манди е улав како татко му! *(Пак му приоѓа на Ѓорѓи.)* Дали тоа што оваа наша 1990 година влезе со секунда кусок е опасна работа?

Ѓорѓи: Зависи.

Димко: Од Што?

Ѓорѓи: Меѓународниот институт за мерки и тегови, откога констатира дека времето доцни, издаде наредба според која часовниците во 1990 година требаше да се вратат едназа една секунда наназад. Вие вашите ги вративте? Ако не сте ги вратиле, тогаш многу доцните. Една секунда наназад е време што не ќе можете никојпат да го надоместите.

(Фердинанд уште повеќе се вознемирува. Димко ѝ дава знак со рака на Пецакова дека Ѓорѓи не е со сите.)

Димко *(На Ѓорѓи)****:*** А ти, дете, твојот часовник го врати за една секунда наназад?

Ѓорѓи: Во дилема сум.

Димко: Зошто?

Ѓорѓи: Зошто не знам точно дали времето доцни или возот доцни.

Димко: Како тоа?

Ѓорѓи: Да речеме дека некои гангстери го нападнале возот со кој времето доаѓа и го ограбиле. Да се ограби една секунда тоа би бил грабеж на векот. Под услов времето да се мери со сенката на сонцето, со клепсидри и со обични часовници. Макар и со електронски. Зашто, што всушност се очекува да пристигне на железничката станица. Возот или времето? Што мислите вие?

Димко: Секако возот.

Ѓорѓи: Според меѓународниот институт за мерки и тегови, секојпат времето пристигнува и секојпат навреме. Но, ете, во 1990 година со секунда задоцнување. Возот стигна точно во дванаесет, но времето доцнеше, тоа беше дванаесет без една секунда. И што значи сега тоа? Дали стрелките на часовниците да се вратат една секунда наназад или да се поместат една секунда напред. Што мислите вие?

Димко *(Заинтригиран.)**:*** Во секој случај кога часовникот покажува дванаесет, а не е дванаесет, тука е дванаесет без една секунда, часовниците треба за една секунда да се вратат назад. (Бара потврда од Пецаков.) Така, нели?

Фердинанд *(Вознемирен.)**:*** Нннникс!

Ѓорѓи: Напред! Зашто возот веќе пристигнал во дванаесет, точно напладне. Така што, кога вашиот часовник покажува дванаесет, не е дванаесет, туку е дванаесет и една секунда. Тоа значи дека не вие времето, а времето вас ве украло.

Фердинанд *(Опасно возбуден.)**:*** Нннникс! Нннникс!

Ѓорѓи: А за таа секунда може многу нешто да се стори, да се спаси светот од нуклеарна катастрофа!

Фердинанд *(Опасно возбуден.):* Нннникс! Нннникс!

Пецакова *(Го смирува Фердинанд.)*: Фердо! Фердо! Смири се! *(Вади од чантата шамиче, го натопува со парфем и му го поставува под носот. Фердинанд се смирува.)*

Димко: Ајнштајн тука не може да се снајде. Никој. Освен можеби оној стариот будала.

Пецакова: Не спомнувај го стариот Манди. Човекот (*Покажува на Фердинанд.)* е алергичен на него. Јас знам кој ќе го реши овој проблем.

Димко: Кој?

Пецакова *(Конспиративно.)**):*** Професорот Врклевски.

Димко: Врклето? Тој е врвен научник. Име со светска репутација во таа област.

Пецакова: Само да почекаме младиот Манди да го напише делото. Да го добиеме црно на бело. Ајдете! *(На Веса.):* Вие сметајте и пресметувајте, ние ќе си одиме, не сакаме да ви пречиме. *(Марширајќи, Пецакова ја напушта просторијата. По неа Димко и Фердинанд, откога овој упатува спрема Ѓорѓи заканувачки гримаси.)*

Ѓорѓи *(Ги трие рацете, небаре ги мие од нечистотијата)**):*** Се ослободивме од нив. Барем додека да го напишам делото. *(Оди покрај масата, и, не седнувајќи, туку отпростум, прави некои забелешки. Веса седнува на столот, го зема везалото и почнува да везе. Тишина. Се слуша ѕидниот часовник како отчукува.)*

Ѓорѓи *(Завршувајќи го записот, се свртува спрема Веса.)* Што везеш?

Веса *(Му го покажува везалото.)**):*** Бела кошула со црвен цвет на левата страна.

Ѓорѓи: За кого ја везеш таа кошула со црвен цвет?

Веса: За тебе, ќе ти ја подарам откога ќе го завршиш делото.

Ѓорѓи: Љубезно од твоја страна.

(Часовникот отчукува, па одѕвонува дванаесет.)

Ѓорѓи: Одѕвони дванаесет! Дојде мојот час, спушти ги Весо, завесите!

(Веса го остава везалото и ги спушта завесите на прозорците.)

Ѓорѓи: Запалете го кандилото пред иконата на свети Стилијан, заштитникот на децата. Неговата заштита сега ќе ми треба повеќе од секојпат. Подготовките ги направив и конечно решив да го пишувам делото.

Веса: Нека е со среќа!

Ѓорѓи *(Ги шири рацете спрема Веса.)***:** Дојди! *(Распетлувајќи ја робата, Веса му приоѓа. Ѓорѓи ја спречува во намерата да се соблече.)* Не! Душа ми треба!

Веса *(Трогната.)***:** Душа?

Ѓорѓи: Сега душа ми треба.

Веса: На, целата душа*! (Веса му ги подава на Ѓорѓи усните. Тој со своите нежно ѝ ги бакнува, одвај ѝ ги допира.).*

Ѓорѓи: Збогум! *(Тргнува кон масата. Тоа е пат од два чекора кој ги прави небаре осуденик кон ѕид за стрелање. Седнува покрај масата. Го зема перото и се замислува. Веса го зема везалото и продолжува да везе. Тишина. Часовникот отчукува. Ѓорѓи има творечки проблеми. Врти со главата.).*

Веса *(Откако гледа дека Ѓорѓи се мачи, го остава везалото, станува.)***:** Што е Ѓорѓи?

Ѓорѓи *(Очаен.)***:** Секундата!

Веса: Каква секунда?

Ѓорѓи: Не можам да ја напишам првата реченица. Се плашам да не полудам како Ниче.

Веса: Како да полудиш како Ниче? Кој е тој Ниче? Нема да дозволам да полудиш како Ниче!

(Веса ја отпетлува и ја разгрнува робата, го прегрнува Ѓорѓи и го повлекува кон постелата.)

(ЗАТЕМНУВАЊЕ)

Трајче КАЦАРОВ

УДК 821.163.3-2

Примка

1.

АКТЕРКАТА

(*Во домашен амбиент,пред огледалото во спалната соба, актерката го репетира текстот за улогата на Ана Карењина, во истоимената претстава, што треба премиерно да биде изведена во Националниот дворец на културата, по само неколку часа.)*

Актерката: „Скоро сѐ ќе се расплети и ние сите ќе се успокоиме и нема повеќе да се мачиме. ..Јас нема да го преживеам тоа... Го знам јас тоа, го знам сигурно. Јас ќе умрам многу ми е мило што ќе умрам и ќе се избавам и себе си и вас... Не, тоа е вистина... Дека ќе умрам видов на сон... Одамна веќе го видов тој сон. Видов дека сум се втрчала во својата спална за да земам нешто, да разберам нешто; ти знаеш како станува тоа на сон - во спалната, во аголот стоеше нешто. И тоа нешто се сврте и јас гледам дека е селанец со разбушавена брада, малечок и страшен. Сакав да бегам, но тој се наведна над торбата и почна со раце нешто да пребарува во неа...Тој пребарува и изговара на француски бргу, бргу, и, знаеш гласот му се тркала... Од страв сакав да се разбудам, се разбудив... Но, сум се разбудила во сонот. И почнав да се прашувам што значи тоа? А Корнеј ми зборува: „при раѓањето, при раѓањето ќе умрете, при раѓањето, матушка... И, се разбудив...“

2.

ДЕБЕЛАТА ЖЕНА

(Во домашна атмосфера. Во кујната, во мигот на консумирање на обилен оброк ѝ ѕвони телефонот. Во едната рака го држи кроасанот, а во другата телефонот.)

Жената: Ало, да, о тоа си ти мила моја. А, што работам, вообичаено, вежбам. Сѐ ми се чини дека толку многу ослабев од вежбањето што кога ќе се видиме не ќе можеш да ме препознаеш. Што, кога вчера се видовме не си забележала никакви промени?! Зарем мислиш од вчера до денес не може да се ослаби петнаесетина килограми. Може мила моја, може. Всушност не може секој, ама јас можам... Сакаш да кажеш дека заборавив на нашиот договор, дека сум заборавила на мојата обврска. Драга моја сестричке морам да те потсетам дека ти си мојата обврска, поточно јас сум твојата заштитничка уште кога тато рече дека ќе се откаже од тебе и тоа преку весник. Се сеќаваш ли кога му кажа дека си се запишала во националната академија за филм и театар. Се сеќаваш ли кога му реќе на тато дека ќе бидеш актерка и кога тој поради тоа рече дека повеќе не си му ќерка? Ако се сеќаваш на тоа сигурно ќе се сетиш и на мојата преземена обврска. Јас директно во очи му реков и на татко и на мајка: „Оставете ја, јас ќе си ја преземам грижата за неа - за нејзиното здравје и за нејзината актерска кариера!“ Тоа ги смири, и татко не испрати прилог во весниците дека се откажува од својата второ родена ќерка... Да, да знам што треба да направам и веќе сум во топ форма за извршување на задачата. Знам дека е тоа твоја животна желба, затоа станува и моја. Не грижи се драга моја сестричке, се гледам по претставата!“

3.
ТАКСИСТОТ

(Таксистот застанат покрај телевизорот сместен врз три-четири автомобилски пнеуматици, во гаражата, синхроно ги изговара репликите на актерите од филмот Крамер против Крамер.)

Тед Крамер: Слушај, зошто да не одиш горе и да го видиш, јас ќе чекам тука.

Џоана Крамер (*Ги брише солзите од нејзините очи*)**:** Како изгледа?

Тед Крамер: Изгледа одлично.
Џоана Крамер: Дојдов за да го одведам синот дома. Ама сфатив дека тој е веќе дома. Јас не сум добар. Немам трпеливост. Мислам дека ќе му биде подобро без мене.
Тед Крамер: Јоана, молам.
Џоана Крамер: И, не те сакам повеќе.
Тед Крамер: Каде одиш?
Џоана Крамер: Не знам.
Били Крамер: Тато?
Тед Крамер: Да?
Били Крамер: Жал ми е.
Тед Крамер: Жал ми е премногу. Сакам да одите на спиење бидејќи е навистина доцна.
Били Крамер: Тато, дали си одиш?
Тед Крамер: Не, останувам тука со тебе. Не можете така лесно да се ослободите од мене.

4.

ЖОЛТОТО ТАКСИ ВОЗИЛО

Актерката (*Пред да влезе во такси возилото, жолто по боја како секое такси од Њујоршките улици. Коментар.*)***:*** Ерик Клептон, Мислам дека тоа му е само добар повод на таксистот да започне разговор. Јас треба да се фатам на јадицата на која како мамец е закачен Клептон или неговиот дамнешен Крим, или можеби некој друг блуз бенд.
Актерката (*Влегува во таксито и седнува на задното седиште.*)***:*** Тоа воопшто не е Ерик Клептон, (*Подавајќи ја главата низ отворениот прозорец. Коментар.*) му реков, местејќи се на задното седиште и ставајќи си ја големата ташна во скутот.
Таксистот: Ако не е Клептон, тогаш кој е?
Актерката: Не знам кој е, но Клептон не е.

5.

ПРВ ОБИД НА ДЕБЕЛАТА ЖЕНА ДА ГО СОПРЕ ТАКСИТО

(Дебелата жена се појавува од зад аголот на улицата и трча да го сопре штотуку кинисаното такси возило. Не успева. Коментар.)

Дебелата: Не можев да претпоставам дека така можат да чкрипат гумите по стар истрошен асфалт. Брзината му е необична. Чиниш се трка со историјата на градските улици. Во наредната улица ќе биде мое, па, и по цена да легнам пред него на асфалтот...

6.

ТАКСИТО КАКО НОЕВА БАРКА

(*Во такси возилото)*

Актерката: Зарем нема да прашате до каде треба да возите?

Таксистот: Не знам зошто треба да знам до каде треба да возам. Многу поважно е што успеавте да фатите такси. Треба поради тоа да сте среќна. Да му благодарите на Господ што сепак некаде ќе стигнете. Зарем не ја видовте дебелата жена што мафташе. Не успеа кутрата да се качи во таксито. Ќе си ги искрши ножињата додека да стигне таму каде што треба. А по тоа како мафташе со рацете изгледа дека долго ќе пешачи.

Актерката: Сакате да кажете дека денес таксито е она што некогаш била Ноевата барка. Ако не успеете да влезете во неа големата вода, ќе Ве голтне.

Таксистот: И јас би сакал да е поинаку драга госпоѓо...

Актерката: Госпоѓица.

Таксистот: Добро драга госпоѓице... Кога би било поинаку би бил пресреќен драга госпоѓице. Вака и јас секојдневно му благодарам на Горниот што ми дава можност да најдам спас токму во таксито.

Актерката: Тогаш спасете ме и мене и одведете ме до влезот на Националниот дворец на културата!

Таксистот (*Возејќи.)**:*** На услуга драга госпоѓице, но најпрво да расчистиме со Клептон. Ве молам одговорете ако не е Клептон, тогаш кој е ова? (*Ја менува музиката*.)

7.

ВТОРИОТ ОБИД НА ДЕБЕЛАТА ЖЕНА ДА ГО СОПРЕ ТАКСИТО

(Дебелата жена се појавува на тротоарот. Мавта со раката. Такси возилото не застанува. Коментира.)

Дебелата жена: Трешти силна музика од такси возилото. Па, такси возилото наликува на звучник на тркала. Чудо невидено, таксито го управува романтичен таксист. Не поради тоа што сум заљубена во принцес крофните полнети со топло чоколадо, ама гласот на пејачот што излегува од сите отвори на таксито, ми личи на разлеано топло чоколадо. (*Со бело шамивче си ја брише потта од челото и гледа во такси лимузината што сѐ повеќе се одалечува и се губи во просторот. Нервозно вади кроасан од џебот и го загризува.*)

8.

АМА ДРЖЕТЕ ГО ВОЛАНОТ, ЧОВЕЧЕ

(Во такси возилото. Актерката и таксистот.)

Актерката: Позната музика. Морам да Ви кажам дека тоа е музиката на моето детство, но и на мојата младост. Тоа е она што најбргу ме враќа во годините во кои учев во гимназијата. Тато ѝ ја подари плочата на мама за 8 Март. Многу години оттогаш секој 8 Март ми завршува и почнува со истата песна. Сепак нема да се трудам да погодам кој свири и кој пее.

Ткасистот (*Ги трга рацете од воланот и имитира свирење на гитара. Ѝ говори на актерката гледајќи ја во ретровизорот.*)***:*** Не ми купија гитара. Научив да свирам на уста-тинтин-тинтин-тинтин. Станав прв гитарист во маалото. Тоачак, Ричи Блекмур, Џими Пејџ, ги кинев нивните сола како никој. Еве види *(Имитира свирење гитара со устата.*) тин-тинтинтин-тинтин-тин,тин-тин.

Актерката (*Избезумена од констатацијата дека колата се движи без да биде управувана.*)***:*** Одлично свирите гитара, само Ве молам оставете ја понастрана и посветете му се на воланот кој во дадениот случај, Ви значи живот, всушност ми значи живот.

Таксистот *(Се свртува кон актерката.*)***:*** Ме изненадувате драга госпоѓице. Од каде толку многу знаете за мене, поточно од каде знаете што претставува живот за мене?

Актерката: Ама Ви се молам држете го воланот и гледајте напред-пред себе, можете многу лесно да поминете преку некој пешак.
Таксистот: Без молби драга госпоѓице, си ги знам јас своите задолженија, преку зебра можам да поминам и сум минел, ама преку пешак ни мртвов не би поминал, така да знаете драга госпоѓице.
Актерката: Се извинувам ако Ве навредив. И Ве молам не свртувајте се кон мене, гледајте право пред вас.
Таксистот: Имате право драга госпоѓице. Имате право. Мојата работа е многу опасна и одговорна. Треба човек очи да отвора и тоа четири, не две... Сепак мора да признаете дека сум мајка за соло партитури. Кога ќе засвирам симнувам облачиња од небото. Се шират облачињата по земјата, а на нив се гледаат само јавнати жени - еј, само жени - распеани, насмеани убави како божици. Слушнете: Тиу, нониу, нониу, тиууу ...
Актерката (*Панично.*)***:*** Ама држете ги воланот човеку, ќе прегазевте една жена.
Таксистот (*Се свртува кон актерката.*)***:*** Дали ја прегазив?
Актерката: Сега засега не, ама не значи дека нема да ја прегазите ако продолжете наместо воланот да ја држите таа ваша така наречена гитарата во рацете.
Таксистот: Смирете се драга госпоѓице. Еве Ви ветувам дека ќе ја свртам колата и Ве водам таму каде што ќе посакате...
Актерката: Вие веќе и заборавивте каде треба да ме одвезете.
Таксистот (*Повторно свртен кон актерката на задното седиште.*)***:*** Ве молам кажете ми, дали жената што пред малку ќе поминев преку неа беше дебела и трома.
Актерката: Не беше дебела, но ако вам Ви одговара да биде дебела и тромава, тогаш нека биде по ваша желба.
Таксистот: Значи беше дебела и тромава.
Актерката (*Со нервна напнатост.*)***:*** Беше и дебела и тромава, беше невидена крофна.
Таксистот: Таа е! Токму таа!
Актерката: Која е таа?

Таксистот: Таа што трчаше по нас уште кога тргнавме од плоштадот „Слобода“. Вистинска супер крофна.
Актерката: Дебелата и тромавата, крофната, трчаше по нас?
Таксистот: На моменти и не натрчуваше, излегуваше пред возилото и мафташе со дебелите раце како со две цепаници.
Актерката: Ви се молам престанете да халуцинирате, всушност ние и не тргнавме од плоштадот, туку од улицата „ Крадци на народот“.
Таксистот (*Се свртува кон актерката.*)***:*** Ајдее, зарем има и таква улица.
Актерката: Не, тоа е улицата на „Народните херои од НОБ“ ама откако на неа изградија куќи и во нив се вселија денешниве политичари народот ѝ го смени името.
Таксистот: Драга госпоѓице јас сум должен да Ве известам. А Ве известувам за да знаете дека јас со моето такси возило секогаш поаѓам од плоштадот „Слобода“. Никогаш до сега не сум тргнал од улицата „Крадци на народот“. А, ако денес сум погрешил тогаш ќе мораме да се вратиме назад и тоа во рикверс.
Актерката: Ви се молам, простете и на мојата брзоплетост. После Вашата забелешка морам да Ви кажам дека ние навистина тргнавме од плоштадот „Слобода“.
Таксистот: Не ние, туку јас самиот тргнав од плоштадот „Слобода“. Со вас тргнавме од улицата на „Крадци на народот“.
Актерката: Најпосле да сè усогласиме.
Таксистот: Сè уште не сме. Треба да погодите од кој гитарист е соло партитурата што предмалку ја свирев на гитарата.
Актерката: Она, тиу- ниу, тиу-ниу. Да погодам од кој гитарист е?
Таксистот: Не само тиу-ниу, туку и нинуууу-нинуууу!
Актерката: Знам, имитиравте сирена на полициско возило.
Таксистот *(Го запира возилото и набрзина излегува од него. Бега.*)***:*** Сирена на полициско возило?! Леле каде најдоа токму сега да ме бркаат. (*Се крие во паркот зад расцветан трендафил месечар.*)
Актерката (*Излегува од возилото го бара. Вика по него.*)***:*** Господинее! Господинее! Ма, каде отидовте? Па, не реков јас дека Ве брка полиција, туку сакав да кажам...

Таксистот (*Се појавува од зад расцутен трендафил.*)***:*** Шшшшш! Госпоѓице! Госпоѓицее! Дојдете поблиску!
Актерката (*Му се приближува.*)***:*** Леле, ама Вие навистина сте се уплашиле...
Таксистот: Не, само излегов да мочам, знаете кога ќе слушнам полициска сирена секогаш ми доаѓа да го испуштам. Сакам да кажам ми се јавува голема потреба да мочнам. Да не дојдовте и вие да моч...
Актерката: Глупости, па нели Вие ме повикавте.
Таксистот: Добро, кога веќе сте овде сакам да Ви кажам: ако навистина тргне некое полициско возило по нас, бидете подготевена да си ги замениме местата... Јас... Јас...
Актерката: Сакате да кажете јас да седнам на шоферското место? Слушајте, да Ви кажам: Тоа не доаѓа во предвид. Од една единсвена причина - не знам да возам. Никогаш досега не сум седела на шоферско место. А, нема да седнам ниту сега.
Таксистот: Па, и јас не знам да возам.
Актерката: Како бе, незнаете да возите?
Таксистот: Всушност знам, ама немам дозвола...
Актерката: Немате дозвола да возите такси? Па, не сте едиствен, многу таксисти возат на црно...
Таксистот: Јас немам дозвола за возење кола.
Актерката (*Го граба за реверите од палтотот, го подига и му говори директно во лицето.*) ***:*** Влегувајте веднаш во таксито и со полна брзина право кон Националниот дворец на културата... Треба да стигнам на време. Знате ли Вие дека денес е денот Д за мене и за мојата актерска кариера. (*Го отфрла таксистот од себе и збесната трга кон такси возилото.*) Денес ја играм мојата животна ролја. Од денес па понатаму, во целиот мој животен век ќе бидам Ана Карењина. Да, ќе бидам жената што љуби и умира поради љубовта... Слушнавте ли умира...
Таксистот (*Влегува во такси возилото.)****:*** Ајде поаѓаме и Ве молам издржете, немојте да умрете пред да стигнеме... И запомнете, вие сте шоферот на такси возилото...

Актерката (*Влезена во таксито.*)***:*** Ако не стигнеме на време, и не ја одиграм улогата Вие ќе бидете виновникот. За тоа ќе ми платите со главата.
Таксистот: Ама Ви се молам, немојте, рано е за плаќање. Наплатувам откако ќе стигнеме.

9.

ТРЕТ ОБИД НА ДЕБЕЛАТА ЖЕНА ДА ГО СОПРЕ ТАКСИТО

(*Дебелата жена се појавува од зад аголот на улицата мафтајќи со рацете и викајќи по таксито.)*
Дебелата: Таксии! Таксии! *(Откако ќе заклучи дека и овој пат нема да успее да влезе во такси возилото.*) Требаше малку да побрзам за да го фатам додека мочаше зад трендафилот во паркчето. Расипан човек, среде бел ден моча во паркот и тоа врз трендафил месечар. Мразам таксисти што немаат еколошка свест. Не е, воопшто чудо што сите такси возила имаат жолта боја. Кога такси возилата би биле офарбани со зелена боја таксистите би мокреле во такси возилата на секој километар. *(Одмавнува со раката. Ја брише потта од челото па повторно му се одава на задоволството што и го причинува јадењето на кроасана наполнета со крем.)*

10.

ВИ СЕ МОЛАМ НЕМОЈТЕ ДА СЕ ВОЗБУДУВАТЕ

(Таксистот и Актерката.)
Таксистот *(Во такси возилото.*)***:*** Морам да Ви кажам дека сега ептен сум возбуден.
Актерката: Ви се молам немојте да пуштате музика и немојте да свирите гитара, сконцентрирајте се на возењето, треба да стигнеме што побргу.
Таксистот: Смирете се драга госпоѓице, возбудата ми доаѓа од друга причина.
Актерката: Ви се молам не возбудувјате се! И онака немате дозвола уште и возбуден да возите.

Таксистот: Ама драга госпоѓице возбуден сум поради тоа што возам актерка.
Актерката: Возите актерка? Каде е таа? Зарем не сум сама во колата?
Таксистот: Ама нели самата рековте дека сте актерка.
Актерката: Простете се збунив. А, како не ќе се збунам кога се поблиску сме до почетокот на претставата, а сѐ подалеку од Националниот дворец на културата.
Таксистот: Кога веќе разбрав дека сте актерка морам да Ве прашам, дали знаете кој е мојот најомилен филм?
Актерката: Јас сум актерка во театар, малку го познавам филмот.
Таксистот: Не мора да го познавате филмот, погледнете во мојата фаца и таа самата ќе ви каже. Ајде погледнете (*Се свртува кон актерката.*) Ајде, зарем не се познава?
Актерката: Што да се познава на Вашата фаца?
Таксистот: Па тоа - кој е мојот најомилен филм.
Актерката (*Подбивно*)***:*** „Крадец на велосипеди“.
Таксистот: Ви се молам, зарем Ви личам на крадец на велосипеди?
Актерката: Па, нели баравте да погодам кој Ви е најомилен филм.
Таксистот: Ајде уште еднаш, ајде обидете се.
Актерката (*Подбивно*)***:*** „Леси се враќа дома“.
Таксистот: Ајде Ви се молам, зарем Ви личам на куче скитник?
Актерката: Би Ви предложила да побрзаме, зашто ако задоцнам сакале Вие или не, ќе мора да бидете лик од филм во кој таксистот паѓа мртов од раката на театарска актерка.
Таксистот: Во филмот, драга моја, се зборува за еден кој го напушти семејството, жената и двете деца. Вториот акорд на тагата зборува дека ги напушти поради пороците што ги има. Не сака тие невини да страдаат. Приказната кулминира во мигот кога фамилијата му помага да се ослободи од пороците и да им се врати. Морам да Ви признаам дека секогаш кога го гледам плачам. Со количината солзи што ми истекува од очите може да се испере чаршав за брачен кревет.

Актерката: Кога веќе запнавте да раскажувате, ќе кажете ли каков му е насловот на филмот.
Таксистот: Каков наслов?
Актерката: Ама, како е насловен филмот, човеку?
Таксистот: Не успеав да го запомнам.
Актерката: Чудно, како можете да кажете дека филмот Ви е омилен, а не знаете како е насловен.
Таксистот *(Свртен кон актерката сместена на задното седиште во таксито.*)**:** Не знам, зашто мене не ме интересира насловот на филмот, туку неговата содржина.

10.

ЧЕТВРТИОТ ОБИД НА ДЕБЕЛАТА ЖЕНА ДА ГО СОПРЕ ТАКСИТО

(Дебелата жена излегува пред такси возилото. Ги држи рацете напред пред неа. Сака по секоја цена да го сопре таксито.)

Актерката: Внимавајте жена.
Таксистот (*Ги трга рацете од воланот. Се префрла на задното седиште, до актерката. Си ги покрива очите.)*
Актерката: Леле како да ѝ го слушам претсмртниот рев! *(И таа ги покрива очите со рацете.)*
(Додека тие ги покриваат очите со дланките Дебелата жена застаната покрај таксито коментира.)
Дебелата (*Коментар.)***:*** Погледнете го мочкото седна на задното седиште до актерката. Седат еден до друг со рацете врз очите. Изгледаат како две наивни и премногу уплашени дечиња. Можам да ставам крај на брканицата. Немам објаснување, зошто не го правам тоа... (*Вади кроасана од џебот и лакомо ја јаде.*

11.

КОГА ТОЛКУ БРГУ СЕ СТЕМНИ

(Во таксито на задното седиште - актерката и таксистот со шаките врз очите.)

Таксистот: Ја прегазивме ли?

Актерката: Не знам. Ништо не гледам. Кога толку бргу се стемни?
Таксистот: И јас не гледам ништо. Никогаш така наеднаш не се стемнило.
(*Се слуша сирена на полициско возило.)*
Таксистот *(Се уште со дланките на очите.)****:*** Се надевам дека и ти го слушаш истото што и јас.
Актерката (Се уште со шаките на очите.)***:*** Јас немам ништо со тоа, ти си таксистот.
Таксистот: Морам да ве разочарам. Вие самата се сложивте во случај на полициска контрола да го преземете воланот во ваши раце, всушност Вие да бидете таксистот.
Актерката (*Ги спушта шаките од очите.*)***:*** Како не Ви е срам да местите слаба, незаштитена жена. Уф, денешните мажи не се ништо друго освен мочковци!
Таксистот: Имам принципи и од нив не остапувам. Еднаш реченото за мене е пресечено. Договор си е договор.
Актерката (*Плачливо.*)***:*** Ама Ви се молам па јас денес ја играм големата ролја... А како што изгледа ќе ја пропуштам шансата што само еднаш може да ти се случи во театарот...
(Полека, полека се намалува јачината на полициската сирена.)
Таксистот: Заминаа.
Актерката (*Плачливо.*)***:*** Ете дури и тие заминаа, само ние стоиме во место, а времето до почетокот на премиерата е сè пократко. Зборувате дека плачете на тажни филмови, а ваму ме оставате насреде улица, далеку од мојата животна ролја, далеку од мојот успех. Зарем не ви е жал да ме гледате како плачам.
Таксистот (*Плаче.*)***:*** Како не драга госпоѓице, па, јас веќе се растопувам од жал.
Актерката: Ако е така тогаш зошто не нагазнете на педалата за гас и да стигнеме пред Националниот дворец на културата на време.
Таксистот (*Плаче.*)***:*** Кога плачам не возам.
Актерката: Како бе, не возите?
Таксистот: За тоа сте Вие самата виновна.
Актерка: Јас. А зошто плачете Ви се молам?

Таксистот: Па нели Вие го побаравте тоа од мене.
Актерката: Кое?
Таксистот: Па, тоа да сочувствувам со Вас.
Актерката: Ако е така тргнете со полна брзина кон Националниот дворец на културата.
Таксистот: На Ваша заповед драга госпоѓице. Врзете се за седиштето полетуваме. Но, летот нема да биде пријатен ако е без добар стар рокенрол. *(Натиска на копчето од касетофонот. Таксито се полни со рокенрол ритам од композиицијата „За покојникот“ од групата Раинбоу.)*
Таксистот (*Имитира свирење на гитара.*)***:*** Добриот рокенрол секогаш го користам за далечинско упаравување со возилото. Слушајте, после ова слетуваме.
Актерката (*Панично.*)***:*** Ви се молам сакам да застанете. Овде ќе слезам. Се ми се чини дека ако тргнам пешки ќе стасам токму навреме. Застанете!
Таксистот: Не можам.
Актерката: Ви се молам запрете го такси возилото!
Таксистот: Ама Ви се молам немојте да се возбудувате, не застанувам.
Актерката: Застанете или ќе викам!
Таксистот: Морам да ви кажам дека на ова место застанувам само во петок.
Актерката: А денес е среда.
Таксистот: Ете гледате.
Актерката: А кога застанувате пред Националниот дворец на културата? Немојте да кажете дека и пред него застанувате во петок.
Таксистот *(Се свртува кон актерката сместена на задното седиште во такси возилото.)****:*** Точно така, погодивте. Немојте да се возбудувате, петок е за два дена, а дотогаш ќе Ви пуштам музика по Ваш избор и ќе ви ги раскажам сите мои омилени филмови... Го знате ли оној кога се среќаваат Мерил Стрип и Клинт Иствуд на мостот на реката Квај.
Актерката *(Панично.)****:*** Море каква река Квај, човече штотуку удривте во црна лимузина и тоа на црвено.

Таксистот *(Се префрла на задното седиште. Седи до актерката. Ги покрива очите со дланките.)***:** Зарем она туп-туп-туп не беше од песната на Раинбоу. Те молам драга госпоѓице поминете на шоферското седиште...

Актерката (*Со дланките на очите.*)***:*** Не доаѓа во предвид. Она што самите си го надробивте самите ќе си го исркате. Ви реков дека гледањето филмови не излегува секогаш на добро. Ако одевте на театар немаше да Ви се случуваат вакви непредвидливи работи. Театарот им помага на луѓето, поготово на оние кои многу малку гледаат пред себе, напред и на оние кои удираат во автомобили и тоа на црвено.

12.

ПАТ КОН ИДНИНАТА

(Истите и Дебелата жена.)

Дебелата жена *(Го грабнува таксистот за реверите, го извлекува надвор од колата, му се вденува во лицето.)***:** Знаеш ли во што удри коњу килав?

Таксистот: Со жените никогаш не си на чисто, додека за едната си куче скитник, задругата си килав коњ...

Таксистот: Ако знаев немаше да удрам**.**

Дебелата жена: Штотуку го уби мојот болен маж.

Таксистот: Не возбудувајте се госпоѓо, мислам дека штетата е мала.

Дебелата жена: Како бе штетата е мала?

Таксистот: Па ќе беше полошо ако беше здрав.

Дебелата жена: Болен и мртов, тоа е премногу за мене.

Таксистот: Се надевам не и за него.

Дебелата жена: Сакам да го вратиш во претходна положба.

Таксистот: Да биде само болен?

Дебелата жена: Да биде само добар.

Таксистот: Добро, ако ми дозволиш да го однесам во болница.

Дебелата жена: Сакаш да го лекуваш?

Таксистот: Не само да го вратам да биде болен.

Дебелата жена: Зарем мислиш дека таму можат од прегазениот да направат само болен, не и мртов?

Таксистот: Имајте доверба во нашите болници, госпоѓо.

Дебелата жена: Ако излезе поинаку ќе те убијам!
Таксистот: Знам.
Дебелата жена: Вози!
Таксистот: Ќе го внесете во колата?
Дебелата жена: Не, јас ќе влезам во колата, а тој ќе дојде со колата во која штотуку удривте и тоа на црвено.
Актерката: Во таков случај јас излегувам.
Таксистот: Вие не одите никаде!
Актерката: Како тоа никаде, нели требаше да ме однесете до влезот на Националниот дворец на културата?
Таксистот: Токму поради тоа. Ќе Ве одведам прво до болницата, а потоа до Вашиот Национален дворец на културата. Јас и онака кога возам до болница не застанувам никаде.
Актерката: Јас прва влегов во таксито и барам да се испочитува мојата предност.
Дебелата жена: Сега ми доаѓа и Вас да Ве клопнам по лејката. Какво е тоа не почитување на возниот ред на такси шоферите.
Актерката: Јас токму тоа го правам – го почитувам неговиот возен ред направен уште во улицата „ Крадци на народот“
Дебелата жена: Па зарем не гледате дека има повреден човек?
Актерката: Тоа не е моја работа.
Дебелата жена: Тогаш е моја. Вози до болницата.
Актерката (*На такси шоферот.*)***:*** Излегувам, ќе продолжам пешки. *(Излегува и силно ја затвора вратата на такси возилото.)*
Таксистот *(Излегува од такси возилото, клекнува пред актерката, ја држи за раката.)****:*** Почекајте, не заминувајте. Сакам да Ви го раскажам мојот најомилен филм.
Актерката *(Се уште надвор од такси возилото. Коментира.*)***:*** Имам меко срце, нешто како ликовите во делата на Фјодор Михајлович Достоевски. Не можам да гледам како плачете. Ви давам уште една шанса. *(Влегува во такси возилото.)*
Дебелата жена: Вози.
Актерката: Ви се молам побрзајте, веќе и доцнам.
Таксистот (*Пред да тргне со возилото.)****:*** Драга госпоѓо ќе кажете ли дали повредениот ќе не следи со колата ?
Дебелата жена: Повредениот и колата се во во таксито .

Таксистот: Како бе, во таксито се?
Дебелата жена: Ти си повредениот, таа е повредената, јас сум повредената, таксито е колата што е удрена.
Актерката: Ви се молам бидете попрецизни, ќе кажете ли каде е вашиот маж, оној што пред малку рековте дека ја возел колата и дека се бори за живот.
Дебелата жена: Јас немам маж, уште помалку повреден, маж што ја возел колата и сега се бори за животот.
Таксистот: Значи не сум удрил во кола, нема повред маж. Опаа! За ова морам да пуштам старо добро рокенролско парче.
Актерката (*Панично.)**:*** Ама оставете го касетофонот!
Дебелата жена: На вас драга моја ќе Ви треба болница и тоа интензивна нега.
Актерката: Ова веќе е неиздржливо излегувам *(Излегува од таксито.*). Одам пешки сигурно ќе стигнам побргу од таксито до Нациналниот дом на културата.
Дебелата жена (*Излегува од таксито и трга по актерката.*)**:** Нема да стигнете.
Актерката: Зарем и Вие знаете каде треба да стигнам?
Дебелата жена: Вие веќе доцните, улогата на Ана Карењина ја игра Вашата алтернатива, мојата сестра. Цело време трчав по таксито со намера да го сопрам, да направам сѐ за да задоцните. Мојата сестра ме заколна ако не ја завршам работата ќе се убие. Сега сум сигурна дека ќе остане да живее. Веруваше ако ѝ дадат можност дека ќе ја изигра ролјата маестрално.
Актерката: Не можам да поверувам. Планот започнал уште кога таа побара да биде алтернатива. Господи! Господии! Не, ова не може така да заврши, ќе влезам на среде претставата.
Таксистот (*Клекнува покрај актерката. Ја држи за раката.*)**:** Ве молам немојте да заминете додека не Ви го раскажам филмот на кој многу ме потсетува ова што сега се случува.
Актерката: Ама, пуштете ми ја раката!
Дебелата жена (*Ја грабнува за другата рака, ја повлекува кон себе.*)**:** Нема да заминете!
Таксистот (*На дебелата.*): Пуштете ја, таа е моја!
Дебелата жена: Ти, пушти ја, цијаку!

Таксистот: Таа е мој клиент.
Дебелата жена (*Држејќи ја за раката.*)***:*** И моја победа.
Таксистот: Пушти ја, дебела свињо!
Дебелата жена: Ти, пушти ја цијаку!
Актерката (*Вика на сет глас.*)***:*** Полицијаа! Полицијаа!
(*Се слушаат полициски сирени.)*
Таксистот: (*Ја држе за раката.*): Ви се молам ветете ми дека кога ќе дојдат полицајците вие ќе седнете на шоферското седиште.
Дебелата жена: И без да седне на шоферското седиште таа ќе биде виновна за газењето на мојот кутар маж.
(*Се прекинува музичката програма на радио станицата, гласот на спикерот известува:)*
Гласот на спикерот: Поради неплатени сметки Дистрибутивниот центар го исклучи Националниот дворец на културата од електричната мрежа. Поради тоа премиерната изведба на претставата Ана Карењина е откажана. Незадоволните актери и публиката од гестот на Дистрибутивниот центар прават нереди, кршат сѐ на што ќе наидат.
Таксистот: Ако не побрзаме не ќе можеме да стигнеме до болницата
Актерката: Јас повеќе нема каде да одам
Дебелата жена: Еве ја гледам сестра ми во толпата демонстранти.
Актерката: Каде ли одат?
Таксистот: Можеби кон иднината...

КРАЈ

Елизабета ЈОНЧИЌ

УДК 821.163.3-93-25(082.2)

Предновогодишна шумска случка (Пиеса за деца извадок)

СЦЕНА ЧЕТВРТА

(На сцената сè е исто. Влегува прво едната верверичка растажена. И седнува близу до пештерата на мечките.)

ВЕРВЕРИЧКА 1: Леле, леле сестричке, што ќе правам јас? Што ќе правам сега? Цела есен собирав и оревчиња и лешничиња, и желатчиња... *(Кон другата верверичка, многу брзо.)* Знаеш колку е убава новогодишната торта со желатчиња, лешничиња и оревчиња? Со мирисни тревки и сушени шумски јагоди?

ВЕРВЕРИЧКА 2: Знам, знам, ама кога ти велев, дај да си ги поделиме ти не сакаше!

ВЕРВЕРИЧКА 1: Да, не сакав! Ама ти велеше: „Две за тебе едно за мене, две за тебе едно за мене.“

ВЕРВЕРИЧКА 2: Хахаха, па што ако така велев, така ќе беше подобро, сега барем ќе имавме да си

поделиме еднакво.

ВЕРВЕРИЧКА 1: Оф, немој, немој, *(Кратко молчи.)* немој да ме потсетуваш! *(Плаче.)* Моите плодови, моите прекрасни плодови. Каде ли ми се?

ВЕРВЕРИЧКА 2: Доста, доста веќе цимолкаш, ќе ја кренеш целата шума на нозе! Гледаш дека сме близу до пештерата на мечките!

ВЕРВЕРИЧКА 1 *(Тивко.):* Јас не се плашам од мечки! *(Многу гласно.)* НЕ СЕ ПЛАШАМ, *(Со цимолкање.)* си ги сакам моите плодови, му ветив на професорот Буф дека ќе направам убава новогодишна торта за сите шумски животни. А сега? Што да правам сега?!

ВЕРВЕРИЧКА 2: Е сега, сега, ќе се снајдеме некако. *(Зајадливо и итро.)* Јас знааам, дека, во она малечко кошниче што го чуваш скриено зааад креветчетоооо, *(Краток молк.)* имааш уште!

ВЕРВЕРИЧКА 1 *(Налутено и дрско кон другата верверичка.):* Имааш уште, имаш уште, тие се за во зол час! Ти превртливко!

Што бараш да пребаруваш во моите работи? Нели те предупредив! Секогаш така правиш!

ВЕРВЕРИЧКА 2 *(Се смее.):* Хахаха, јас, така, мхм, хм, случајно само така, не сакав! Ама кога ги видов! *(Со двете раце ги рашрува очите и се врти кон публиката.)* Очичките вака ми светнаа! Како жарчиња.

ВЕРВЕРИЧКА 1 (*Плачливо*.): Моите плодови... Што ќе му кажам на професорот Буф, а сите шумски животни ќе останат без парче убава новогодишна торта. Сите ќе ги разочарам. А знаеш дека не е убаво предновогодишно разочарување, баш во моментот кога сите треба да се среќни.

ВЕРВЕРИЧКА 2 *(Ја прекинува.):* Еее, доста цимолкаш веќе, иде Нова година , а ти плачеш ли плачеш...

(На сцената полека влегува срната со срнчето.)

СРНАТА: Што ли слушам со моиве уши? Што ли гледам со моиве очи? *(Зачудено.)* Невозможно! Па, вие се карате?

ВЕРВЕРИЧКА 1: Не се караме, ние, ние само малку разговараме...

ВЕРВЕРИЧКА 2 *(Зајадливо.)*: Малку разговараме... *(Гордо.)* Кој зборува, мхм, кој плаче!

ВЕРВЕРИЧКА 1 *(Прави гримаси, налутено се врти со грбот кон другата верверичка и оди кон влезот на пештерата, седнува до неа и силно плаче.):* Колку новогодишно, а тажно. Новогодишно-тажно, новогодишно - среќно, новогодишно-плачно... Новогод...

СРНАТА *(Ја прекинува во говорот.):* Зошто си толку налутена верверичке, и зошто си толку тажна, убаво ти вели, доаѓа новата година, а ти плачеш...

ВЕРВЕРИЧКА 2: Ете гледаш! Ти плачеш!

ВЕРВЕРИЧКА 1 (*Седнува на сцената, плачливо.):*
Мммммм.... Плачам...

СРНАТА: Немој да плачеш верверичке гледај, близу си до пештерта од мечките... Може да се разбудат и потоа да направиме уште еден, а можеби и два проблеми. Еден проблем е тоа што плачеш, а другиот тоа што не ми кажуваш зошто плачеш. А третиот? Трет проблем ако се разбуди некоја од нив... *(Покажува кон пештерата.)*

***ВЕРВЕРИЧКА 1* (Со имитација.):** „ Немој да плачеш верверичке гледај близу си до пештерата од мечките.“ *(Гласно.)*Јас не се плашам од мечки. НЕ СЕ ПЛАШАМмммм! А плачам дека некој ми ги украде плодовите за новогодишната торта...

***МЕЧОКОТ** (Излегува од пештерата за рака го носи малото мече.):* Што е ова играчка или плачка среде зима? Кој ме буди од мојот зимски сон? Кој не го остава моето малечко да спие? Сега ќе ви покажам јас убаво!

***ВЕРВЕРИЧКА 1** (Изненадено и исплашено, скока.)*: Леле леле се разбуди!

ВЕРВЕРИЧКА 2: Се разбуди!

***СРНАТА** (Исплашена.):* Не беше намерно господине Мечок, ние само...

МЕЧОКОТ: Што само?

***СРНАТА** (Кон мечокот.):* Се подготвуваме за новата година, а на верверичката и ги снема плодовите за новогодишната торта и ете таа... *(Зема здив.)* И ете таа сега, не знае што да прави со ветувањето што го даде, бидејќи не може да го исполни. Не знае како да се појави пред шумските животни и како да им каже дека ќе останат без залак слатко и вкусно задоволство.

***ВЕРВЕРИЧКА 1** (Збунето кон мечокот.):* Дддда ми ги снема...И не знам што да кажам, и не знам како да се појавам, иии не знам...

***ВЕРВЕРИЧКА 2** (Зајадливо.):* Не, таа не се плаши од мечки! *(Се крие зад малата срничка.)*

***СРНАТА** (Исплашено, но насмеано.):* Само малку како мене...

МЕЧОКОТ: Ајде бегајте оттука, мене ми се спие... И престанете со тоа цимолкање. Твоите плодови сигурно не се кај мене *(Се прозева ахааа па се доближува кон првата верверичка заканувачки.).* Но за миг вие можете да станете плодови за мојот празен стомак! И да ве изедам сите! Одете си веднаш!

СРНАТА: Си одиме, си одиме...

ВЕРВЕРИЧКА 2: Веќе тргнавме...

ВЕРВЕРИЧКА 2: Веќе тргнавме...

(Сите излегуваат. Мечокот се враќа во пештерата, сцената останува празна.)

СЦЕНА ПЕТТА:

(На сцената влегува ловецот.)

ЛОВЕЦОТ: Цел ден слушам цимолкање низ шумата, ама тој што го барам не го видов!

ЖЕЛКАТА *(Влегува на сцената.)* Добар ден ловецу!

ЛОВЕЦОТ: Добар ден Желко! Каде се влечкаш?

ЖЕЛКАТА: Тргнав кон збирното место, да помогнам за украсување на новогодишната елка. А, носам и подароци...

ЛОВЕЦОТ : Нели е ова збирното место. И, каде се сите, зошто нема никој? Да не сме подраниле ние? Или можеби кога ме виделе мене, се скриле некаде?

ЖЕЛКАТА : Не знам.

КРАДЕЦОТ *(Излегува со торбата на рамо и полека се прикрадува полека до ловецот.):* БУ!

ЛОВЕЦОТ *(Ја симнува пушката.): Кој* е пак сега овој? Да не е случајно тој што го барам? А-ха, Крадецот? Ти си крадецот?

ЖЕЛКАТА : Шумскиот крадец?

КРАДЕЦОТ: Јас, крадец?! Мене ме нарече крадец? !Тиии пушкопукач, промаршувач! Јас не сум крадец!

ЛОВЕЦОТ: Е да, затоа што не си крадец, затоа плаче верверичката!

КРАДЕЦОТ *(Се смее.):* ХЕХЕХЕ, плачела верверичката! Зошто да плаче верверичката?

ЛОВЕЦОТ: Аха, така значи, е сега ќе ти покажам! Уште се правиш дека не знаеш? Кој ги украде нејзините плодови? Кажи ми, кој?

КРАДЕЦОТ *(Исплашено.):* Леле, немој, немој! *(Се крие зад желката)* Немој ловецу, Нова година е! Кои плодови? Какви плодови? Не знам за никакви плодови. *(Неубедливо.)* Ништо не знам...

ЛОВЕЦОТ: Невозможно! Не ти верувам! Ти не само што крадеш туку и многу лажеш! Сега ќе признаеш!

ЖЕЛКАТА *(Застанува помеѓу нив.):* Престанете ве молам. Забранети се предновогодишни караници. А сите знаеме дека не е убаво да се краде, и не е убаво ни да се лаже.

СОГЛЕДБИ

Кристина НИКОЛОВСКА

УДК 821.163.3-1(049.3)

РАКОПИС НА НАШИТЕ НЕБА: кон „*Глочка школка*“ од Борче Панов

Рафиниран лирик, суптилен поет, зрело авторско перо кое длаби кон суштините на поезијата чии поетски „реки“ успешно се влеваат во океанот на актуелната поезија во светот...

Сталожен во поетскиот глас, стабилен во мислата, јасен во пораките, искрен во доживувањето, отворен во комуникацијата, вознесен во подвигот...

Таков е поетот Борче Панов, кој пред нас *„глочка“ една поетска школка*, ја грепка, ја распластува пласт по пласт, ја растајнува – патувајќи кон нејзината срцевина и поведуваќи нѐ и нас кон нејзиното среде.

Навидум едноставен, но длабоко мудар, поетички изграден, фасцинантен во поетските слики, поетот ни отвора раскошни поетски идеи.

Глочка школка

Книгата *Глочка школка*[1] има осмислена концепција и расте преку неколку поетски циклуси: „Рубикова коцка“, „Еволуција“, „Темна книга“, „Бели цветови на тишината“, „Остров“; „Плоштад на зачудените погледи“, „Истовремено време“, „Фосил на среќата“ и „Селска орхидеја“.

Но, зошто токму „глочка школка“?

Поетот вака го доживува тој процес, во истоимената песна „Глочка школка“:

[1] Борче Панова: *Глочка школка.* – Радовиш, Центар за култура, 2018.

И денес, со главата заглавен во
матката на зборот,
невозможното во мене
го прашува можното „Каде живееш?“

„Знаеш веќе – во една глочка школка
бескрајната на луѓето болка
во која го создаваш бисерот на
животот“[2]

Ете така ми одговара можното,
а сферите седефни околку зрнцето
песок
сè помалку се болка, сè повеќе –
блесок.[3]

Да појасниме...

Глочка е глагол и значи „грепка“.

Зрното песок ја глочка школката. Неа ја боли, поради тоа таа лачи седеф околу зрнцето за да не ја глода и за да ја намали болката. И така, околу зрнцето се создава *бисер-блесок.*

Така и *поетот,* од својата болка или од глочкањето на „душевната школка“- создава *бисер-блесок.* А школката, и во поширока семантичка смисла е – *матка*, но и - *универзум.*

И така: *бисерот* е - *живот.*

А во поезијата, *песната* – е *бисер.*

Бисер-блесок е – поезијата.

И така ова дело расте низ велемајсторски „невидлив“ силогизам, чија суштина е метафората, и тоа по пат на аналогија. Онаа славна аналогија – уште од Аристотела.

А песната „Глочка школка“, истовремено е - и *реална* и *метафизичка. Реална* бидејќи поетот ја пишува својата вистина, но и *метафизичка* поради универзалните пораки за животот.

---

[2] Ibid., 12.

[3] Ibid., 12.

„Глочка школка“ е – и песна за *школката* и *бисерот,* но и песна за – *поетот* и *песната.*

И така, ние сфаќаме дека сме во *Ars Poetica* универзумот, во „матката“ на овој драгоцен процес кој, по многу што асоцира на раѓање на принова. Така и поетот, биографски ја започна оваа песна, сосем оригинално, со своето атипично раѓање преку карлично породување на мајка му, та така, преку аналогија, раскошно ја отвори метафората за раѓањето – кон *Ars Poetica* процесите.

„Глочка школка“ останува клучна песна за растајнување на целата книга, но и за сиот опус на поетот кој умее, на маестрален начин да го опее – породувањето на песната.

Раѓањето – како заедничко дејство – за школката, за мајката;

Утробата – како заедничка сема на овие две семеми;

Бисерот – како заедничка суштина, и на школката, и на песната...

Небото на нашите животи

А како ги развива Панов *поетските слики?*

Песната „Град од врвот на носот“ е одличен показ за тоа:

Одеднаш кондуктерот ме пробуди
и ми рече дека треба да се симнам.
Го прашав каде е градот,
а тој дека нивно било да ме довезат,
а јас сам да си го најдам градот.

Сам – среде темницата и пустиот пат
се најдов во еден град на врвот од носот.

Панов е поет на *изградена авторска интонација* која јасно оддекнува во стиховите:

Подоцна, си мислев, зошто Господ

не ми го направил носот подолг
а очите шашливи за да ги видам
градот зад слепоочницата и скалите
од автобуската станица во мракот.

Песната понатаму тече и се развива, а поетот гласно си размислува:

И си мислев колку ли се градови
носиме на врвот од носот без да знаеме дека во нив заспиваме и сонуваме
(...)

И токму во тие „непознати адреси“, поетот открива дека се јавува – жената на твојот живот.

Колку што е јак во поентите, толку е снажен поетот и во почетоците и во градациите на песните.

Така моќно започнува и втората песна под наслов „Рубикова коцка“:

Рубикова коцка држи среде небото.
Не, не е коцка, тоа е мојата соба,
улицата што оди кон градот, една земја,
и планетата што се врти како коцка
со сите мередијани измешани во разни бои,
со четирите годишни времиња и двете ледени капи,
со катаклизмите помеѓу мислите.

И „тече“ така песната, а посебно одблеснуваат стиховите кои и даваат посебен *живот* на поезијата и кога во неа ќе се почувствува речиси „жив“ и уверлив *мирис* на *живот:*

(...) А сепак, се вртат белите коцкички
и процветува плима и мириса на кајсија и вишна.

И неверојатно автентичен и сугестивен е поетот кога започнува песна со симпатична нараторска „јадица“ која духовито нѐ примамува, налик на фин кус расказ:

Вујко ми се врати од војска со
тетовирано море на градите,
над него имаше жена со рибина опашка,
рече дека се вика сирена,
но не мирисаше на риба туку на мишка,
а под морето – сидро.

И ја разгранува поетот песната за да преку неа сфати дека кога првпат влегол во вистинското море, та го дигнал бранот, тој го плеснал на камењата, за да на крајот:

И долго плетев синџир од песок
и чекав тоа сино море да го повлече мој
и сфаќав дека времето на љубовта е капка
која копнее по својот океан.

И дури тогаш насловот на песната се осветлува во – полн сјај. *Тетовираното море* веќе не е само тетовирано на градите на вујко, туку е тетовирано и на *небото,* на *небото на нашите животи*... откаде нѐ демне сиот живот.

Тетоважа на небесата е тоа... Море тетовирано и на небото...

Метафората за *вистинскиот живот,* за *морето* како *вистински живот,* но и за *идеализацијата,* сликата за т.н. „живот“ – меѓу нив има голема разлика.

Едното е – слика за *нештото,* а другото – е самата *суштина.*

Едното е *знак,* а другото е *означено.*

Едното е *форма* (тетовирана на градите), а другото е *суштина* (која секојдневно се врежува во нашите животи). И тој „мурал“ од тетовирани отисоци расте секој ден и создава *ракопис* – тетовиран на *нашите души.* И на *нашите неба.*

Оти секој човек си има само едно и само свое – *небо.*

Песната, книгата е *запис* на тоа – *тетовирано небо.*

И кога сме во највисок бол, страдание или можеби животна драма, но и во животна љубов или страст, токму тогаш, најдлабоко и најтрајно се врежуваат, втиснуваат тетовираните букви – кои ние, со нашиот живот, ги кодираме, а потоа ги декодираме. Ги втајнуваме, а потоа ги растајнуваме.

И маестрален е поетот Панов кога умее да нѐ вивне и понесе од песна – кон расказ кој всушност е поезија, но поезија-филозофема, поезија-вретено, поезија-порака... Но и поезија-слика. Повторно е величествен кога создава поетски слики. Во тоа е исклучително вешт, но и надарен, вдахновен и чист.

Поетот Панов умее да прави незаборавни слики во кои вградува, „втиснува“, не само визуелна, туку и чувствена убавина. Та иако песната ја започнува навидум лесно, поетот натаму успева да ја „окрупни“ и со мисла и со збор, но и да ја ораскоши – со незаборавна и впечатлива слика. Таква е песната „Пантомима“:

ќе дојдеш до реката
и сфаќаш дека музиката никогаш не
престанала да тече...
ќе седнеш на клупа во паркот
и сите мисли
седнуваат во твоето уморно тело

и белите ракавици од еден телесен
театар
ќе ти покажат како дождот непрестајно
го допира градот –
истовремено со сите луѓе во твоите
мисли
коишто панично бегаат за да се
засолнат под стреите...

во тој миг, сосем сам си под облеката
на дождот
и убаво ти е под кожата...

Таков е поетот Панов, така умее вешто и нам да ни се доближи, така и ние ги сеќаваме капките на дождот, по нашата кожа, по нашите сетила, онака како што ја примаме и поезијата негова – како дожд.

И убаво ни е...

Песни-медалјони

Поетот Панов е извонредно успешен во т.н. *песни-медалјони*, како што е кусата песна „Чевли“:

Само во старите чевли
стапалата се дома
и кога патуваат до бескрајот

Со таква концентрирана енергија „зрачи“ и песната „Карактер“:

карактерот не е пеперутка
и нема крајна фаза метаморфозата
до небото
има многу скалила

Поетски медалјон е и песна „Уханија на огнот“:

само лебот на зборовите
го заситува гладот на душата
во него постојано тлее
уханијата на огнот со кој е испечен

Збогатени со „гроздови“-металогизми се песните како „Поглед“:

времето е зеница
што се собира и шири

со духовите
на мртвите и неродените
и во еден миг
одеднаш сфаќаш
дека светлината
и со мракот
те погледнува

Уметникот на смртта

Следните поетски циклуси донесуваат наполно зрели песни. Книгата моќно расте низ циклусите, развивајќи ги своите поетско-филозофски проникнувања.

Посебен духовен квалитет на збирката и даваат песните: „Божја налика“; „Монахиња“, „Безгрешно зачнување“, итн.

И додека поетот неодмна пееше за т.н. „повеќевремено време“, сега тој пее и за „истовремено време“.

И во сето тоа, одблеснуваат прекрасно песните-раскази, песните-стории за локалните ликови како песната „Мајстор за ѕидови“ кога одлично го опева мајстор Серафим, кој го викале Мате Парлов, кој редејќи - ред бои, ред дудовка, сотворил сребрена боја – од шеќер, јајца и вода.

Мајсторот на песната го опева мајсторот за ѕидовите, и во тоа е вечно сугестивен, оригинален и впечатлив.

Така поетот го слика и „Уметникот на смртта“кој:

Тој цел живот ја шминкаше смртта,
и ги поткаструваше ноктите,
и ја бричеше брадата,
и ги дотеруваше мустачињата,
и ставаше римела на трепките,

И така натаму, поетот опишува што сѐ и правел уметникот на смртта, но и што ни правела таа – нам.

И книгата и песната завршуваат со стиховите:

„Кога татко ми починa, му обувме
картонски чевли,
па не се жалеше – само ние по него
жалевме.
И, ете, така ми помина животот,
Па се мислам да ја надитрам со мене –
ќе ја претворам во пепел, а ветрот ќе ми биде гроб,
па кога ќе дува од исток, некој ќе се сети
дека бев овчарче пред да заминам во
Америка
и ракија жешка за душа ќе ми се
напие...“[4]

* * *

Таков е најновиот поет Панов, кој, како минат годиниве, со своите ракописи, сè повеќе се отвора – кон светотот. Неслучајно, неговата поезија, особено последнава деценија, сè повеќе ја има на значајни меѓународни поетски манифестации и фестивали, онлајн-настани, и во списанија.

Со најновата поезија авторот Борче Панов се наметнува како зрел автор со изградена поетика, со автентичен стилски ракопис, кој во нашиот творечки амбиент поседува вредности кои ќе останат отворени кон поширокатa читателска публика.

[4] Ibid., 96-97.

Гордана СТОЈАНОСКА

УДК 821.163.3-1(049.3)

Стиховна равенка на животот: кон „Математичка поезија“ од Даниела Андоновска-Трајковска

Книгата поезија Математика поезија на Даниела Андоновска-Трајковска се состои од 91 песна кои се распоредени во 12 делови: Точка, права, рамнина, Кругови, Триаголници, Тригонометриски функции на животот, Искршена линија на животот, Мерки на централна тенденција, Мерки на дисперзија, Непараметриски тест, Параметриски тест, Множества, Аритмија на аритметичките операции, Фибоначиева низа. На крајот е понуден и дел во кој се приложени објаснувања на математичко – статистичките термини кои ДАТ ги користи во поезијата. Но, нека не ве залажуваат тие неколку странички, науката овде се појавува во улога на толкувач на волшебникот кој низ цела книга постојано вади некакви волшепства.

а) Точка, права, рамнина: Авторката почнува со тоа што не се дефинира, тоа од што сѐ почнува, враќање до почетокот, прапочетокот, враќање до Големата експлозија. Затоа што сѐ почна со една димензија, премина во две и потоа на нив се накалемија три, четири, пет, којзнае колку... Затоа што сѐ почна од една и единствена точка, па премина во безбројни прави и рамнини кои ја формираат таа совршена кристална решетка на постоењето. Совршена и прецизна убавина на постоењето во чие срце егзистираат несовршените суштества несвесни дека тој бескрај престојува во секој од нив: Ние сме и Адам и Ева и Каин и Авел и Мојсеј и Гилгамеш и Утнапиштим и Акенатен и Ахил и Одисеј и Исус... („Неколинеарно време“). Сепак авторката се обидува да се оттргне од таа чудовишна вистина дека сме само еден мал механизам во неразбирливо огромната машинерија на Универзумот; да ѝ се оттргне на таа глобална фатаморгана, на таа дводимензионалност, на таа вселенска отсечка која ѝ е досудена во немилосрдниот однос простор – време, на ахроматскиот свет.

Нејзиниот лирски израз покажува бунтовност против дванесетте точки кои поврзуваат 24 периферни агли за да го прочитаат едното космично мигнување и целиот живот кој е толку тажно краток за да биде толку сув, сиромашен и без можност да се дефинира, да се опише со повеќе од неколку зборови. И болката е ситна цена за тоа. Ниска цена за да побегне од црно – белата проекција и да се видат сите бои на спектарот: и сознав дека една права може да биде своја само во однос на другите на неа и тогаш почнав на себе си да барам и точки и отсечки и прави и криви и неба и солзи и вода што стои и тогаш во белото видов седум бои... („Права“). И плачењето од внатрешната страна на ѕидот, и ужасното пресекување на рамнините од кои боли желудникот, и несоницата, и одбивањето на раздробувањето и мачното трагање по почетокот и крајот. Сè е тоа нешто што лирското Јас е подготвено да го плати и да прифати дека патот до совршенството води преку распетието: имам пријатели кои ме демнат и распнуваат на две нормални прави за да бидам тоа што сум - најдобра верзија од себеси („Нормални прави“).

б) Кругови: Животот е круг. И повторно, од една мала точка, во една тивка експлозија на совршена среќа, се раѓа еден мал Универзум, еден неповторлив оригинал кој ќе ги изоди тие 360 степени за да се врати во утешното и тивко непостоење, но меѓу разделбата и средбата во таа иста точка, авторката открива свет преполн со љубов, допири во сржта од која извира инспирацијата, искушенија на острите агли, Сизифовски страданија кои нè тркалаат од највисоките планини и истрајност повторно да ги искачиме и барањето на смислата во сето тоа. Иако знаеме дека зад таа планина, дури и ако ја освоиме, се наоѓа друга, повисока, пострмна. Сепак мислата ја исполнува таа зеечка празнина која останува, дури и кога надежта поразено се повлекува пред ужасот на таа безличност. И повторно ја открива совршеноста дури и во прозаичната слика како што е кругот: од танцот на балерината кружницата е свесна за линијата („Кружница“).

в) Триаголници: Триаголникот затвора еден простор со агли, можеби полн со тајни и завери кои не можат да се согледаат од централниот дел. А тој ја пружа илузијата на избришан простор и

чувство на сигурност кое не може да се наруши од центрифугалната сила. Триаголникот понекогаш е куќа на соништата, понекогаш е дом, неговите краци се некогаш покрив, но некогаш се заканува со остроаголноста на подотворената врата и опасниот свиок на крстосницата. А понекогаш е беспомошен и сведен на линија која едвај ги крепи своите агли: секоја за скршените колена на другите знае, но молкот запечатен главите им ги гушка („Дегенериран триаголник“). Лирското Јас во „Математичка поезија“ не љуби затворени простори. Растргнато е во дилемата на што да даде предност: на заштитата на покривот над грбот или на тежината на истиот тој покрив: цел живот се плашам од таа страна спроти мене што се заканува да ме подигне на квадрат и не ми дава да гледам надвор од куќата со аглесто тело („Безимена катета“). И затоа е принудена да го гледа тоа што секојдневно тече низ неброените триаголници, од теме до теме, низ сите агли на животот – острите зборови на заробените души: зборовите кои луѓето си ги кажуваат денес имаат толку многу остри агли а сепак се затворени само во еден триаголник („Остроаголен триаголник“).

г) Тригонометриски функции на животот: Синус, косинус, тангенс, котангенс – заедничка им е дробната црта. И тука се раѓа приказната за дробната црта, за делењето, за таа страна која се крие одоздола, без јадра, со изгубени валенции, местото каде што се складираат неизговорените, несаканите зборови, мрачниот агол во кој чмае непрепознатливоста – и на зборот и на сонот: не си го препознавам веќе зборот ниту сонот што се закоренува во аголот („Косинус“). Даниела Андоновска-Трајковска пее за дуалноста која како неизбежна судбина се надвиснува над секое суштество, а дробната црта е границата над која и под која се појавуваат двете лица: едното видливо и осветлено, а другото во полумрак и сосема свесно дека неговото време допрва доаѓа, дека ќе дојде, кога – тогаш.

д) Искршена линија на животот: Времето се тркала, изминува, миг по миг, час по час, низ сите часовни зони. Даниела Андоновска-Трајковска импресивно го опишува ропството на часовникот кое ја следи линијата на животот. Сите мислат дека таа

некаде почнува и некаде завршува, но всушност таа е наследството на кругот. Животот не престанува – само се трансформира во сеќавања во времето кое тече. Авторката потврдува и дека постои безвременост осликана во уметничките изблици како пркос на единственото незапирливо нешто во оваа реалност – времето: Создаваат вечност без часовници додека се бакнуваат со разделени усни („Бесконечно време“).

ѓ) Мерки на централна тенденција: Животот се одвива во систем. Или во неброени системи, кој од кој позатворени, поограничени и построги. Математички. Со прецизно впишани координати. И на човекот му преостанува само средишниот, ширум отворен автопат по кој се движат сите, затоа што маргините се густо обраснат честар во кој демнат стапиците и предрасудите и обвинувањата. И на таа широчина, застрашувачка е димензијата на привикнувањето, комодитетот, претопувањето во сивилото на секојдневието кое води до заборавањето на уникатноста, индивидуалноста... Сѐ се стреми кон центарот, кон средето, а многумина забораваат дека центарот во координатниот систем е ... всушност, нула: тие и понатаму доаѓаат и заминуваат, но јас полека и неусетно заборавам да бројам („Мод: избројани чекори“). И затоа авторката вели: животот ми живее во сонот без координати („Координатен систем“), како да е животот нешто кое рутината успева да го оддели од живеачот...

е) Мерки на дисперзија: И веднаш потоа, авторката ги тестира границите. Од најмалата бројка, до најголемата, низ четирите квартили кои под нормала го сечат небото, таа се обидува да го предвиди ширењето, да го пресмета опсегот... ако е тоа можно... Непредвидливите патишта на животот формираат свои ѕвездени јата во најневеројатните агли на егзистенцијата и неретко човекот препаднат се повлекува од нив, јасно освестен дека таму не се препознава и се враќа на утешната навика: единствено важно ни станува навивањето на часовникот за да не задоцниме тука или таму некаде... („Варијанса“).

ж) Непараметриски и параметриски тест: Сепак, животот експериментира и кога нашето свесно со крик се спротивставува на експериментите, а крвните зрнца му објавуваат војна до

истребување. Животот сака да пролета низ тие ѕвездени јата, во тие агли кои ги набљудуваме само со едно крајче на окото и се убедуваме дека: играта со сенки беше само тоа и ништо повеќе - игра со сенки („Експериментален фактор“). И ништо повеќе нема смисла. Статистиката поразена се повлекува од нелогичното поле, носејќи ги своите тестови кои упорно повторуваат дека се оружје само во зоната на рациото. И сите бројки ја откриваат геометриската прогресија, а Универзумот самозадоволно ја дава потврдата дека може да постои секаде – и во едно гнездо, свиено на едни усни.

з) Множества: Кога броевите престануваат да бидат броеви, тие добиваат семантика, стануваат душа. Дури и нулата! Затоа што отсуството на докази не е доказ за отсуството. Кога броевите именуваат приказни, вселени, кога именуваат нешто што ограничува своевидни светови со прецизна точност до дел од секундата, до дел од милиметарот, до дел од тежината на новиот котиледон во кој се крие идниот живот, тогаш тие стануваат основа на ткивото на постоењето и нивната апстрактност се губи пред секоја точка со која го означуваат континуитетот: Збор што на ситни камчиња се дели. И секое е цело. И секое содржи вселена. И секое приказната своја во кругот затворен ја пишува („Множество на природни броеви (N)“).

ѕ) Аритмија на аритметичките операции: И тогаш доаѓа тоа фамозно „Икс“ под кое може да се крие секој. Отуѓено, непознато, често и неприфатливо. Тежок примерок на родот чие решение може да е многу тажно. Андоновска-Трајковска ја опева аритметичката и геометриската прогресија како операции кои го подредуваат човештвото по членови. Подредуваат! Колку незгоден збор! Но, нашата реалност е трка во која стартните броеви не нудат никаква гаранција. А не ретко во таа трка, дури и стоперката која го мери времето е нечесна.

и) Фибоначиева низа: Авторката ги завршува своите неверојатни математички циклуси со златниот пресек, Божествената пропорција, доказ за совршенството кое егзистира насекаде околу нас. Ништо не е случајно, тврди Даниела Андоновска-Трајковска и ја открива математиката насекаде во

убавината. Од грандиозноста со која човекот по којзнае кој пат ги порекнува границите за себе и во себе, до изворите на личната среќа: Во нив – отпечаток од ѕвезда со само еден број на челото 1.618.

„Математичка поезија“ поезија на Даниела Андоновска-Трајковска е стилски богата и освен математиката, таа ја користи и Библијата, епот за Гилгамеш, Египетската митологија и историјата на Стар Египет, митологијата на Месопотамија, астрономијата, ликовната уметност... за уште повеќе да ја збогати. Нестандардна уште кај насловот, „Математичка поезија“ е книга која топло би ја препорачала на сите кои се љубители на поезијата, а посебно на тие кои досега со антипатија гледале кон математиката. Ставена во контекст на толку убав и богат збор, едноставно е да се засака.

Валентина ТРАЈАНОВСКА

УДК 821.163.3-32(049.3)

Како да се сфати пораката на „бесмислените, беспредметни раскази“ и како тие да ѝ се приближат на младата читателска публика?: *Раслојување на расказот „Расипан часовник“ од Ѓорѓи Крстевски*

Македонската книжевност, иако во релативно кус период, помина низ сите развојни етапи што досега ги поминале другите литератури и за тој кус временски период „исфрли“ капитални книжевни дела што се и светски познати и признати. Но и покрај квалитетот на македонската литература, таа сепак не наидува на заслужениот одзив кај македонската читателска публика, особено кај онаа помладата. Факт е дека младите кај нас читаат, но се поставува прашањето што читаат? Од она што досега сум го забележала, младите читаат популарни бестселери односно така наречена лесна литература. Според мое мислење, таквата литература врши огромна штета врз препознавањето на квалитетната литература. Таа читателска публика е навикната на начинот на кој таа литература ги обработува темите, па квалитетната литература ја сметаат за здодевна, тешка, беспредметна, нејасна и најчесто психолошка. Фактори што влијаат врз изборот на литературата има многу и е тешко да се определат, но едно е јасно – кичот и шутот сè повеќе ја заземаат книжевната сцена и создаваат стереотипи на сметка на квалитетната литература, па така квалитетни авторски имиња остануваат долниот, изгребан слој од пергаментот.

За да се спречи нејзиното разорувачко влијание врз младите читатели сметам дека бариерата треба да се постави во наставата по книжевност и во литературните секции, така што на учениците ќе им се понудат и содржини што се вон наставните програми, а тие содржини ќе бидат обработувани на интересен и сликовит начин. Се разбира, удел во изборот на литературата кај младите има и семејството и неговиот начин на функционирање,

па затоа и на ова поле треба да се дејствува. Пристапувајќи и на книжевноста на таков начин кај младите постепено ќе се рушат стереотипите, па би дошло до фаза каде што квалитетната литература ќе им биде забавна, полесно ќе ја препознаваат и ќе осознаат дека таа е полезна и поучна. За таа цел го одбирам расказот „Расипан часовник“ од Ѓорѓи Крстевски. Преку една своевидна анализа* сакам да покажам дека зад навидум бесмисленото се крие мошне интересен расказ со актуелна тема.

*анализата ќе се направи со помош на алатки од теоријата на фантастичниот расказ.

Расказ за потиснатиот копнеж. Расказ за побегнатиот (читај: оттураниот) сакан. Расаз за прокоцканата младост... Расказ за... за... Со еден (лут) збор, расказ за апсурдот. И, кој ни го понуди овој расказ во кој секој еден може да се огледа и да се препознае? Ѓорѓи Крстевски. Ако судиме според брзината и леснотијата при доаѓањето до податоците за животната врвица и уметноста што ја создава Крстевски, можеме да кажеме дека на овој надарен творец не му е посветено доволно внимание во проучувањата на современата македонска книжевност. За него се знаат само некои биографски податоци, од типот: роден е 1981 година во Скопје; студира руски јазик и книжевност на филолошкиот факултет во Скопје; во 2011 година ја напишал збирката раскази „Обични и необични приказни“; а во 2005 година во коавторство ја напишал збирката раскази „Не сакам да ви кажам ништо“; го работи тоа што го сака и за кое студирал – превдува од руски, англиски, српски и хрватски јазик. И толку! Љубопитниот, што сака да знае многу повеќе за оној кој го напишал расказот „Расипаниот часовник“ не може да си го засити апетитот со нешто повеќе освен со обични, голи факти како погоре споменатите. Оставен е сам на себе, да се насладува само на она што го нуди овој навидум кус текст. На прв поглед се чини дека авторовата интенција не е баш јасна, како тој да вели „Не сакам да ви кажам ништо“. Но, набргу, откако читателот-љубопитко, ќе ѝ дозволи на фантазијата да чита заедно со него сѐ добива поинаква смилса. Само еден збор открива многу. И на крај читателот излегува од волшебниот свет, во кој го воведе

Ѓорѓи Крстевски позрел, поведар, со елан за промени, оти тој таму се видел себеси, се препознал и решил дека не си се допаѓа ваков каков што си се видел.

Расказот почнува со временска одредница – девет минути пред полноќ. Наеднаш се сепнуваме. Си велиме „О, страшниот суд“. И, клац. А, не, не, страшниот суд е три минути пред полноќ, разликата од шест минути не е мала. Ефектот на стравот, што сака да го оствари Крстевски е постигнат. Со детаљот, кој е функционален и го има во текот на целиот расказ, писателот успева да му го претстави на читателот просторот на кој се одвива „решавачката битка“. Се среќаваме со девојка што работи до доцна во ноќта. Косата ѝ е фатена во опавче. Можеби со денови не ѝ е измиена? Овој почетен опис можеме да го протолкуваме како знак дека девојката нема време да се погрижи за себеси, за својот живот бидејќи целосно е сконцентрирана на работата.

Од голиот свет што постојано ѝ задава удар по удар, таа доаѓа на безбедно – доаѓа дома. Значи, уште на почетокот се среќаваме со хронотопот на прагот. Мекиот килим по кој таа зачекорува како грација асоцира на топлината на домот. Но станот е двособен. Ама ако, и таков тој нејзе/неа ја грее и за неа е доволен. Додека читам, фантазијата ми шепнува „Веројатно девојката е под кирија“ и јас претпоставувам “А веројатно е дојдена во голем град за да напредува во кариерата“. Девојката е убава, со долга црна коса – и таа убава коса што треба да се развиори на ветрот, да ја побуди волјата и страста кај спротивниот пол е скротена и фатена во опавче – како што се скротени и фатени нејзиниот живот и младост. Па, мора да има причина за тоа. Овде насетуваме дека можеби станува збор за егзистенција. Секојдневно среќаваме такви убави девојки (а можеби и ние сме такви во нечии очи) што мораат да се борат за својата егзистенција што понекогаш води дури и во апсурд.

Дека работата што ја работи не е ни малку лесна нѐ наведува да помислиме маркерот „патики“ – таа оди на работа со патики. Не носи високи потпетици затоа што тие дополнително ќе ѝ отежнат при работата. Таа се откажала од високи потпетици. Уф, за една девојка тоа е ноќна мора, а таа девојка, заради

егзистенцијата се откажала и од нив. Од истата причина живее во беден стан – крпата во бањата е закачена на еден обичен клин. Од линеарното исцртување на она што го прави девојката добиваме впечаток и за нејзиниот карактер. Таа е грижлива. Сѐ остава на своето првобитно место (веројатно за да нема многу неред што треба да се чисти, а што ќе одземе време). Грижлива е и кога ја исклучува струјата. Исклучувањето на светилките е во прилог на егзистенцијалното – таа финансиски е куса и секоја непотребно светната светилка ќе ја чини пари, а тие тешко се заработуваат. Мора да внимава и на потрошувачката на електрична енергија. Мора да се штеди!

Сентиментален е моментот со вовлекувањето (!) во црвените влечки. Црвените влечки не ги обува туку ги вовлекува на нозете. Во нив ѝ е удобно. Можеби ѝ се подарок? Тоа детаљ (вовлекува) може да се протолкува како копнеж по љубов. Посветувајќи се целосно на работата таа нема можност да се реализира на љубовен план. Заради работата, љубовта ја одлага за понатаму, за некогаш кога ќе биде послободна. А кога ќе биде тоа? Новото утре за љубовта никако да дојде. Млада и убава таа живее сама, дома никој не ја чека.

Писателот продолжува со зборови да ја слика девојката уморна од работа. Таа ноншаланто, без волја го вклучува телевизорот. Зошто? Затоа што знае дека тоа е времето за вести, како што беше вчера, како што беше пред две години... Не го вклучува по волја туку по потреба, за да биде во тек со настаните на денот. Екранот е осветлен, како да е мала пукнатина на јајцето во кое таа се затворила, како таа пукнатина да е врата низ која има можност да излезе. Гледајќи го екранот како да си вели,, Таму некаде, зад пукнатината во јајцето има еден свет, свет во кој сите живеат со полна пареа, само јас морам да работам од утро до мрак. Блазе си им!“ Гледа минута и си вели „Не, не можам повеќе да гледам, ова е непотребно расфрлање. Па и мојот живот, бездруго, е убав... Ќе биде убав! Мора да биде, се трудам за мојата иднина колку што можам.“ Таа води битка самата со себе, внатре во себе. Од една страна сака да потрча кон животот што е таму некаде и да го дофати, а од друга страна никако да се ослободи од прангите на

егзистенцијата, кои секоја вечер повторно ја зasидуваат пукнатината во јајцето.

Детаљ до делтаљ, кој од кој повеќе вриска да биде разгледан – сака да биде откриено она што во себе го чува. Таков детаљ е и пиењето вода од чешмата. Ако ја земеме предвид претпоставката дека таа е во голем град (заради кариерата), тогаш можеме да заклучиме дека не го штеди ни своето здравје. Обично, како резултат на огромната, градска површина што треба да се снабди со вода, во градскиот резервоар за вода се сливаат води од различни извори чиј хемиски состав е различен. Со цел да се подобри квалитетот на водата (барем така се мисли) во денешницата во неа се додаваат разни хемикалии. По ова водата е добра само за лична хигиена и, неретко, не чини за пиење. Но, оваа девојка ја пие. Дури со сласт ја пие, што пак ќе рече дека нејзиниот живот е сведен на минимално егзистенцијално ниво. Тоа предизвикува сочувство на читателот кон неа. Ефектот на сожалување, но и на страв (за последиците по здравјето и општо, за иднината на девојката) е остварен. А, знаеме, стравот е основата одлика на фантастиката и покзател за присуството на фантастичното во расказов. Чашата со вода ја полни до врв – жедна е. Низ главата на еден читател му поминуваат многу мисли: Можеби работата е напорна; Можеби нема можност да ги оствари своите основни работни и човекови (!) права; Можеби на работното место надредениот не ѝ дозволува да ги задоволи основните физиолошки потреби; Можеби работи на некој погон, а нејзиното, макар едноминутно поместување од овој верижен ланец некого ќе го чини живот – значи, таа е хумана и несебична, се запоставува себеси за доброто на другите; Можеби, можеби, можеби. Илјада и едно „можеби“ а ниедно „сигурно е така“. Чашата бавно ја принесува кон устата. Како мало дете, кога се насладува на едно чоколатце, па го врти низ рачињата, го мери, го проучува со оцагорените, игриви очички и на крајот – лап – го лапнува и со сласт го мљаска и превртува низ кревките запчиња, нагризени од бонбончиња, сладоледи, шеќерчиња, лижавчиња... Мх, полн погодок! Но, не. Наеднаш, тит...тит...тит. Овој момент на задоволство, можеби единственото во денот, го прекинува

часовникот кој кажува дека е една минута пред полноќ и е време за спиење. Неверојатно. На оваа девојка сè и е, до секунда испланирано, па се прашуваме „А дали оваа девојка спие доволно? Барем шест часа?

Таман кога беше време девојката и денска до крај да го испочитува шематизираното време се случува фантастичниот настан. Часовникот што секогаш чукаш дванаесетпати за да ја означи меѓата помеѓу стариот и новиот ден наеднаш скрцкува и почнува да брои наназад. Часовникот, еден обичен механизам, се расипува, а оваа девојка никако не се руши. Секој ден доследна на истата идеја и замисла – да се обезбеди добра иднина. Расипувањето на часовникот со што времето се репетира повторно и повторно (а ова е одлика на фантастиката) може да се протолкува и на следниот начин. За оваа девојка никогаш не почнува нов ден. Секој ден за неа е ист: станување, одење на работа, грижа за другите, лично запоставување, враќање дома, припрема за спиење, спиење и... и сè од почеток. А, во текот на целиот ден, само на прсти броени, куси наслади: хидратација на устата и телото, олеснување на бешиката, пополнување на желудочната празнина, одмор за очите, (привидно) исклучување на мозокот...О, нешто недостига! Оф, срцето! А за срцето? Што има за срцето? Зар само пар црвени влечки што претендираат да заменат нечија топла прегратка? Толку? Апсурд! Во животот на оваа девојка сè е само апсурд. Таа не си пружа себеси никакво задоволство. Се што знае е само работата.

Сè што авторот до моментот со расипувањето на часовникот кажа сега повторно го повторува, само со обратен редослед. Како секојдневната рутина на девојката да се одразува во огледало. Двата дела од расказот се симетрични еден на друг, а меѓата што ги дели е часовникот. Ако го прочитаме текстот од назад кон напред пак ќе го прочитаме истото. Читајќи го вториот дел од расказот, повторно наидуваме на апсурдот – пред да влезе го пушта светлото кое е внатре во бањата, се брише од крпата па потоа се мие. Впрочем, на овој втор дел можеме да гледаме и како на туѓа перспектива за животот на девојката. Полесно е да ги

сфатиме недостатоците и апсурдностите во животот на другите, нели?

Според ова заклучуваме дека овој расказ е од моделот алегориска фантастика и фантастика на апсурдот. Расказот, чиј наслов, патем, совршено му одговара, можеме да го наречеме и спирала на апсурдот. Бидејќи секој ден сè е исто, ништо ново не се додава, со таа разлика што девојката со секој иден ден е постара. Нејзиното срце (како што е случајот со часовникот) старее и пополека, ама сигурно се приближува кон „расипување“.

Расказот, пишуван во осумдесетите години на минатиот век совршено го опишува и денешниот начин на живот. Егзистенцијата, што речиси неминовно турка во апсурд, и во денешницава наша сè уште не е надмината. Овој расказ е показ дека животот треба да го живееме секој ден, а не да се подготвуваме да живееме некогаш во иднина. Убавините се околу нас, само, ние не сфаќаме дека се тука и одиме да ги бараме на друго место, кај што не ни е место. Пораката на Крстевски е многу јасна „Не дозволувај егзистенцијата да те турне во провалијата на апсурдот! Тешко се излегува.“

Оваа анализа, чијашто цел е да покаже дека и зад најнелогичите нешта секогаш постои објаснување, е само еден начин на интепретација на текстот. Раслојувањево на текстот е една од начините на младите да им се доближи квалитетеното и да им се покаже дека ништо не е без предмет на дејствие.

*Оваа анализа некогаш беше дел од моите студиски задачи, а подоцна се најде во еден друг контекст.

Златко ЖОГЛЕВ

УДК 821.163.3-95 (049.3)

Повторно окованиот Прометеј и неговото будење

осврт кон поетската книга “Бујење Прометеја: лирски записи” од Љубиша Р. Митровић. Нови Сад: ПРОМЕТЕЈ, 2013.

Неколку био-библиографски податоци за авторот

Д-р Љубиша Р.Митровић (1943. година) е роден во Мокра, општина Бела Паланка, Србија. Тој е професор емеритус на Универзитетот во Ниш, Србија.

Во последното издание (2011.) од неговата био-библиографија, меѓу другото може да се прочитаат следните податоци:

- објавил 504 трудови, а од нив 100 во последните 3 години;
- објавил 42 книги;
- објавил 103 трудови во коавторство, што укажува дека е за тимска работа
- објавил стручни и научни трудови на 8 јазици во 9 држави;
- како угледен научник и професор изведувал настава по позив на 15 наставни предмети и курсеви, на сите степени на образование, на 20 –тина високошколски установи во Србија и странство;
- учествувал во организирање преку 40 национални и меѓународни научни конференции;
- успешно раководел со реализацијата на 9 наставно научни проекти, а исто така е раководител на најновиот меѓународен проект во кој вклучен нашиот универзитет од Македонија, како и универзитетот од Велико Трново од Бугарија.

Ако се следи работата на проф. д-р Љубиша Р. Митровић, тој има извонредна активност после неговото пензионирање, бидејќи има огромена број активности во последните 5 години.

Како поет досега објавил 18 книги вклучувајќи ја најновата "Будењето на Прометеј", што е објавена во минатата година. Првата книга поезија *Новите варвари* ја објавил во 2000 година. Оваа година се навршуваат 10 години од објавувањето на 3 книги поезија во 2004 година и тоа: *Архипелагот на спомените, Роднокрајниот венец* и *Под Соколица*.

Книгите *Новите варвари* (2000.) и *Играта на белите атови* (2005.) се преведени на бугарски јазик, а книгата *Орфеј под Сува планина* (2001.), е препеана (од Љубиша Стојановић) на македонски јазик во 2007. година, а три години подоцна е препеана (од Бранко Георгиев) и книгата *Копнеж по хоризонтот.*

Негови книги и избор од поезијата се преведи и на англиски, француски.

За книгата *Будењето на Прометеј*

За мотивот

Митот за Орфеј како инспирација за оваа поетска книга на Љубиша Р. Митровић, и како што пишува во рецензијата Димитрије Миленковић " го вткајува митот за Прометеј во словенската митологија".

Прометеј го украл огнот од боговите и им го подарил на луѓето, без дозвола од Севс. Со тоа Прометеј им дал светлина и топлина на луѓето со што радикално ги променил не само нивните шанси за опстанок, туку и за понатамошен развој Најважно е што со тоа им отворил нови можности на луѓето за истражување на светот и откривањето на нови реалности и нови визии. За тоа Прометеј го навлекол гневот на Севс, кој наредил да го оковаат на карпа и орлите вечно да му ги колваат џигерите.

Големината на жртвата на Прометеј е во тоа што тој знаел дека за таквата постапка сигурно го очекува страшна казна.

Прометеј е запишан во историјата на Човештвото со златни букви, заради тоа што со неговото дело не само што им дал

средство за опстанок на луѓето, туку со својата постапка им дал вечна инспирација на сите оние кои се онеправдани и угнетени. Веројатно дека самиот чин на бунт на Прометеј против Ѕевс и неговата свесна жртва, се инспирации за сите поголеми революции или промени во историјата на Човештвото. И не случајно Карл Маркс запишал дека "Прометеј е најблагороден светец и маченик во филозофскиот календар".

Затоа тој бил, е и ќе биде вечна инспирација за сите луѓе, секаде и секогаш.

За книгата

Книгата *Будењето на Прометеј* има вкупно 55 песни и е поделена во три делови и тоа: I *Пред сфингата на Прометеј* (14 песни), II *Време на спектакли и новото оковување на Прометеј* (21 песни) и III *Будењето на Прометеј – поттикнување/раѓање на слободата* (20 песни).

Книгата има предговор од авторот и Поговор: *Прометејската линија на пеењето* од Мирослав Тодоровић.

Вториот дел од книгата, авторот Љубиша Р. Митровић, го започнува со песната *Богови,* во која го има мотивот од Фоербах за релациите меѓу луѓето и боговите:

Човекот
Ги измислувал боговите
По своја лика и прилика
.....
.....
Со својата фантазија
Ги издигнувал
До Небото
А потоа заборавил
Дека тие се
Негово дело
Почнал
Да се чувствува

Како мравка
Пред Голијат
Во сенката на џинот.

Но понатаму Љубиша Р. Митровић, не потсетува на многу значајна работа што многу луѓе ја заборавиле, а во исто време му оддава почит и на Орфеј, во песната *Потомци на боговите*:

Орфеј сметал
Дека
Поетите и филозофите
Се потомци на боговите
Зачнати
Од стремежот кон слободата
Од страста и чудењето
Да се опејува убавината
И да се трага по
Вистината
И Мудроста.

Првиот дел од книгата поетот го завршува со потсетувањето на боговската природа и капацитети на луѓето со песната *Дрво на животот:*

Од Адам и Ева
Долга редица
Го продлабочува време
Во градината на животот
Од сплет
На човечки ликови
Високо во небото расте
Го подигнува
И гради
Дрвото на животот.
Маж и жена
И бројни деца
Исплеле

Кошара
До небото.

Во вториот дел од книгата *Времето на спектакли и повторното оковување на Прометеј*, Љубиша Р. Митровић, во своите песни пее и верува дека се во право и Жан Жак Русо «Човекот се раѓа слободен, но насекаде е во окови» и Гете «Никој не е побезнадежно заробен, како оние кои лажно веруваат дека се слободни» (стр.37).

Меѓутоа во првата песна во проза со наслов *Новите Прометеи* Љубиша Р. Митровић, почнува со омаж за интелектуалците како Нови Прометеи, а потоа низ другите песни укажува на новите пороци (прекумерното вооружување, примената на сила над правото, односно доминацијата на воено-технолошкиот комплекс над светот, преку искушенијата на дрогата, парите, компјутерите и интернетот и на крајот во тој *свет без алтернатива* укажува на најсовремените искушенија на денешниот Левијатан, во песната *Фарма на слатки роботи*:

Џиновски октопод
Го зграпчил
И го јаде светот

Го вшмукула човечкиот мравјалник
Неговата киклопска уста
Се вечно ненаситни

Човечкиот вид
Наместо со Човечност
Да израснува во Сечовек
По Земјата лазата
Орди на човечиња
Кои кривожедно
Се борат за опстанок

На пат сме
Човечката цивилизација
Да ја замени животинска фарма

Од слатки роботи
Потрошувачка цивилизација
На лакоми киклопчиња.

Во третиот дел од книгата, кој е всушност централен и по мотивите и по идеите и вредностите, Љубиша Р. Митровић, со поднасловот *Будењето на Прометеј – поттикнување/раѓање на слободата* ги дава неговите најзначајни пораки.

Имено, тој смета дека сега повеќе од било кога е потребно будењето на луѓето и на Прометеј како симбол за тоа. Тоа го почнува со песната *Те будам:*

Те будам
Во своите соништа
Принцу на слободата
Архангелу на добродетелството

Со твојата сила
На Праведноста
На крилјата на слободата
Зазорува златна зора
За човештвото.

И покрај тоа што укажува дека борбата не е уште завршена, а тој во песната со индикативен наслов *Гласови/Претсчувства,* сепак искажува огромна верба во младите и во новите генерации:

Претчувствувам
Тоа новата генерација
Во потрага по себе
И својата ѕвезда
Јуриша кон небото
Како Прометеј
Го краде огнот од боговите
И го дарува на луѓето
Од сите страни
Слушам радосно кликање
Да живее слободата!

На крајот со уште една песна во проза Љубиша Р. Митровић, завршува маестрално во поетско-филозофска смисла:

Играта значи, не е завршена. ... Зар не го слушате повикот на орото? Тоа вас ве повикува. Придружете му се! Вклучете се со своите соништа во играта на создавање на сопствената историја! Не се двоумете! Изборот и одлуката се ваши.

Се на се, една извонредно инспиративна, мотивирачка и со длабоки и трајни вредности поетска книга, која најтопло ја препорачувам на сите љубители на поезијата и на филозофијата.

*Текстот е напишан и презентиран на промоцијата на книгата од проф.д-р Љубиша Митровиќ, што се одржа на 11.април 2014 година на Педагошкиот факултет во Битола.

Мирјана СТОЈАНОВСКА

УДК 821.163.41-1(049.3)

Лентата од ветар како посебна нитна на моќта на поетскиот израз: (Осврт кон книгата „Лента од ветар“ од Ружица Циндори)

Ружица Циндори е хрватска поетеса која зад себе има опус од десет книги поезија, со препознатлив автентичен стил на игра со формата и содржината, барајќи инветивни начини на претставување на поезијата, каква што е и оваа книга поезија „Лента од ветар“, објавена од страна на Друштвото на хрватски книжевници во 2017 година. Објавувањето на оваа книга на македонски јазик е одобрено од страна на Министерството за култура на РСМакедонија. Препевот го направи м-р Љерка Тот Наумова, а издавач е Здружението за наука и култура „Нова“ од Битола.

Во книгата поезија „Лента од ветар“ се објавени вкупно триесет и осум песни, поделени во четири циклуси: *„Заедно“, „Звонење“, „Зошто си толку среќна?“ и „Лента од ветар*“. Сите ги обединува херменевтиката на стиховите кои од конкретни синтагми преминуваат во необични, двосмислени, понекогаш апсурдни кованици на метафоричниот и оксиморонскиот израз. Преовладува смирениот, меланхоличен и дескриптивен пристап каде личната духовна состојба се отсликува во општиот тек на животот преплетен со вечните прашања: која е смислата на постоењето?!

На самиот почеток, со песната „Територија“ поетесата како да ја обележува својата територија како човек со посебна перцепција со која воедно се обградува од просечноста, но понатаму веднаш се чувствува таа самотија и отуѓеност што под тежината на годините станува уште потешка. Честопати, поетесата со носталгија се потсетува на минатото, на спомените кои љубовта ја претвориле во излитен капут, со одреден рок на траење (во песните „Име“, „Петрињска“, „Заедно“ и други.)

Во повеќе песни семантичката димензија на рефлексивните стихови се постигнува со описи на природата каде честопати се сретнуваат дендроидни елементи (растенија и дрвја или делови од нив), потоа описи на море и риби што во трите циклуси ја доближуваат оваа поезија до медитеранската поетска рамка. Такви се морфолошките целини од типот: „*сè сум послична/ на коренест зеленчук*“ (во песната „Осаменост“), „*сега веќе сум билка/полна со соништа./Ги пуштам коренчињата во ноќниот хумус* (во песната „Соништа“), како и во песните „*Маслина“ , „Портокал*“, а од морскиот свет – тоа е морскиот кит („*како да издишува/преморениот кит, во приквечерината што се прпела во морската шир*“ во песната „Излегување од Палермо“) или туната осудена на смрт (дури и како наслов во песната „Големата туна“) како и во други песни.

Третиот циклус со насов „Зошто си толку среќна?“ контрасно на насловот носи песни со меланхолични и песимистички ноти во потрага на нови простори на живеење, селидби кои не носат ништо ново, па животот наликува на „*оксиморон со ограничена шир*“ (во песната „Нашиот живот тука“), што пак во песната „Женски живот“

преминува во приказ на феминистичка позиција на шаблонизираниот живот на незаштитената жена: „ *Никаде те нема/освен во кујните/во трамваите/во пекарниците...“.*

Актуелната реалност на времето во кое живее современиот човек, поетесата ја отсликува во песната „Дијагноза“, како живот на современи дијагнози, на проблеми и лекови каде само „поезијата лечи“. Па така, поетесата знае да се зачаури во својата поетска структура и така да се заштити од негативните влијанија на секојдневието.

Во сите песни, стиховите се врзуваат со необични врски помеѓу денотативното и конотативното значење што ја прави оваа поезија автентична, без оглед дали станува збор за љубовна, описна, интимно-исповедна или рефлексивна песна.

Последниот циклус со наслов „ Лента од ветар“ според кој оваа книга е насловена, поетесата Циндори го посветува на поетите, на чинот на творење, што ја содржи смислата на

постоењето, на создавање креации. Таа посебност, таа моќ да се создаде песна, поетесата симболично ја нарекува „лента од ветар“ со што ја прикажува недофатливоста и невидливоста на таа посебност што ја поседуваат создавачите на поезија:

„Само поетите
со гордост ја носат
лентата од ветрот.

Немаат потреба
да телефонираат.

Ги откачуваат стрелите
во небеското синило, во ништо,
па сепак ја погодуваат целта.

За патоказ
оставаат прашалници.“

Како клучен момент се посочува мотивираност и потребата од постоење на некаков копнеж што ќе влече напред во животот, што ќе му ја дава смислата на животот. Моќта на поезијата, поетесата ја споредува со воскреснувањето на зборот и на сè она што е оставено како колективна меморија (алудирајќи на големата Александриска библиотека). Во тој контекст, движејќи се од посебното кон општото (заедничкото) и повторно враќањето кон центарот на индивидуата, ја отсликува специфичноста на поезијата на Циндори која остава траги во меморијата на еден посериозен аналитичен пристап кон ова дело.

КНИЖЕВЕН МОЗАИК

Жоел ВЕРНЕ, ФРАНЦИЈА (Joel VERNET, FRANCE)

УДК 821.133.1

1.

Утрово само раскошот на цвеќето ме одржува во живот. Со доаѓањето на зимата, прва реченица е розата на ѕидот од градината. Таа опстојува под молчеливите снегулки, победник над невремето. Ни пишува во својот прекрасен фустан или пак молчи со часови, со ливчињата препуштени на ветерот. Кога ќе ја погледнам, таа како да го свртува лицето кон мене, ги отвора тенките усни, нешто запелтечува. Да, розата ја пишува во светлината првата реченица која никогаш не доаѓа од книгите, туку од висините на нашиот малечок живот, од длабочината на болката и на радоста, од сончевиот зрак врз каменот. Ја фаќам во лет и ја гравирам, со нежна рака ја цртам на листот хартија! Јас не ја убивам како оние колекционери на инсекти, пеперутки што ги ловат со мрежа по полињата, тие обожавани ловци во научните книги! Како може некој да им се восхитува на тие литании од лешеви? Само еден претеран вкус за смрт би можел од мене да направи таков колекционер. Да се пишува, болката не е потребна. Болката не е доволна. Единствено радоста може да го возбуди срцето. Ти би сакал да ја опишеш таа радост со толку тивок шепот што би те слушнале на другиот крај од светот. Но ти речиси веќе не пишуваш, ја слушаш тишината минувајќи ја ноќта со факел в рака. Сомнамбул. Во ноќта шетаат ликовите на твоите блиски. Нема страница која може да го избрише сеќавањето на нив. Ги гледаш сите, еден по друг, уплашен, замелушен или смеејќи се чудно.

2.

Би сакал да зборувам за оние кои овој живот го поминуваат со светнат поглед, оние кои сѐ уште сакаат. Зборувам во условна форма, додека сегашниото време ме вика, со сета сила. Да се зборува во условна форма е хипотетично. Зборувањето во сегашно време ме доближува до живите, до ситните настани кои го сочинуваат мојот живот. Не знам ништо друго освен овие нешта без слава. Сакате ли да ми помогнете, да ми предочите друг пат? Единствено сиромашниот живот ме привлекува, но можеби грешам? Немам одговори, но затоа милијарда прашања. Колку би сакал повторно да ги прочитам книгите што ме напуштиле, ги оставив длабоко негде во собата за никогаш да не ги препрочитам, тие врескаат и со нетрпение чекаат да ги вратам на слобода, под убавото дрво во градината кога нежното лето се буди врз сите нас. Не се забораваат тие книги, па и нивниот оган да е послаб отколку некогаш. Блиски ни се и тоа ни е доволно. Долго шепотат во темнината. Нивната псалмодија е бескрајна. Уште сме во градината, со голи раце, го набљудуваме синилото на небото, движењето на една тревка, елегантноста на една мравка, обстинацијата на една црвеношија со која упорно го штити своето гнездо. Во куќата слушам мрморење: книгите разговараат меѓу себе, лизгајќи се од еден век во друг. Сите се братски книги. Со нивното присуство тие ја намалуваат самотијата. Нивните страници ми помогнаа да поминувам од еден ден во друг ден. Долго ги чувам на маса, сонцето да ги стопли. Гледам како мастилото трепери кога светлината се засилува.

Превод од француски: Марија Бежановска Левавасер

Емилио ПАЗ, ПЕРУ (Emilio PAZ, PERU)

УДК 821.134.2(85)-1

Меланхолија

Фрлам камен.
Ги кршам морето и мирнотијата.
Рибите си бегаат од утробата.
Птиците се кријат на месечината.
Бог е скриен во јасли.
Вревата се крши со сѐ што постои.
Со традицијата. Со братството.
Со историјата на нашите предци.
Нема штета. Само тело кое лежи
Фрлам камен
и извор се појавува.
Подот е кал.
Сѐ е одново создадено. Сѐ е ново.
Каин се крие во човечкото срце.
Адан[5] плаче во азил во Мирафлорес
Чекајќи ги своите деца.
Фрлам камен
И сѐ е уништено.
Другите камења.
Животните.
растенијата.
Луѓето.
Оваа песна.
Ми недостасува фрлањето камења
И тоа што ништо не останува за да сведочи за тоа.

[5] Мартин Адан, познат поет од Перу

ДЕПРЕСИЈА

Споделени гревови.
Костими на човечки суштества,
смачкани лица.
Си играме како да сме сенки
во некоја си соба со свеќа.
Гревовите,
Гревовите на мажите,
гревовите на жените,
гревовите на луѓето.
Гревовите на детето
кое не грешело.
Татнеж што ги погодува сетилата.
А болката не престанува да ме гужва
како да е тоа хартија во рацете на бебе.
Никој нема да биде утре
само сеќавањето ќе се лизга во провалија
за да падне во рацете на морето.
Не знам. Утре.
Не знам што ќе престане да се случува.
Единственото сигурно нешто
е јажето во мојата рака
и гревовите кои ги дават
последните зборови што тебе ти ги упатувам.

Превод од англиски: Даниела Андоновска-Трајковска
Translated from English into Macedonian: Daniela Andonovska Trajkovska

Џорџ ВАЛАС, САД (George WALLAS, USA)

УДК 821.111(73)-1

Колку што знаеме ова е рај

што ако јаболката сè уште беа јаболка,
змиите сè уште беа змии, и сите ние
сè уште живееме во рајот; што ако
ева е во летото на своите години,
трчајќи со антилопата, бутови
еластични и подвижни, лице исончано;
што ако никој не мораше да лази на стомак на сметка
на некој злостор од сказните; адам
лежи непорочен во корија од
зрели круши, воодушевувајќи се на одот на ева,
воодушевувајќи се на начинот на кој вечерните светла се појавуваат
во рајската градина на замолчени крилја за го потсетат
на нежниот допир на љубовта; без искушение
без срам, само една љубопитна птица, пее во
слатки елипси, ја пее со дрвјата, песната без зборови, за бог и за летото
и сончевата светлина во водопадите;
една едноставна песна, за тоа како совршено
една круша се вклопува во раката на адам, подеднакво
совршена и во раката на ева; и како
дарежливо нејзините сокови течат по
неговата брада и раце и гради,
(речиси како да е однапред осмислено), пее дека сите ние
сме две половини на едно единствено овошје
обесено на едно рајско дрво.

Превод од англиски: Даниела Андоновска-Трајковска
Translated from English into Macedonian: Daniela Andonovska Trajkovska

Константин СЕВЕРИН, РОМАНИЈА

УДК 821.135.1-1

Френсис Бекон

твојата слика е светкав остар касапски нож
со траги од месо и капки крв на сјајното сечило
ми рече ти пред Colony Room Club[6]
без да се сетиш дека ова е совршена метафора
на насилниот и безмилосен свет кој ти го создаде
Го насликав плачот зад хоророт од кој се инспирира
по што ми дадоа да си играм со брутални вистини на маса за рулет

авантурата во која се коцкав со мојата судбина
започна од мојата 16 година
откако моите родители ме избркаа
поради тоа што сакав момчиња
во Лондон имав секс со постари мажи за пари

Крадев храна и многу шишиња виски - Bell
и неколку пати ја кршев кутијата за милостина во црквите
Набрзо ја открив уметноста гледајќи го филмот *The Potemkin Cruiser*
гледајќи го лицето и безгласниот плач на крвавата медицинска сестра во безмислосно пијанство

за мене сликата е еден вид опасно чекорење по жица
помеѓу тоа што го нарекуваме фигуративно сликарство и апстракција
очигледно тоа доаѓа како резултат на апстракцијата но ништо нема заедничко со неа
тоа е обид да се води фигуративното низ нервниот систем

[6] The Colony Room Club – приватен клуб во Сохо, Лондон во кој се собирале уметници. Френис Бекон бил и основач и долгогодишен член.

мојата уметност еруптира со замолчени врисоци и светли бои како во трагедиите на Есхил
хипнотичките слики на Веласкез и поезијата на Т. С. Елиот
мојот живот беше целосно интимна и мазохистичка несреќа апсорбирана од уметноста
како камшиците на мојот грб од луѓето кои ги сакав
а кои можеш да ги најдеш во илјадници исечени или искршени насликани фотографии
Те предупредив дека кога гледаме во нешто всушност не гледаме само во него
туку тоа го правиме во светло на навредата на која беа подложени нашата фотографија и нашиот филм
Ја фатив чистотата на сликата само неколку пати
во интензивниот вонземски поглед на африканската дивина

го видов човечкото лице преку апокалиптичните леќи на врисокот
детали за нарушувања и деформитети преку страдање
витлите на месо и сон во плацентата на материјата
Платив за сиот голем успех преку смртта на моите сакани
планини од злато ископани од тркалото на рулетот и тони виски
а сепак Фуриниите (Ериниите) на Есхил ме следеа во кристалниот свет
откако го претворија моето срце во грст пепел

Суцеава, 1 август 2020

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Су ЖУ, НОВ ЗЕЛАНД (Sue ZHU, NEW ZEALAND)

УДК 821.111(931)-1

Непознатиот крај

Стравопочитувачкото присуство
Во име на духот на сета Креација

Пространи шумски патишта, планини покриени со снег и глечери

Запалени од распрсканите зраци
Пламењата можат да го зафатат светот, поплавата може да потопи бродови

Енциклопедијата на Земјата е полна со нови записи
Реките се пренасочени, планинските врвови се срамнети со земјата, ливадите се испасени, мочуриштата се исушени

Некогаш ги знаевме
Бегониите со жолти цветови, Чилеанското сандалово дрво, Маслиновите дрвја од Св. Елена, белите пеперутки од Мадеира и црните носорози, медоносците, анакондите од Маврициј, Пиринејските кози и Калифорниските *Totoaba macdonaldi,* златните крастави жаби во дождовните шуми
Но сега, или се истребени или се избегани

Киселите дождови го бркаат ветрот за да расте во пламења и да го засилува чадот
Ситуацијата е дури и влошена од човечката бесчувствителна експлоатација на природата, клонирањето и пренаселеноста
Без да ја земеме предвид можноста да падне астероид, хабитатот, малку по малку,
се собира, скршен, или дури и изгубен

За доаѓањето на пророштвото за „шестото масовно истребување“[7] кое ќе ја плати сметката

„Секој нов пат ќе создаде безнадежна пречка за генетската размена на пеперутки“
Паднатите дрвја, придружени со пропаднатата жетва на бананите ги бришат црвените мајмуни и лемурите со малечки усти
Алчните пиштоли често се креваат
нашите блиски роднини кои не избегале од оваа несреќа

Гаја[8] е со скршено срце сега
На денот кога конечно паѓа завесата, можеме ли да ги вратиме назад?
Можеме ли се уште да се најдеме себеси?

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

[7] Шестото масовно истребување – научниците веруваат дека претереаните човечки активности го имаат забрзано процесот на истребување на видовите дури до 1000 пати во споредба со природното истребуавње, а земјата влегува во период на шесто масовно истребување

[8] Гаја – Божица на земјата во грчката митологија

Ана КЕИКО, КИНА (Ana KEIKO, CHINA)

УДК 821.581-1

Што е сторено сторено е

Што е сторено сторено е.
Се случи непредвидливото: Коронавирусот.
Бура е што може трае прилично долго,
уништувајќи го цутот на гранките и цветовите.
Стравот е насекаде,
Смртта е близу.
Ова е пролет на скршени соништа —
темни облаци, тага, солзи.
Sвоното удри по небото.
Вообразените луѓе паѓаат
во црната дупка којашто самите си ја ископале.

Од „Осаменоста во крвта“

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 681

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Менке КАЦ, ЛИТВАНИЈА – САД (Menke KATZ, LITHUANIA – USA)

УДК 821.111(73)-1

За смртта на детето старо еден ден

Сите мртви деца стари еден ден ќе те пречекаат.
Ветерот ќе ти ја испее мојата приспивна песна
кога сонцето ќе зајде таму каде што најтажната трева расте.
Ти си почетокот кога зората е мудра.
Бог ќе го чува твојот ден до крајот на векот,
Во земјата на мана, Рај од леб.
Со зрак и сенка ќе си поигруваш цел ден.
Есента ќе врие со кафеавото во твоите очи,
Со мојата тага засекогаш росата ќе плаче.

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 682

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Жермен ДРОГЕНБРОТ, БЕЛГИЈА-ШПАНИЈА (Germain DROOGENBRODT, BELGIUM – SPAIN)

УДК 82(493)-1 821.134.2-1

Сè се менува, сè останува

Безименото е почеток на небото и земјата
— Лао Це

Толку многу нешта се случиле,
но ништо не се сменило

само навидум
сè изгледа поразлично од претходно,
и едвај да има нешто или ништо што може да се препознае,

иако Патот, извиената патека што води кон просветлувањето е непроменета,
и продолжува да постои, но за нешто што не се гледа со око.

from "The Ephemeral Flower of Time"

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 684

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата" иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Хуан ЖИЛ-АЛБЕРТ, ШПАНИЈА (Juan GIL-ALBERT, SPAIN)

УДК 821.134.2-1

Атоми

Омаж за Мадам Кири

Да се живее – тоа е најинтимното нешто на светот.
Тоа е можност да се почувствува на своја кожа милувањето
на воздухот што нѐ опкружува. Да се биде буден.
Разбуден од смртта. Да се биде жив.
Да се преминат границите на ништото
и да се биде на ова благопријатно место
каде болеста се нарекува живот.
И да се биде тогаш нешто што е живо. Најскапоцено,
оваа палпитација, нешто неочекувано,
овој од жар направен сон, песна, молитва.
Прекрасна забава за која никогаш нема своевремено да дознаеме
што била, дали била, дали беше била, дали би била.

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 685

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Чо БИЈУНГВА, КОРЕЈА (Cho BYUNG-HWA, KOREA)

УДК 821.531-1

Ден и ноќ

Како ветерот што поминува низ лисјата,
така ти ми минуваш низ мислите.
Како птица што спие на дрвото,
така ти спиеш во моите мисли.
***

ЖЕНА

Вулкан во ерупција
Запечатен универзум
Поток што постојано тече
Небо што не простува
Предавнички марш
Небо фрлено отворено
Време на сите што копнеат
Знак за сите што чувствуваат страст
Палата на тајни
Ја еруптира вечноста

Плодна желба
Мистерија никогаш нерешена.

Превод од англиски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska
ITHACA 686

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Франциско БРИНЕС, ШПАНИЈА (Francisco BRINES, SPAIN)

УДК 821.134.2-1

ЕЛКА И МОНТГО

На Анџелика Бекер

Мрачната смрт на портокаловите дрвја
ми ги заслепува очите;
портокалова и сува, месечината се крева
зад море од олово.
Во далечината, планината дише син воздух;
морето го навлажнува, во својата дремка. И така сенката паѓа,
со векови, над болката од сопствената грубост.
Куќите ги отвораат капаците,
падината се осветлува, треперејќи,
срцето копнее за битија што не ги познава;
додека други битија се враќаат во сеќавањето.

Невидлив, воздухот со мирис на јасмин
навлегува во мојата кошула, од моето тело подигнува лесна пот; а
овој оддуван прав се губи во ноќта,
глув гробокопач на моето време.
Беше тоа еден милозлив ден,
благодарен на износената земја,
Со љубов гледам во
нежноста со која умирам денес.

Превод од англиски на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 687

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Касмиро ДЕ БРИТО, ШПАНИЈА (Casmiro DE BRITO, SPAIN)

УДК 821.134.2-1

Без наслов

Безгрижно ја земам лушпата
на росата, ветрето на таа што ја љубам
како овие нешта да ја содржат сета
мистериозна доблест. И ја содржат. Сенката - внатрешниот мир на таа која ги пропушта да поминат тие што поминуваат: слабиот оган што го слави најтенкиот слој на скриената женска суштина.

Превод од англиски на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska

Од "***En la Vía del Maestro***", Un viaje con Laozi
Ediciones Olifante, Tarazona, Spain
***

Tomo, descuidado, a concha / do orvalho / a brisa de quem amo / como se estas coisas contivessem / a virtude misteriosa. Contêm. A sombra ─ / a paz interior de quem deixa passar / quem passa: o fogo lento que celebra / a película mais fina / da obscura substância feminina.

ITHACA 688

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Марија НИВЕА ЗАГАРЕЛА, СИЦИЛИЈА (Maria NIVEA ZAGARELLA, SICILIA)

УДК 821.131.1-1

Дај ми глас на одметник, о Боже

Дај ми глас на одметник, о Боже
и лавовско пенкало
на оваа земја
која пролева крв и ни покажува замолчени деца
со терор во своите очи.

Правдата е
воздух
вода
леб
трева која си поигрува сè до твоите колена
и разигран глас…

расцутени чучулиги во своите гнезда

таа војна го стресува човека
и го уништува.
.

Превод од англиски на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 689

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Сигурдур ПАЛСОН, ИСЛАНД (Sigurdur PÁLSSON, ICELAND)

УДК 821.113.3-1

Небото

Небото во темнината на утрото
скока до очите на мракот
што светка во утрото.
Така нареченото небо
целосно ослободено
од нешта кои се спојуваат на него,

светкавото небо,
слободно и подготвено,
ни отвора
ново сензорно поле,
ново енергетско поле,
енергетското поле на песната.

from: „Ljóðorkusvið“

Превод од англиски на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 690

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Џао ЛИОНГ, КИНА (Zhao LIHONG, CHINA)

УДК 821.581-1

Еднаш

Еднаш кога лутав по патот,
мојата осамена силуета – како суво дрво во пустина.
Еднаш кога зјапав со страв во мракот,
моите повици за помош се губеа водени од ноќта,
облаци и магла ги покриваа ѕвездите и месечината,
свежо ветерче ја гребеше апсолутната дивина.
Еднаш кога го слушав славејчето како пее во ноќта,
песни од облаци горе на небото,
слегуваа надолу како расцутено езерце со лијани,
нивните чисто бели ливчиња ги одбиваа сенките на ноќта.
Еднаш те барав тебе во густата магла -
може ли да има поголема среќа
од таа да те сретнам во една пролетна ноќ?

*Од: "**A Boat to Heaven**", **Southword**editions*

Превод на англиски Шју Чјин, Жермен Дрогенброт и Стенли Баркан
Превод од англиски на македонски: Даниела Андоновска-Трајковска
Translation Xu Qin – Germain Droogenbroodt – Stanley Barkan
Translation into Macedonian: Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 691

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата" иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Камина НАВИЈА ВЕЛАСКО, КОЛУМБИЈА (Camiña NAVIA VELASCO, COLOMBIA)

УДК 821.134.2(862)-1

Светло во далечината

Далеку, на хоризонтот,
откриваме зелена боја
од светлина и надеж што ѕирка
трепери и во агонија фрла
цврста, постојана искра
што не исчезнува.
Некоја далечна песна
го држи хоризонтот,
ветување за други денови,
ветување за прегратка.
Очите се зголемуваат
и ја бараат таа трага,
рацете се бакнуваат една со друга,
телата се будат —
сè ќе се појави утре.

од: "***Cuarentena Literaria***", Sial – Pigmalión, Madrid, 2020

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 692

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата" иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Евгенио МОНТЕХО, ВЕНЕЦУЕЛА (Eugenio MONTEJO, VENEZUELA)

УДК 821.134.2(87)-1

Поезија

Поезијата сама чекори по земјата,
својот глас ѝ го дава на болката што светот ја чувствува
и ништо не бара
не бара ниту зборови.

Од далеку доаѓа, неочекувано без предупредување.
Го има клучот од вратата.
При влегување, секогаш застанува за да нѐ погледне.
Потоа ја отвора дланката и ни подава
цвет или камче, нешто скришно,
но толку интензивно што срцата ни бијат
пребрзо. И тогаш се будиме.

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 693

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Жермен ДРОГЕНБРОТ, ШПАНИЈА - БЕЛГИЈА (Germain DROOGENBRODT, SPAIN-BELGIUM)

УДК 82(493)-1 821.134.2-1

Што е скриено останува скриено

Знаци ли се облаците таму горе
─ зборови ли се
или бескрајна тишина?
Станува ли море
реката што плови кон морето
или останува река?
Тоа што е забележливо
останува забележливо.
Тоа што се протега зад видливото
останува затворено
останува скриено.

Translation Germain Droogenbroodt – Stanley Barkan
Превод на англиски: Жермен Дрогенброт – Стенли Баркан

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 694

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Надја АЊУМАН, АВГАНИСТАН (Nadia ANJUMAN AFGHANISTAN)

УДК 82(581)-1

Немам желба уста да отворам

(1980–2005)
Убиена од сопругот и од неговото семејство

Немам желба уста да отворам,
за што ли да пеам. . . ?
Јас - омразената од животот.
Сеедно е дали ќе пеам или не.
Зошто да зборувам за сладост,
кога чувствувам горчина?
Ох, тупаницата на опресорот
устата ми ја скрши.
Немам животен сопатник
— кому ли да му бидам слатка?
Сеедно е дали ќе зборувам, дали ќе се смеам,
дали ќе умрам, дали ќе живеам.
Моја исчанчена осаменост,
со тага и жал,
родена сум за ништо.
Устата треба да ми биде запечатена.
О, срце мое, знаеш дека е пролет
и време е за славење.
Но што можам јас да направам со заробено крило
кое не ми дава да летам?
Предолго молчам,
но никогаш не ја заборавам мелодијата.
Постојано ги шепотам
песните од моето срце
за да ме потсетуваат

на денот кога ќе го скршам овој кафез
и ќе одлетам од оваа осаменост
и ќе запеам меланхолично.
Не сум јас слаба топола
која ќе се заниша и од најмал ветер.
Јас сум жена авганистанка
и единствено има смисла гласно да плачам.

Превод на англиски: Маназ Бадијан – Стенли Баркан

Translated by Mahnaz Badihian – Stanley Barkan

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 696

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Ирван АБУ БАКАР, МАЛЕЗИЈА (Irwan ABU BAKAR, MALAYSIA)

УДК 82(595)-1

Ја скинав розата

Кога ја скинав розата,
со цветот добив и мирис и трње.
Се вљубив во мирисот и трњето:
момент впуштен во помирисување
момент во болка од боцнување
заљубен и полуден
од земно задоволство.

Translated into English by the author and Stanley Barkan

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 697

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Наталија ФЕРНАНДЕЗ ДИЈАЗ-КАБАЛ, ШПАНИЈА (Natalia FERNÁNDEZ DIAZ-CABAL, SPAIN)

УДК 821.134.2-1

Хетеродоксиите на Егејското Море

II
Сите овие херои
станале
пепел,
камења
кои не можат повеќе да го издржат
ситниот чекор
на мелодиите
скинати од утробата.
Амбисот се отвора
таму каде
темнината
на хероите
имитира бесмртна
рана.

Од "Heterodoxias del tempo y la palabra"
Ediciones Alondras, 2021
Превод на англиски: Жермен Дрогенброт
Translation Germain Droogenbroodt
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 698

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата" иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Сара КИРШ, ГЕРМАНИЈА (Sarah KIRSCH, GERMANY)

УДК 821.112.2-1

На лето

Ретко населена, земјата.
И покрај огромните полиња и машини,
Селата лежат поспани
во шимшир градини; ретко ги погодува
по мачките фрлениот камен.
Во август, ѕвездите паѓаат.
Во септември, се лови.
Сивата гуска сѐ уште лета, штркот оди
по незатруени ливади. Ох, облаците,
како планини летаат над шумата.
Ако немаш весник в рака овде,
Сѐ ќе е во ред со светот:
Во тегли со џем,
Твоето лице прекрасно се отсликува и,
Полињата сјаат со огнено-црвена боја.

from “Rückenwind”, Sämtliche Gedichte, DVA, München

Превод на англиски: Жермен Дрогенброт – Стенли Баркан
Translation Germain Droogenbroodt – Stanley Barkan
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 699

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Маргарет САЈН, ГЕРМАНИЈА (Margaret SAINE, GERMANY)

УДК 821.112.2-1

Географија

...кога само љубовта би можела да биде пејзаж
Орнела Маријани

Дај ми да се движам, турни ме,
дај ми да се протегнам
во далечни земји и морења,
да го допрам небото со мојата рака.
Ти си тој кој прави да се движам
и јас лебдам
со ветровите
покрај реки во познати
и непознати земји
покрај географијата
на твоето срце
земја која не сум ја видела
досега.
Сите реки ме водат
до таа ветена земја...

Превод на англиски: Жермен Дрогенброт – Стенли Баркан
Translation Germain Droogenbroodt – Stanley Barkan
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 700

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Камала ДАС, ИНДИЈА (Kamala DAS, INDIA)

УДК 821.214-1

Зборови

Насекаде околу мене има зборови, и зборови и зборови,
Растат тие на мене ко лисја, се чини како никогаш
да не запираат во својот бавен раст
од внатре... Но си велам себеси, зборовите
се непријатност, биди претпазлив со нив, тие
можат да бидат толку многу нешта,
несреќата што ги следи стапалата што трчаат мора да
престане,барем за миг,
за да го погледне морето со парализирани бранови,
експлозијата од воздух што гори или
ножот подготвен да го пресече грклановот
на твојот најдобар пријател... Зборовите се непријатност, но
растат тие на мене како лисја на дрво
Се чини нема никогаш да престане нивното доаѓање,
Од тишината, од некаде длабоко од внатре...

Превод на англиски: Жермен Дрогенброт – Стенли Баркан
Translation Germain Droogenbroodt – Stanley Barkan
Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 701

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Жермен ДРОГЕНБРОТ, БЕЛГИЈА – ШПАНИЈА (Germain DROOGENBRODT, BELGIUM – SPAIN)

УДК 82(493)-1 821.134.2-1

Tous les matins du monde…

Tous les matins du monde
sont seuls au retour.
Сите утра на светот
се сами кога се враќаат

Не постои изгрејсонце кое знае за некое минато
или идно изгрејсонце
нему рамно.
Минута по минута
животот се соблекува
од својата сопствена сушност,
безначаен цвет
кој не знае за враќање.

from *“The Unrest of the Word”*

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 702

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Игет БЕРТРАНД, КАНАДА (Huguette BERTRAND, CANADA)

УДК 821.111(71)-1

Ноќна сцена

Ноќната сцена
е грандиозна работа
преоктирана во тишина
штом мракот ќе дојде.

Си гради гнездо
во ѕвездените очи
кога месечевата светлина ќе помине
гушкајќи ги вчудоневидените срца.

Во споделената тишина,
ги растура соништа
и сите трагедии.

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска
Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

ITHACA 703

Песната е дел од серијата песни „Песна на седмицата“ иницирана од Жермен Дрогенброт и списанието Point Editions во соработка со списанија и соработници кои преведуваат на над 30 јазици. Поезијата е во избор на Жермен Дрогенброт.

Аријан ЛЕКА, АЛБАНИЈА (Arian LEKA, ALBANIA)

УДК 821.18-3

Олово бакар злато восок

[Перитекст: Додека работеше како морнар на тој брод, татко ми се грижеше за библиотеката и филмовите што се прикажуваа додека пловеше. Во слободното време ги залепуваше искинатите листови од книгите и ги прицврстуваше кориците. На некого му го даде Жерминал на Емил Зола; на некој друг им ги даде Изгубените илузии на Балзак и на уште некој Педагошката поема на Макаренко. Смеата дојде само кога се скина филмската лента, тој се придружи со следниот кадар, додека изгубените филмски шеги на ликовите, поделени меѓу морнарите како улоги ги повторуваа по ред, гласно. Кога пропадна социјализмот, бродот каде што работеше татко ми беше киднапиран од имигранти, кои отпловија за Италија. Бродот подоцна беше продаден. Се стана ново. Сопственикот. Бојата. Лицата на хартијата за пари. Екипата. Татко ми веќе не е жив, но библиотеката со книгите од неговото време се уште останува на бродот што плови.]

Стариот брод регистриран под друго име
Со друг сопственик и мултиетничка екипа
Се уште ги има книгите на татко ми, на неговите зелени полици
Насликан двапати со евтина анти 'рѓа.
Со листови од книги морнарите ги наполниле дупките на палубата од каде што влегува стравот.

Додека ловат риба, тие ги чистат рацете од валканите моторни масла, ги свиткуваат уловените риби во листови хартија скинати од книгите што некогаш ги читале и чекаат да бидат вратени дома, затворени во бродот-затвор, во исто време додека сонцето сјае врз нивниот измет што лебди во морската струја.

Книгите зашиени со нишки ги потсетуваат на раните отворени од зборовите.

Библиотека на стариот брод. Книгите со заточени зборови во библиотека на брод се вреќи со лекови со истечен рок, закопани во почвата што не живее.

Не е важно кога се случило да бидеш таму кога книгата експлодира.

Сите се испрскани и намачкани со буквите.
Луѓето болни од чир избраа заеднички прав од олово во дневни дози
Малите го лижеа мртовецот по читањето.
А другите починаа од идеолошко предозирање
Од главните букви извлечени од рудниците на затворениците
Каде што имаше хром богат со злато за прстени и медали
Бакар за ТВ антени. Сол на окото.

Исто како и линијата помеѓу задниот дел од бродот, конецот на средината на страниците на книгата ги подели оние што знаеја дека оловниот прав што се шири низ буквите, ставовите и страниците се тајното оружје за масовно изумирање на вкусот и мислата.

Додека наивната кампања на заборавот ќе биде произведувана во приградските автобуси, наследниците на оглувените од експлозијата на куршумот, седнати на нивните пластични седишта, ќе се преправаат дека читаат, држејќи во своите раце нова дебела книга, наспроти бесплатно патување. Греби, читај и победи!

Превод од англиски на македонски: Сашо Огненовски
Translation from English into Macedonian: Sasho Ognenovski

Малгожата ЖУРЕЦКА, Полска (MAŁGORZATA ŻURECKA, POLAND)

УДК 821.162.1-1

Крилја од пеперутка

крилја од пеперутка
искинати и влажни

мојот одраз на стаклото
во мојот фустан зелен

РОДЕНДЕН

прстен од лимон
се врти во чашата

светлината од свеќите трепери
на врвот на масата
станувајќи длабоко огледало

рибјите зборови заплеткани
во разговор
заспиваат во музиката
и избледуваат

затворена тишина во мене
бело вино во чаша
тагата прави грешка

ти не си со мене

СЕКОЈ ДЕН

Ја оставам мојата утринска голотија
на топла ноќна перница

па си ставам заштитен оклоп на телото
од мојот рачен часовник
очила
мантија и чизми

ќе ја водам мојата секојдневна борба
потоа ќе си го соблечам оклопот
и пак ќе се вратам назад целосно гола

X X X

ќе направам бротче
од мојот фустан
ќе отпловиме до нашата ливада
каде жештината на јули
нема да ги излади
нашите бакнежи

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Мирослав ГРУЏЕЊ, ПОЛСКА (Miroslaw GRUDZIEŃ, POLAND)

УДК 821.162.1-1

Бистро

За М.

Виртуелно кафе
виртуелна кафе-масичка
виртуелно бистро во Монмартр

Руски музичар свиреше
на седумжична гитара
бистрото беше обраснато
со шумски бршлен

кој сум јас
без ова место
само вреќа со зборови
напуштена крај патот

затоа продолжувам да доаѓам овде

седам покрај празна кафе-масичка
во виртуелното бистро но
тој русин со својата гитара
го нема веќе

тишината е од бојата
на твојот фустан
оставен на столот

ДОЖД

Врнеше обилно како да се плашеше од крајот на светот
накиснати бевме и на половина чекор
од портата во која не може да се влезе
разменувајќи си малечки и неважни подароци
во брзање

како и секогаш зборовите не беа тоа што требаше да бидат

ништо не беше важно во тој миг освен
тоа дека герданот ти одговараше на очите
единственото нешто што го имаше на себе

и ги гледав малите зелени топченца
околу твојот врат
зелени земјени топки
кои опколуваат sвезда

и јас на една од нив
многу помал и поситен од точка
која сонува за два близначки извора
на зелена вода

Translated into English: Anna Maria Stępień & Mirosław Grudzień

Превод од англиски на македонски:
Даниела Андоновска-Трајковска

Translation from English into Macedonian:
Daniela Andonovska-Trajkovska

Глорјана ВЕБЕР, СЛОВЕНИЈА

УДК 821.163.6-1

Во близина на песната

Ми велиш да пишувам, но јас немам хартија
и ја немам оваа песна на неа. Ја барав неа во сто дваесет метри
квадратни, оваа ноќ,
ги отворив сите фиоки.

Сликарите кажуваат нешто слично за сликарските платна,
морнарите за далечината, градителите за рамнината,
готвачите за вкусовите, алхемичарите за каменот,
татко ми обично велеше нешто слично за животот, дека нема
голема разлика помеѓу длабочината и висината.

Ми велиш да зборувам кога со часови без потреба, без трага,
ја носам мојата рака
а ѕидовите не притискаат еден на друг
не сакаат да опфатат простор.

Ти ми зборуваш, а јас си мислам како
кога бев мала ги фрлив сите песни во печката,
како за време на појадокот го слушнав татко ми
како ја отвора малата врата во визбата,
како ја распрскува пепелта под дрвото
и кога по петнаесет години брат ми го исече
за да не падне еден ден на нашата куќа,
врнеше тој ден како што врне и денес.

Ти ми зборуваш, а јас ти одговарам
дека нема голема разлика
дали дрвото сѐ уште ќе стоеше тука,
бидејќи тоа што го очекувам
и тоа што доаѓа
го обзема моето дишење.

ПЕСНА

Можеше да биде потешко
како што Мартин Лутер Кинг веќе знаеше
патиштата ноќе се црвени во една насока
а бели во друга.

Како ноќта во која ѝ се приближуваме на Германија
или таа ноќ кога ѝ се приближувавме на Франција,
без разлика од каде доаѓаме исто гледаме,
црно и во две бои.

Пишувам песна,
некој напред слуша радио,
читајќи книга на италијански,
пишувајќи пораки на шпански,
спиејќи американски сон

а надвор светлата се менуваат,
бело и црвено, црвено и бело,
како мравки на експедиција секогаш исто,
како ТВ програма или холивудски филм

и само понекогаш
сините се појавуваат
и ние сите запираме
само тогаш
и тогаш за кратко
ништо.

Превод од англиски: Даниела Андоновска-Трајковска
Translated from English into Macedonian: Daniela Andonovska Trajkovska

Бреда СЛАВИНЕЦ (СЛОВЕНИЈА)

УДК 821.163.6-1

Јасминово лето

(циклус на песни)
Ме потсетуваш
на јасминово лето
и проширна дланка
што ги милува
со пауза изговорените зборови
Ти си како слезов цут
што му е потребно утринското сонце
за да ја вдише
својата убавина

*
Сега сме празни
како заборавената градина на провинцијалка
Никогаш не го дофативме денот
за да ти ја донесам
прегратката полна со маргаретки
како што ветив

*
Ти ставам на знаење
девојко моја
Не можеш да береш цвеќиња
што уште лани замрзнаа

*
Веројатно никогаш нема да го заборавиш
моето зајдисонце
и на наш начин
ќе ги живееш

сите преостанати есени
со мене

*
Имаше денови
кога здивот ќе ми истинеше
знаеше да му дадеш
измаглица што ќе поцрвенеше

*
Ти си моето Јасминово лето
и како
се создаваат брчките
на моето лице
полека се губиш
Нежно како што те засакав
почнувам да те мразам
од самрак до самрак
повраќам
согорени маргаретки
тебе
како последен подарок

*
Во овие години
што сѐ уште се преостанати
секоја ќе биде своја на свое
и со соништата од цимбали
ќе ги закопуваме
ти своите
бели дрвореди
јас моето семејство

Препев од словенечки на македонски: Искра Пенева
Translation from Slovenian into Macedonian: Iskra Peneva

Радомир ВИДЕНОВИЌ, СРБИЈА

УДК 821.163.41-1

Песни

ГРИЖА ЗА ВРУТОКОТ

за Георги Старделов

Светрум,
дожделец во врутокот
(некоја идна голема вода
и скрб).

Секавично жарче,
ненадеен свиден лик,
под арката црни сонца,
српот на месечината
тркалестите ѕвезди.

Безгревно е времето,
анасташка е историјата,
бурјан, пекол и ад...
а ние
дури ни вејка...

Но и премалени,
вај! стаписани,
сепак, знаеме дека бесплотно лета
нашиот *Angelus Novus*.

Та затоа чекам и јужам,
барајќи почва –
ков копнежен.

БИЉАНА

Вервиш ли , с'нце шчо ти е
Константин Миладинов

Варди ја варди, Вардаре
уварда ноќна ја демне
Гали ја, гали Галичице
ти стара ваја биди ѝ

Устрел од адот светрум се крева
за водила да ѝ стави
Со белезица да ја стаписа

Обденица вид видела
виделина стори ѝ се
вака сардисана и свената
да не се истошти
да не ни балдиса
премалена и бигорна
сета во огница
одева стијосана од пусто
клопче во градите

Попленета на сон и на јаве
а злото од сите страни
и тажачки и пискотници до синиот шар
но спокојно
кушачка е тоа и искушение
но не без копнеж
верност и надеж

И спокојно
ќе најдеме ние врвици
ќе има луњи и виулици
ќе светнат нови мугри и преродби

Билјано,
Билјано земјо,
Ај, ејгиди мале,
крилја, крилја
крилја
орелски...

КОРА, КАРИЈАТИДИ

Калезма е ова
Викиите со вино високо
за зрелоста
за воздигањето наше

Денот е на Кора,
Секогаш исправена секогаш облечена
а благородното момче курос
Секогар голо;
Ете ја, веднаш, разликата

Пуштени распуштени кога сме сами
се надгорнуваме со бесмислици
Но сега е време за признание

Ах, Јовано Вардарска, Ленка,
Билјано езерска,
Елено, Наде, Маре, Мариче,
ѕвездо Денице
Дениција...

Ако дафино,
муабетите и почнаа
со вино црвено и пеење тивко
кавдаречко...

Под сводот и пред
обичните нешта за чудење
наеднаш нѐ погоди секавица на согледбата:

ВИЕ НА СВОИТЕ ГЛАВИ НѢ НОСИТЕ!

МАЛА ЗЕМЈА

Добро е да се родиш во мала земја
каде што природата е човечка,
Со човечки размери, каде што
со векови заедно живееле
различни јазици и религии.
Мислам на Литва,
земја на митовите и поезијата.
Чеслав Милош

Чинев првин – Милош мисли
на оваа наша мала земја.
Но, не (иако можеше)

Неисе,
ти сепак
оваа мала земја
наткрили ја
како ангел на историјата

Камен по камен оди ја
камен по камен изоди ја
на коњ качи се,
со магарето инаети се,
како шега да е, ќе попушти
На Кораб низ Корабија
со роса, магли и облаци
лебдеј
со орлите
пастрмка стори се

Од малото небо Велестово
Славе Ѓорѓо јавува
орисија ни е:
Рис новороден
гали Галичица
та и ние со него новородени

Оваа ода е ехо
меѓу небото и земјата

ФИЛОСОФИЈА НА ЉУБОВТА

Ептен игра и фрлање стапчиња
љубовта е миг безвремен вечен
велат, хемија – прелевање хемикалии
толку лесно испарливи
течности во сврзаните садови;
а зошто не физика, механика,
оти тоа е поблиску до вистината, зарем не:
љубовта е пониско
(како што, веќе, знаете)

А мудроста, пак, само насоченост,
вкочанетост на погледот
па отсутност на светот
Од светот

Габите во главите на философите.
Колку се убави!

Некогаш земјата е поубава од небото,
а некогаш, сепак,
небото е многу поубаво!

Мањола НАСИ, АЛБАНИЈА (Manjola NASI, ALBANIA)

УДК 821.18-1

Велосипед

Прочитав некаде дека психолозите
можат многу нешта да научат за животот на луѓето
само ако постават прашања за нивниот велосипед.

Беше ли задоволен со бојата?
Беше ли таков каков што посакуваше да биде?
Татко ти ли те научи да го возиш
во опуштена атмосфера и насмеан во сончевите викенди?

Се сеќавам кога имав 12 години.
за прв пат видов детски велосипед
кога ѝ купија еден таков на Адра:
беше малку зарѓан, малку свиткан,
двојно постар од нас, но колку луда радост

беше тоа за сите деца на нашиот прашлив пат;
едно дете ќе го возеше, а сите останати ќе го следеа
охрабрувајќи го, помагајќи му,
преправајќи се дека не ги бројат тајно
секудите додека им дојде редот.

Никогаш вистински не научивме да го возиме,
зашто Андра се пресели кога нејзините родители
се разведоа.

Помеѓу тоа време и мојот сопствен велосипед
повеќе од една деценија помина.

Мојот велосипед кратко го користев,

бидејќи научив дека сум бремена.
Фаќаше рѓа на балконот откако го изгубив бебето.
Никогаш не купив друг.

Од тогаш помина една декада, помалку или повеќе.
Сега, кога ќе ми се даде можност,
изнајмувам или позајмувам од пријателите.
Не се случува пречесто; најчесто кога ќе се најдам себеси
во зелените паркови, со ексклузивни патеки за велосипеди.
Дури и се разминувам со други велосипедисти,
си правиме пат едни на други, насмевнувајќи се.

И тогаш се чувствувам како да позајмувам парче живот,
како да влегувам во дом
во кој не сум поканета.

Превод од англиски: Даниела Андоновска-Трајковска
Translated from English into Macedonian: Daniela Andonovska Trajkovska

Гордана СРЕЧКОВИЌ, ЦРНА ГОРА

УДК 821.163.4(497.16)-1

Фатаморгана

Само капката вода
На пустиникот
Му го спасува животот
Од таму и јас сонувам
Водопад
Како ме разладува
И ја гаси исконската жед

Спремна сум
Да го дадам животот
за да те имам тебе

Само Господ
Одеше по морето
Моја е таа фатаморгана
Во која
Привиди на убавината се согласуваат.

Низ водите ме поведуваат
Изумрените предци
А на јаве
Се будат
Некои нови светци.

На бел коњ
Како што доликува
Банот принц од бајки
Со пци го јурат
Некои сили на темнината
и бездушни хајки.

Траење

Сѐ е тоа „траење“
Миг еден –
Во миг од мигот
Енергија на мислите
Живот одржува –
Таа струја
Што не се стишува
И кој кажува
Дека тоа љубов не е
Што толку ме подмладува
Што во крвотокот се крие
(насекаде проникнува)
И кога нас ќе нѐ нема
Изобилно ќе нѐ има.

Препев од српски на македонски: Елизабета Јончиќ
Translation from Serbian into Macedonian: Elizabeta Jonchikj

Иван ШПАЊИЌ, ХРВАТСКА (Ivan SHPANJIC, CROATIA)

УДК 821.163.42-1

Животот е стара песна

Послушај го животот. Следи го тој ритам.
Тие зборови се дел од нешто поголемо
Почувствувај сѐ. Секој знак е битен,
животот не те сака кога не сакаш живот –
Става точка на крајот од последниот стих.

Тогаш ќе пеете со фантомите
стихови за кои не сте ни свесни
дека се пеат веќе еони.
Ќе знаете дека сте песна во песни –
Само стих на вечниот божествен крик.

Животот е стара, прастара песна,
песна која никогаш да застане нема.
А смртта, за секого што тоа не го знае
На животот само нова смисла ќе му даде.

ЈАС

Јас сум изгубено време,
Јас сум потрошена младост.
За многу уште само дете,
Во промислена мисла барам мудрост.

Ама под мирнотија јас сум бесот
Сталожена лутина што во спокој чучи.
Јас можам да видам зло под префинетост
И проколнат сум на грешките да учам.

Јас сакам правда на секоја неправда рамна
И тихо следам и кога најлошиот пати
Иако има иста, на сите позната мана
Грешник сум како и човек секој.

Јас се мразам себе заради сопствената љубов.
Премногу сум млад да би пател така.
Јас сакам времето веднаш да се сопре
Да размислам малку, да разберам како.

Препев од хрватски на македонски: Елизабета Јончиќ
Translation from Croatian into Macedonian: Elizabeta Jonchikj

Нилавро Нил ШУВРО, ИНДИЈА (Nilavro Nil SHOOVRO, INDIA)

УДК 821.214-1

Со тешко срце

Таа е пак сама
Среде мртвата ноќ
Среде неподвижната тишина со празен поглед

Нема веќе танцувачки аларми
Кои ги чекаат нејзините меки допири
Нежните прсти на нетрпелива надеж

Сенките на изгубените сеќавања шепотат
Низ отворените прозорци во хор
А нивното ехо одsвонува во различни галаксии

Дури и мртвите sвезди на вечните ноќи
Остануваат неподвижни во тагата
Речиси исто како и нејзината болка, единствена и сама

Сепак останува таа сама пак
Среде нејзината осамена приказна
Оставена без зборови со тешко срце...

СО КРАЈОТ НА ПРИКАЗНАТА

со ноемвриското сонце
кое лебди над празнината

мојот ум остана
смирен и без зборови

немаше за што повеќе
да се грижам

или нешто да планирам
за следните мелодии

не беше ништо ново, не
не воопшто. секое зајдисонце

ги жнее сеќавањата на денот
во лулката на вечната ноќ

со тешко срце
како пустинските песоци

соочувајќи се со вистината лице в лице
гол во надежта и сонот

беше тоа како соочување со животот
по изгубените битки како и секогаш

па останав каков што и сум
вообичаено и секојдневно во моја одбрана

смирен и без зборови
како поразените војници

а таа беше доволно самоуверена
и таа не ме чекаше исто така

Превод од англиски: Даниела Андоновска-Трајковска
Translated from English into Macedonian: Daniela Andonovska Trajkovska

Шикдар МОХАМЕД КИБРИЈА, БАНГЛАДЕШ (Shikdar MOHAMMED KIBRIAH, BANGLADESH)

УДК 82(549.3)-1

Договор – 10

Во земјата се колнам, во полните раце жито се колнам
Се колнам во порцијата од ориз и риба и во млечната крава
Се колнам во доцниот ноќен воздух со капки
осветлени од месечината
во Азан кој го отвора денот на рајот до ден денешен.

Во научната култивираност на која ѝ се потребни
креативни обиди
и во полуголите култиватори кои се препотуваат
Кои се сигурни во својата плата пред да се исушат
Со легалното сопственичко право од вредноста на трудот.

Се колнам во чистата љубов, еднаквите права и пријателството
и поминувањето прекрасна ноќ по тешкиот ден
Искрено се колнам во алувијалната земја наместо во златото
Поетот никнат од оваа земја никогаш нема да биде ниту
себичен ниту продаден.

Ако ја прекршам заклетвата или на кој било начин некако се
огрешам,
ќе ме оставите засекогаш
тоа е со право сигурно.

ПАРЧЕ ВЕРНА ПОКРИВКА

Едно парче верна покривка може да биде студија
на еден замислен сонуван проект
за хоризонтално заминување.
Како маестрален уметнички пејзаж,
Луксузна ментална скулптура или отсјај
на нервна месечева светлина во черепот
Како мирна месечина

Ако кликне некаков логички сигнал во нервалниот интернет
јас самоуверено ќе застанам спроти Хегел и ќе отворам
дијалектички вебсајт.

Во доверба ќе ти кажам дека воопшто не беше лага
тоа дека во длабокото сино небо еден змеј спие сам
Заспан со перница од бел облак.
Го милуваат некои невозможни соништа
и добива синтетизиран одмор

Конечно почна да кружи
во бескрајниот простор со екстремна радост
од вечното постоење.

Превод од англиски македонски: Даниела Андоновска-Трајковска

Translated from English into Macedonian:
Daniela Andonovska Trajkovska

Глорија МИНДОК, САД (Gloria MINDOCK, USA)

УДК 821.111(73)-1

Немој

Не ми вели дека моето пишување е премногу графичко
за тебе додека седиш во својот убав стан,
уживајќи во денот, спиејќи мирно ноќе.
Ти го можеш тоа, но тие не можат.
Лежат на земја во калта, плашејќи се да заспијат,
селаните ја чекаат смртта, автоматските пушки, ножевите
да ги земат.
Жените се силувани, облеката одземена,
оставени да умрат во својата голотија.
не прашувај зошто пишувам за стравотиите во светот.
Тоа би можел да бидеш ти. Но не си.
Можеш ли да замислиш како би ти било ако син ти го убијат на пет годишна или помала возраст или ти ја одземат ќерка ти,
или децата ти ги остават без нозе?
Кажи ми, каде овие луѓе се обраќаат за помош.
Ти знаеш каде да се обратиш.
Не барај од мене да престанам да зборувам за sверствата.
Можеби еден ден ќе се сетиш на мене,
можеби еден ден нема да си го имаш своето удобно место.
Ништо не ти посакувам. Сите sвезди паднаа.
Подигни една од тие што се покрај патот и занимавај се со неа.

АВАНТУРА

Дождот удира на земјата
со таква сила што ја потопува земјата,
чистејќи ја за нејзината следна авантура.
Кога сонцето се појавува, сè се суши,
сè е нормално пак –
постојано се случува исто.
Исто е и со љубовта. Секогаш има некој
кој се заљубува.
Не биди измамен од ваквата среќа...
светот е катастрофа, а ти мора да се бориш
против тоа, да заземеш позиција.
Опстанокот е подобар со совршени заби,
насмевка, заразно.
Љубовта прави да се смееш, ги запира пукањата
кои ја обвиткуваат земјата.
Секогаш има некоја пушка насочена кон некого.
Секогаш има пушка што пука.
Секогаш има експлозии, ножеви, мачети се нишаат.
Им нема крај на овие слики.
Толку многу кофчези подредени. Треперам од нив.
Љубовта може да те обнови, да ти предизвика болка
во стомакот или градите... да ти предизвика вртоглавица.
Љубовта е ода што си ја должиш себеси –
зачекори надолу по улицата и патот ќе те следи.
Мизеријата е нешто што ти се испушта од рацете
од време на време.
Кошмар од кој можеш да се разбудиш,
со отворени очи, без пролеани солзи, вечност...
Дишеш воздишка на олеснувањето. Не си сам/а.
Твоето тело само спиело.

Превод од англиски македонски: Даниела Андоновска-Трајковска
Translated from English into Macedonian:
Daniela Andonovska Trajkovska

Тарек САМИН, БАНГЛАДЕШ (Tareq Samin, BANGLA-DESH)

УДК 821.214.32-1

Животна врвица

Го изгубив патот
и ги најдов
убавите рози живописните реки
мелодичното пеење на непознати птици.
Најдов пријатели
нив; никогаш досега не сум ги сретнал.
Всушност, ова беше мојот пат
Го барав.
Да го дознам непознатото
да ги сакам паднатите цвеќиња.
Да, патувањето беше горко
сурово и диво.
Тешкотиите, страдањата
и сите солзи.
Сепак, мислам, тоа е
славата на човечкиот живот
да го изгубиме нашиот пат
за да откриеме нешто прекрасно.

МОЈАТА ЧОВЕЧНОСТ

О, мајко Земјо,
ти си мојата татковина
со различни јазици и култури,
те сакам како мајка.
Ја разбирам твојата болка
Ги разбирам твоите неизречени вибрации

Немам ни држава ни раса
Јас сум Хуманист, Љубовта е мојата религија.
Ослободен сум од границата на т.н.-те нации и непријатели,
Дрвјата се мои браќа
Планините се мои сестри
Реките се мои тетки
Животните, инсектите и птиците се мои соседи.
Јас сум универзален патник
во овој ограничен човечки животен век.

ОМРАЗА И ЉУБОВ

Кога омразата ќе го рашири огнот на делбата меѓу луѓето
Логиката и интелектот го губат својот пат;
Тогаш; Дојди О памет,
О лишен човечки животе
Да се капеме во љубовниот поток.
Љубовта, само љубовта може
да ја уништи гигантската моќ на омразата,
Затоа дојди денес
да се сакаме и да се почитуваме,
Во човештвото има насушна потреба за љубов.

Превод од англиски на македонски јазик:
Весна Мундишевска-Велјановска
Translation from English into Macedonian:
Vesna Mundishevska-Veljanovska

Содржина

ПОЕЗИЈА

Борче ПАНОВ 7
Медуза на воздишката 7
Раде СИЉАН 11
Сами на векот 11
Весна АЦЕВСКА 14
Слика од хаосот 14
Санде СТОЈЧЕВСКИ 16
Сонет 16
Владимир МАРТИНОВСКИ 18
Маратонска песна 18
Радован П. ЦВЕТКОВСКИ 21
Душата да ми биде полна 21
Диме РАТАЈКОСКИ 24
Поткрепа 24
Весна МУНДИШЕВСКА-ВЕЉАНОВСКА 25
Cosвездија 25
Сашо ОГНЕНОВСКИ 27
Митологии 27
Славица ГАЏОВА СВИДЕРСКА 29
Од „Политики на стравот“ Восток (2021) 29
Милица РАДЕВСКА ДИМИТРИЈОВСКА 31
Очекувања 31
Томе ВЕЛКОВ 34
Уморен сум 34
Билјана ТАЛЕВСКА ДИМКО 37
Без дете 37
Сулејман МЕХАЗИ 38
Кој ти рече дека сме заљубени 38
Кире НЕДЕЛКОВСКИ 40
Новиот робот 2254 40
Божин АНДОНОВСКИ 43
Раѓање 43
Адем АБДУЛАХУ 46

Кој не сака цвет 46
Саво КОСТАДИНОВСКИ 49
Фреска во зборот 49
Митре МАНГОСКИ РАДОЖДАНСКИ 50
Залезот на мојата песна 50
Даниела АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА 52
Гол театар 52

ПРОЗА

Никола КОЧОВСКИ 57
Лепрозен (втор дел) 57
Петре ДИМОВСКИ 63
Лулешка од виножито 63
Стефан МАРКОВСКИ 68
Нешто како копнеж 68

ДРАМА

Владимир КОСТОВ 75
Грешка 75
Трајче КАЦАРОВ 80
Примка 80
Елизабета ЈОНЧИЌ 97
Предновогодишна шумска случка (Пиеса за деца извадок) 97

СОГЛЕДБИ

Кристина НИКОЛОВСКА 103
РАКОПИС НА НАШИТЕ НЕБА: кон „*Глочка школка*“ 103
од Борче Панов 103
Гордана СТОЈАНОСКА 112
Стиховна равенка на животот: кон „Математичка поезија“ од Даниела Андоновска-Трајковска 112
Валентина ТРАЈАНОВСКА 118
Како да се сфати пораката на „бесмислените, беспредметни раскази“ и како тие да ѝ се приближат на младата читателска публика?: *Раслојување на расказот „Расипан часовник“ од Ѓорѓи Крстевски* 118

Златко ЖОГЛЕВ 125
Повторно окованиот Прометеј и неговото будење.....125
Мирјана СТОЈАНОВСКА.....132
Лентата од ветар како посебна нитна на моќта на поетскиот израз: (Осврт кон книгата „Лента од ветар“ од Ружица Циндори) 132

КНИЖЕВЕН МОЗАИК

Жоел ВЕРНЕ, ФРАНЦИЈА (Joel VERNET, FRANCE) 137
1. 137
Емилио ПАЗ, ПЕРУ (Emilio PAZ, PERU).....139
Меланхолија 139
Џорџ ВАЛАС, САД (George WALLAS, USA) 141
Колку што знаеме ова е рај 141
Константин СЕВЕРИН, РОМАНИЈА 142
Френсис Бекон 142
Су ЖУ, НОВ ЗЕЛАНД (Sue ZHU, NEW ZEALAND) 144
Непознатиот крај.....144
Ана КЕИКО, КИНА (Ana KEIKO, CHINA) 146
Што е сторено сторено е 146
Менке КАЦ, ЛИТВАНИЈА – САД (Menke KATZ, LITHUANIA – USA) 147
За смртта на детето старо еден ден 147
Жермен ДРОГЕНБРОТ, БЕЛГИЈА-ШПАНИЈА (Germain DROOGENBRODT, BELGIUM – SPAIN).....148
Сѐ се менува, сѐ останува.....148
Хуан ЖИЛ-АЛБЕРТ, ШПАНИЈА (Juan GIL-ALBERT, SPAIN) 149
Атоми 149
Чо БИЈУНГВА, КОРЕЈА (Cho BYUNG-HWA, KOREA).....150
Ден и ноќ 150
Франциско БРИНЕС, ШПАНИЈА (Francisco BRINES, SPAIN) 151
ЕЛКА И МОНТГО.....151
Касмиро ДЕ БРИТО, ШПАНИЈА (Casmiro DE BRITO, SPAIN) 152

Без наслов 152
Марија НИВЕА ЗАГАРЕЛА, СИЦИЛИЈА (Maria NIVEA ZAGARELLA, SICILIA) 153
Дај ми глас на одметник, о Боже 153
Сигурдур ПАЛСОН, ИСЛАНД (Sigurdur PÁLSSON, ICELAND) 154
Небото 154
Џао ЛИОНГ, КИНА (Zhao LIHONG, CHINA) 155
Еднаш 155
Камина НАВИЈА ВЕЛАСКО, КОЛУМБИЈА (Camiña NAVIA VELASCO, COLOMBIA) 156
Светло во далечината 156
Евгенио МОНТЕХО, ВЕНЕЦУЕЛА (Eugenio MONTEJO, VENEZUELA) 157
Поезија 157
Жермен ДРОГЕНБРОТ, ШПАНИЈА - БЕЛГИЈА (Germain DROOGENBRODT, SPAIN-BELGIUM) 158
Што е скриено останува скриено 158
Надја АЊУМАН, АВГАНИСТАН (Nadia ANJUMAN AFGHANISTAN) 159
Немам желба уста да отворам 159
Ирван АБУ БАКАР, МАЛЕЗИЈА (Irwan ABU BAKAR, MALAYSIA) 161
Ја скинав розата 161
Наталија ФЕРНАНДЕЗ ДИЈАЗ-КАБАЛ, ШПАНИЈА (Natalia FERNÁNDEZ DIAZ-CABAL, SPAIN) 162
Хетеродоксиите на Егејското Море 162
Сара КИРШ, ГЕРМАНИЈА (Sarah KIRSCH, GERMANY) 163
На лето 163
Маргарет САЈН, ГЕРМАНИЈА (Margaret SAINE, GERMANY) 164
Географија 164
Камала ДАС, ИНДИЈА (Kamala DAS, INDIA) 165
Зборови 165
Жермен ДРОГЕНБРОТ, БЕЛГИЈА – ШПАНИЈА (Germain DROOGENBRODT, BELGIUM – SPAIN) 166

Tous les matins du monde… 166
Игет БЕРТРАНД, КАНАДА (Huguette BERTRAND, CANADA) 167
Ноќна сцена 167
Аријан ЛЕКА, АЛБАНИЈА (Arian LEKA, ALBANIA) 168
Олово бакар злато восок 168
Малгожата ЖУРЕЦКА, Полска (MAŁGORZATA ŻURECKA, POLAND) 170
Крилја од пеперутка 170
Мирослав ГРУЏЕЊ, ПОЛСКА (Miroslaw GRUDZIEŃ, POLAND) 172
Бистро 172
Глорјана ВЕБЕР, СЛОВЕНИЈА.....174
Во близина на песната.....174
Бреда СЛАВИНЕЦ (СЛОВЕНИЈА) 176
Јасминово лето 176
Радомир ВИДЕНОВИЌ, СРБИЈА 178
Песни.....178
Мањола НАСИ, АЛБАНИЈА (Manjola NASI, ALBANIA).....183
Велосипед 183
Гордана СРЕЧКОВИЌ, ЦРНА ГОРА 185
Фатаморгана 185
Иван ШПАЊИЌ, ХРВАТСКА (Ivan SHPANJIC, CROATIA) 187
Животот е стара песна.....187
Нилавро Нил ШУВРО, ИНДИЈА (Nilavro Nil SHOOVRO, INDIA) 189
Со тешко срце 189
Шикдар МОХАМЕД КИБРИЈА, БАНГЛАДЕШ (Shikdar MOHAMMED KIBRIAH, BANGLADESH) 191
Договор – 10 191
Глорија МИНДОК, САД (Gloria MINDOCK, USA) 193
Немој 193
Тарек САМИН, БАНГЛАДЕШ (Tareq Samin, BANGLADESH) 195
Животна врвица 195

РАСТ – Списание за книжевност, уметност и култура
бр. 24/ 2021

Издавач: Битолски книжевен круг – Битола
Ул. „Ленинова“ бб, 7000 Битоа
Жиро-сметка: 500000000616559
Даночен број: 4002008505311
Депонентна банка: Стопанска банка а.д. Битола
За издавачот
Елизабета Јончиќ, претседател

Лектор:
проф. д-р Трајко Огненовски

Компјутерска обработка и дизајн на корица:
Даниела Андоновска-Трајковска

Слика за корица:
Симонида Филипова Китановска

Печати:
„Ин Дизајн“ – Скопје

Тираж:
300 примероци
Битола, октомври 2021 г.

Прилозите се испраќаат на електронската адреса на списанието rastbkk@gmail.com со фонт Times New Roman со кирилична поддршка, големина 12 и единечен проред.

Првиот број на „РАСТ“ излезе од печат во 2001

ISSN 1409–9330 **УДК 82+7+008**